Универзитет „ Св.Кирил и Методиј„ - Скопје
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Институт за безбедност, одбрана и мир

Магистерски труд

# Причини за малолетнички криминал

## - Детерминанти на малолетничкиот криминал и неговата застапеност и состојба кај младите од 14-17 години во градот Скопје –

Изработи:
Николина Иваноска
3853/10

Ментор:
Проф. Д-р. Митко Котовчевски

Скопје, 2014

1. Вовед . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
1.1.Криминал . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
1.1.1.Видови на криминал . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1
1.1.3. Малолетник . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2
1.2. Поим и значење на деликвентно однесување и неговата поврзаност со малолетничкиот криминал. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3
1.3. Најчести деликти кај малолетните криминалци. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
2. Влијанието на интелигенцијата врз криминалитетот кај човекот . . . . . . . . . . . . . . 8
2.1. Општ поим за интелигенција . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 8
2.2. Поврзаноста на интелигенцијата со криминалитетот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11
2.2.3. Поврзаноста на нормалната и потпросечната интелигенција со криминалитетот . . . . . . . . . . 11
3. Влијанието на темпераментот врз појавата на деликвенција . . . . . . . . . . . . . . . 17
3.1. Општ поим за темперамент . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
3.2. Поврзаност на реакциите на темпераментот со криминалот . . . . . . . . . . . . . . . 19
4. Влијанието на карактерот врз криминалното однесување кај човекот. . . . . . . . . . 25
4.1. Општ поим за карактер . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25
4.2. Манифестирање на карактерот како особина на личноста . . . . . . . . . . . . . . . . 27
4.3. Карактерот како индиција за извршување на деликвентно дело . . . . . . . . . . . . 29
5. Теории позрзани со причините за појавата на криминално однесување . . . . . . . . 32
5.1. Ставот на Платон за појавата на деликвентно однесување (427 – 347 п.н.е.) . . . . . . 32
5.2. Аристотел (384 – 323 п.н.е) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
5.3. Когнитивен приод - Концепција на Пијаже . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
5.4. Терии на рационалистите . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
5.5. Ставови на емпиристите за појавата на деликвентно однесување . . . . . . . . . . . 34
5.5.3. Џон Лок (1688 - 1753) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
5.5.4. Дејвид Хјум (1711 - 1776) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
5.5.5. Томас Хобс (1588 - 1679) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 34
5.6. Теорија на неприлагоденост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
5.7. Теорија на фрустрација . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 36
5.8. Теорија на условеноста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
5.9. Психоаналитичка теорија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 38
5.9.1. Фројдовиот придонес за изучувањето на деликвентното однесување. . . . . . . . . . 38

5.9.2. Фројдови следбеници и противници кои со своите дела придонеле за развојот на теориите за појава на деликвентното однесување . . . 42
5.9.3. Психоаналитичка класификација на деликвентите . . . 44
5.10. Теоријата на притисок на Мертон . . . 46
5.11. Симболички интеракционизам . . . 48
5.12. Теорија на неутрализација . . . 48
5.13. Теорија на етикетирање . . . 49
6. Останати фактори кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал или се негова манифестација или доказ дека постои криминално однесување кај малолетниците . . . 50
6.1. Алкохолизам . . . 50
6.2. Наркоманија . . . 54
6.2.1. Видови дрога . . . 57
6.2.2. Социолошко-криминолошко сфаќање за појавата, ширењето и злоупотребата на дрога . . . 60
6.2.5. Општествени субјекти и остварувањето на превенцијата . . . 61
Семејство . . . 61
Образовни институции . . . 62
Медиумите и информирањето . . . 63
6.3. Проституција . . . 65
6.3.1. Видови на проститутки . . . 68
6.3.2. Проституцијата и криминалитетот . . . 69
6.3.3. Проституцијата и малолетничкиот криминал . . . 71
6.3.4.Проституцијата и социјалните болест . . . 73
6.4. Поим и видови хазардни игри . . . 74
6.4.1. Комар . . . 75
6.4.2. Игри на среќа (дозволена хазардна игра) . . . 78
6.5. Самоубиство . . . 80
6.5.1. Вовед . . . 80
6.5.2. Самоубиството како социјален и социопатолошки проблем . . . 81
6.5.3. Полот и самоубиствата . . . 81
6.5.4. Возраста и самоубиствата . . . 82
6.5.5. Националноста и самоубиствата . . . 82
6.5.6. Самоубиствата и брачната состојба . . . 83

6.5.7. Мотиви за самоубиство .................................................... 83
6.6. Влијанието на телесната конституција врз криминалното однесување на личноста ..........84
6.6.1. Кречмерови истражувања ................................................ 85
7. Релевантни истражувања......................................................... 86
7.1. Состојбите со малолетничката деликвенција во Република Македонија според официјали податоци од Министерството за внатрешни работи.............................................86
8. Резултати и методологија на истражувањето наменето за застапеноста и состојбите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал кај младите на возраст од 14 до 17 години во Скопје...........................................................................99
8.1. Метод ............................................................................. 99
8.1.1. Испитаници:.......................................................................99
8.1.2. Мерни инструменти:........................................................... 99
8.1.3. Варијабли во истражувањето ..........................................100
8.1.4. Индикатори во истражувањето ....................................... 100
8.2. Постапка:...........................................................................103
8.3. Резултати од истражувањето ...............................................104
9. Резиме и заклучок ........................................................... 165
10. Литература ................................................................... 181

# 1. Вовед

## 1.1. КРИМИНАЛ

Криминалот претставува постапка, чин, дело кое е казниво со закон. Тој е појава во оштеството која се манифестира со вршење на социјални дела за кои е предвидена одредена законска казна. Криминалот претставува класичен пример за општествена девијација. Тој ги содржи прекршувањата на позитивно-правните норми во општеството за кои следи одредена санкција. ***Сите оние акривности кои во одреден временски период загрозуваат некој поединец или одредена група на луѓе во матреална или морална смисла која им припаѓа на тие поединци како и на опшеството во целина, а кои важат за казнено-правни норми на одредена држава се активности на криминал.***[1]

### 1.1.1. Видови на криминал

- Најопшта класификација:

  а) Примарен – сите правосилно осудени извршители на кривично дело;

  б) Рецидивен – повторување на кривичното дело (кои можат да бидат општи и специјални)

- Поделба на криминалот според организираноста:

  а) Неорганизиран криминал – (ситуациони и некои полупрофесионални криминални дела);

  б) Полуорганизиран криминал

  в) Организиран криминал

- Видови на криминал според содржината:

  а) Имотен криминал – тој е најраспросранетиот вид на криминал и се состои од најразлични начини на доаѓање до матреални вредности како пари, хартии од вредност, злато, накит и други драгоцености.

[1] Joskovic. Z.; "Kriminologija maloletnickog prestupnistva" Nucna kniga-Beograd, 1991, стр. 35

б) Политички криминал

в) Сообраќаен криминал

г) Еколошки криминал

д) Електронски криминал

- Според возраста на оној кој го врши кривичното дело:

  а) Криминал извршен од страна на полнолетно лице

  б) Малолетнички криминал – криминал извршен од лице кое е малолетно, т.е. е помало од 18 години.

### 1.1.3. Малолетник

Од самото раѓање, па се до 18-тата година од животот, човековото битие поминува низ најзначајниот процес на оформување на личноста. Овој период е клучен за човекот за да се развие во еден здрав анатомско-биолошки човечки организам, во здрава личност во ментално-психолошката свера, во здрава личност во социјален контекст и во здрава личност која е подготвена да ја сфати суштината на животот. Во овој период малолетникот во најголем број од случаите живее со родителите/старателите, во училиштето и непосредната социјална средина – улицата, населбата итн. Во овие средини, целиот тој период, на организиран начин и спонтано човекот се развива и се изградува во индивидуа – граѓанин кој се стекнува со права, должности и одговорности спрема општеството и државата.

Според нашите прописи со поимот малолетник, од аспект на неговата одговорност за сторено казниво дело се опфаќаат следниве возрасти: до навршени 14 години - *дете*, со наполенти 14, а не наполнети 16 – *помлад малолетник*, со наполнети 16 а не наполнети 18 – *постар малолетник*.

1.2. Поим и значење на деликвентно однесување и неговата поврзаност со малолетничкиот криминал.

Дефинирањето на деликвентното однесување ги опфаќа противправни казниви дела кои се одредени со Кривичниот законик со Законот за прекршоци и со други закони од националната држава. Во Република Македонија под *деликти* се подразбираат *кривичните дела и прекршоците*. Деликти што се извршени од лица кои се помлади од 18 години, всушност претставуваат малолетнички криминал. Малолетничкиот криминал како посебна општествено негативна појава претставува сериозен општествен проблем со кој денес се судираат, сите земји во светот. Тежината на проблемот произлегува од обемот, структурата и динамиката на кривичните дела што ги вршат малолетниците како и од тоа дека се работи за млади лица кои со своето деликвентно однесување во голем број продолжуваат и како полнолетни, возрасни луѓе.

Овој труд ги опфаќа **дефинирањето на основните поими на појавите поврзани со малолетничкиот криминал, теоретскиот приказ на факторите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал како и состојбите кои се јавуваат при присуството на криминалното однесување: училишен успех, став кон економската состојба во семејството, насилство и тепачки, носење оружје, психички растројства (депресија и анксиозност), блискост со пријатели, припадност во средина, пушење (на колку години се пробала првата цигара, колку пуши, дали купува цигари итн.), алкохол (количина на конзумирање, кога за прв пат пробал итн.), дрога (застапеност на дрога во училиштата, употреба на дрога колку и кога), посета на кладилници и казина, крадење, проституција, како и состојбата на овие фактори и нивната застапеност кај младите од 14 до 17 години во градот Скопје. Секако, во овој труд е опфатена и прогнозата за иднината на младите во Скопје и можноста за нивната иднина поврзана со криминалноста.**

Во истражувањето кое е вклучено во овој труд главен проблем е

*Колкава е застапеноста на факторите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал кај малолетниците во Скопје?*

*Колкава и каква е разликата на појавата на овие фактори помеѓу машката и женската малолетна популација во градот Скопје?*

Носечката **хипотеза** во истражувањето е:

1. Кај младите во Скопје постои висока застапеност на факторите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал како училишен успех, став кон економската состојба во семејството, насилство и тепачки, носење оружје, психички растројства (депресија и анксиозност), блискост со пријатели, припадност во средина, пушење (на колку години се пробала првата цигара, колку пуши, дали купува цигари итн.), алкохол (количина на конзумирање, кога за прв пат пробал итн.), дрога (застапеност на дрога во училиштата, употреба на дрога колку и кога), посета на кладилници и казина, крадење, проституција[2].

Посебните хипотези кои ќе бидат одговори на проблемите во истражувањрто се следниве:

1.1 ) Со намалување на училишниот успех кај учениците од машки и женски пол на возраст од 14 до 17 години во Скопје, се зголемува можноста за појава на малолетнички криминал.

1.2. ) Со зголемување на сиромаштијата во семејствата во кои живеат малолетниците, се зголемува и појавата на малолетнички криминал.

1.3. ) Ако родителите на малолетникот се разведени (или живее без родители), тогаш малолетникот има поголеми шанси да стори криминално дело за разлика од оној малолетник кој живее со двајцата родители.

1.4. ) Со зголемувањето на бројот на физички напади помеѓу малолетниците во Скопје, се зголемува и можноста за правење на криминално дело кај малолетниците учесници во истата.

---

[2] Се разбира, во резултатите од истражувањто се опишани и разработени сите фактори одделно.

1.5. ) Ако малолетниците во Скопје на возраст од 14 до 17 години носат оружје со себе, тогаш се зголемува и бројот на малолетници кои вршат кривично дело.

1.6. ) Со зголемување на бројот на пушачи помеѓу малолетниците се зголемува и можноста за појава на малолетнички криминал.

1.7. ) Ако се зголемува бројот на малолетници кои конзумираат алкохол, тогаш се зголемува и бројот на малолетни криминалци.

1.8. ) Ако се зголемува бројот на испиени пијалоци кај малолетниците во текот на едно излегување, тогаш се зголемува и бројот на направени кривични дела од страна на малолетниците.

1.9. ) Малолетниците кои користат дрога прават криминално дело за разлика од оние малолетници кои не користат дрога.

1.10. ) Малолетниците кои посетуваат обложувалници прават кривично дело за разлика од оние малолетници кои не посетуваат обложувалници.

1.11. ) Ако малолетникот би украл одредена сума на пари во некоја животна ситуација, тогаш тој е повеќе склон да изврши одредено кривично дела за разлика од оној малолетник кој не би украл одредена сума на пари во некоја животна ситуација.

1.12. ) Малолетниците на кои им било платено (во пари, пијачки или дуги благодети) да имаат сексуален однос со некоја особа прават криминално дело за разлика од оние малолетници кои не им било платено да имаат сексуален однос.

### 1.2.1. Дефинирање на малолетничкиот криминал

Во самото определување на поимот малолетнички криминал, владее големо шаренило кое денес може да се види од бројни термини што за означување на истата суштина се срекаваат како во криминолошката така и во кривично-правната теорија воопшто. Така покрај за нас најприфатливиот израз малолетничка деликвенција ова криминолошко однесување се означува и како: малолетнички криминал, малолетничко престапништво, воспитна-запуштеност; и сл.

Ни носителите на овие поведенија, не се поштедени од најразлични називи како што се: криминалци, деликвенти, воспитно-запуштени малолетници, хулигани, морално пропаднати малолетници и сл. Притоа и овде како и кај определувањето на поимот криминалитет се оди во премногу екстензивно толкување на овој поим. Во таа смисла е срочена и дефиницијата на Јошовиќ кој вели дека *" Престапништото поведение на младите е секое поведение на поединец или на група на младите кое е противопштествено, односно општествено неприфатливо т.е. се кое се кршат правните и моралните норми на определено општесво и кои,кога тоа е општествено видливо предизвикуваат спонтано или организирано општествено реагирање со намера да се заштитат општествените добра и вредности како и самите актери на тоа поведение".*[3] Ваквото широко сфаќање се заснова на проширувањето на поимот малолетничка деликвенција на сите девијации во поведението на младите луѓе како што се : социјална неприлагоденост во најширока смисла на зборот, скитање, пушење на училиште, бегање од семејството од училиште и сл. поведенија кои често излегуваат од рамки на законските лимитации како и оние активности кои се инкриминирани со нормите на материјалното кривично законодавство. Во рамки на овој концепт се среќава и поделбата на социјално неприлагодени младинци на предделиквенти и деликвенти која во основ се базира на законска лимитација.

## 1.3. Најчести деликти кај малолетните криминалци

Сите научни дисциплини кои се занимаваат со малолетничката деликвенција имаат ист став, дека малолетничката деликвенција значајно се разликува од деликвенцијата кај возрасните. Малолетничкиот криминалитет видно е застапен во вкупниот криминалитет. Во современите движења се воочува се поголем процент на малолетнички криминалитет

[3] Нелко Стојановски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 2002, стр. 46

кој се разликува од земја во земја. Во поединечни облици на криминалитетот, уделот на малолетничката деликвенција е нееднаков. Најчести деликти кои ги вршат младите се : имотни (спаѓаат сите видови на кражби и други облици на незаконско присвојување на туѓи работи), деликти против животот и телото (крвни деликти, повреда на телесното здравје, тешки и лесни телесни повреди, и други извршени деликти каде се применува сила.[4]), сексуални деликти, сообраќајни деликти и останати.[5] Овој труд ја опфаќа анализата на етиолошките општествени услови кои доведуваат до појава на малолетнички криминал.

[4] Joskovic. Z.: "Kriminologija maloletnickog prestupnistva" Nucna kniga-Beograd, 1991, стр. 123
[5] Joskovic. Z.; "Kriminologija maloletnickog prestupnistva" Nucna kniga-Beograd, 1991, стр. 124

# 2. Влијанието на интелигенцијата врз криминалитетот кај човекот

## 2.1. Општ поим за интелигенција

Интелигенцијата како општа особина претставува значајна сфера во душевниот живот на човекот затоа што го манифестира своето дејство во сите аспекти од неговиот живот, па и во појавата на криминално однесување. Влијанието на интелигенцијата во криминалитетот т.е. кај криминалните активности се манифестира на посебен начин откако предходно ќе бидат воспоставени некои негативни психо-социјални услови. Но, интелигенцијата претставува и значаен фактор во општиот нормален развиток на личноста. Поради тоа, од интелигенцијата во голема мера зависи и успехот на работата што ја обавува човекот, снаоѓањето во животот, проценувањето на ситуациите и проблемите. Со интелигенцијата на човекот се поврзани и интересите, ставовиве, мотивите како и други личносни карактеристики. Оттаму се смета дека интелигенцијата има огромно влијание и врз појавата на криминално однесување кај човекот.

Постојат разни дефиниции преку кои се објаснува поимот на интелигенцијата. Едни ја дефинираат како **способност да се научи нешто ново и дотогаш непознато, други како способност за формирање на апстрактни појави, трети како способност за решавање на проблеми и снаоѓање во нови ситуации потпирајќи се на мислењето** итн. [6]

Поголем број психолози мислат дека интелигенцијата се наследува. Дека и тоа е точно зборуваат податоците добиени преку истражувањата. Се дознава дека постои усогласеност т.е. се добиваат приближно исти резултати кај паровите близнаци, родителите и децата, а и помеѓу самите браќа и сестри кои не се близнаци и не се од ист пол.

Интелигенцијата го завршува својот развој околу 20-тата година од животот (некои афтори сметаат дека развојот трае до 25-тата година), а потоа опаѓа. Тоа опаѓање оди многу бавно до педесеттите години, а потоа е позабрзано. И покрај опаѓањето на интелигенцијата во подоцнежните години, незначи дека секој млад човек е поинтелигентен од постариот. Постојат големи индивидуални разлики во степенот на

[6] Во литературата најмногу се сретнува последната дефиниција

интелигенцијата кај луѓето, а и разлики во степенот на нејзиното опаѓање. Тоа овозможува некои помлади луѓе да имаат понизок степен на интелигенција од постарите. Од друга страна, постарите успехот во работата не го постигнуваат само преку интелигенцијата, туку и преку искуството, критичноста и самокритичноста во работата, систематичноста и доследноста. Тргнувајќи од овие особини на манифестирање на интелигенцијата, среќаваме многу постари луѓе кои обавуваат доста сложени работи: научни работи, стручни работи итн.

За утврдување на интелектуалната способност постојат посебни тестови: Равенови Прогресивни матрици, Векслер Белви скала и др. Постои и посебен метод за утврдување на количникот на интелигенцијата на испитаникот. Тој метод се применува откако испитаникот ќе го реши зададениот тест т.е. по сумирање на резултатите. Тоа значи дека степенот на интелигенцијата кај луѓето може да се прикажува и нумерички т.е. преку броеви. За секој тест, на пример за возрасните и за младите, утврдени се норми по извршеното тестирање на повеќе илјади индивидуи. Тие се резултат на успехот што го постигнале предходно испитаните лица на истиот тест, групирани по години на старост, образование и според некои други особини. На тој начин сумираните резултати што ги постигнал испитаникот ги споредуваме со нормите. Во нашата држава Република Македонија постои стандардизиран тест за пресметување на коефициентот на интелигенција – ВИТИМ[7].

На горе изнесениот начин се утврдува дали лицето постигнало: просек, натпросек, потпросек или некој друг степен на интелигенција.

Од повеќе причини нема да се впуштаме понатаму во оваа проблематика, но ќе ги наведеме категориите на луѓе по степенот на интелигенција според проучувањата на Мерил, М. (1938) и Терман, М. Врз основа на голем број испитани американски деца. Оваа скала е проверувана од повеќе автори и призната скоро во целиот свет. [8]

[7] Векслеров тест на *интелигенција* за македонска популација
[8] Рот, Н.: Психологија личности, Београд, 1972, стр. 68

| | |
|---|---|
| Над 140 | Многу висока интелигенција |
| 120 до 139 | Висока интелигенција |
| 110 до 119 | Натпросечна интелигенција |
| 90 до 109 | Просечна интелигенција |
| 80 до 89 | Малку под просек |
| 70 до 79 | Ниска интелигенција (интелектуално тапи - гранични) |
| 50 до 69 | Заостаната интелигенција (дебили) |
| 20 до 50 | Имбецили |
| Под 20 | Идиоти |

Рот наведува дека поединците кои покажуваат количник на интелигенција под 70, кои спаѓаат во дебилите или мороните, имбецилите или идиотите, се сметаат за умно заостанати личности. Нив ги има околу 3 % во населението на земјата.

Карактеристично за лицата со дебилен умен количник е тоа што нивната ментална возраст кога ќе пораснат ќе остане на ниво на деца со старост од 8 – 12 години. Имбецилите кога ќе пораснат постигнуваат ментална доба на деца од 3 – 7 години. Оттаму тие и неможат да посетуваат училишта во кои учат деца со нормална интелигенција, туку учат во специјални училишта, во кои едвај се описменуваат и научуваат некои основни работи за општеството. Идиотите немаат способност да одат на училиште и да учат. Нивната ментална возраст кога ќе пораснат изнесува само до три години од менталната возраст на нормално дете.[9]

Постојат и некои истражувања во врска со структурата на интелигенцијата. Така, англискиот психолог Спирман Чарлс (1904) во своите истражувања пронашол дека за успешно одвивање на работата постојат два вида на способности. Општа интелектуална способност, која ја означува со буквата (Г), а која му служи на човекот да се снајде во

[9] Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Beograd, 1972, стр. 74

средината во која живее и да опстане. Општата интелигенција всушност не му дава на човекот стручна квалификација за некоја професија, но му овозможува полесно да ја стекне квалификацијата. Оттука, општата интелектуална способност учевствува во сите активности што човекот ги обавува. Другата способност е специфичната интелектуална способност кај човекот, која Спирман ја означува со буквата (С). Оваа способност му служи на човекот да се истакне или снајде во некои дејности, на пример, математика, вербално изразување или уметност. [10]

Американскиот психолог Терсон Лииз (1944) во своите истражувања преку факторска анализа докажува дека решавањето на разни проблеми зависи од посебните интелектуални фактори или способности. Факторите или способностите што учевствуваат во изведувањето на некоја работа ги има седум: *горделивост*, која ја означува со (ВВ), *разбирање на говорот* (В), *нумерички фактор* или способност за снаоѓање со сметачки операции (Н), *замислување на односи во просторот* (С), *факторот на меморијата* или способноста на помнење (М), *фактор на перцепирањето* (П) и *фактор на заклучувањето* или изненадувањето на општи принципи при решавањето на проблемите (Р). [11]

## 2.2. Поврзаноста на интелигенцијата со криминалитетот

### 2.2.3. Поврзаноста на нормалната и потпросечната интелигенција со криминалитетот

Во литературата постојат разни сфаќања околу прашањето на поврзаноста на интелигенцијата со криминалитетот. Тие се движат од такви дека интелигенцијата неможе да се доведе во врска со криминалитетот, па се до сваќања кои го истакнуваат нејзиното огромно значење за појава на криминално однесување. Притоа се тргало од научните истражувања од областа на интелигенцијата и нејзината поврзаност со деликвенцијата.

[10] Spearman Charles: The American Journal of Psychology 1904, стр. 174
[11] Thurston Louis: Multiple Factor analysis, 1944, стр. 35

Порано постоело сфаќање дека колку е пониско нивото на интелигенцијата толку е поголема можноста за деликвентно однесување на личноста. Тргнувајќи од ова сфаќање за олигофрените се мислено дека секое лице со таква состојба е потенцијален деликвент. Се наведува дека лицата со ниска интелигенција не се способни за конформирање и почитување на важните норми што постојат во опшеството, односно дека се ограничени со логичкото размислување и одлучување. Исто така се мислело дека овие лица се и етички сиромашни, заради тоа што лесно можат да бидат вовлечени во криминално однесување, а заради истиот фактор тешко можат и да се одвикнат. Оттаму се заклучува дека деликвентите имаат во просек пониско ниво на интелигенција од лицата кои не пројавуваат деликвентно однесување. Ова сфаќање најмногу е застапено кај германскиот афтор Вилсон (1926) но вакви сфаќања се појавуваат и кај некои истражувачи во Америка. Така на пример, Корн, Р. И МцКоркле, Л. (1964), проучувајќи ја поврзаноста на интелигенцијата со деликвентното однесување истакнуваат дека лицата со деликвентно однесување во просек имаат понизок коефициент на интелегинција во однос на оние кои немаат пројавено деликвентно однесување. [12]

Подоцнежните истражувања, особено оние вршени од посовремени американски истражувачи, не и придаваат на интелигенцијата исклучителна важност за криминалното однесување, иако таа и понатаму во некои научни кругови се третирала како важен фактор за криминалот, а особено кај малолетните криминалци. Јохансон, Е. (1974) истакнува дека американските студии направени од страна на Сутхерланд, Е. и Годдард, покажале дека нивото на интелигенција е речиси исто кај деликвентната популација споредено со неделиквентната. Корн, Р. И МцКоркле, Л. (1964) истакнуваат дека истражувањата на Адлер и Врхингтон трвдат дека просечната интелигенција на деликвентите во затворите во државата Илиноис (САД) била дури поголема отколку интелигенцијата на војниците и офицерите на крајот на Првата Светска Војна. Истите артори Корн, Р. И МцКоркле, Л. (1964), одат толку далеку што наведуваат дека не треба воопшто да зборуваме за поврзаноста на интелигенцијата со деликвенцијата. Интелигенцијата е поврзана со сите фактори на однесувањето, дозволени и недозволени, т.е.позитивно или негативно. Оттука

---

[12] Korn, R. I McCorkle, L.: Criminology and Penologu, New York – London, 1969, стр. 146

при етиолошкото објаснување на деликвенцијата не би требало да се поаѓа само од интелигенцијата.

Како и да е, можеме да заклучиме дека значењето на интелигенцијата за деликвентното однесување кај луѓето е доста големо и дека се манифестира на различни начини. Овој заклучок е поткрепен и со факти. Еден од фактите е и тој дека во групите на деликвенти се наогаат сторители кои имаат различно ниво на интелигеција.

Милутиновиќ, М. (1981) имајќи ги впредвид сите предходни истражувања во врска со поврзаноста и неповрзаноста на деликвентноста и интелигенцијата дава свое мислење. Тој наведува дека може да се зборува за конкретни врски помеѓу интелигенцијата и криминалитетот кај одредени старосни категории, на пример кај малолетниците. Не е мал бројот на емпириски истражувања како и на личните искуства, наведува овој афтор, кои што покажуваат дека е можно да се утврди врската помеѓу степенот на интелигенција и криминалното однесување, како и видот на кривичните дела. На пример, кај благо развиените форми на интелектуална заостанатост лицата се склони да вршат силувања, додека интелектуално поразвиените вршат фалсификати и берзански малверзации, или раководат со групи и банди преку кои организираат криминални дејства. Милутиновоќ, М. Исто така наведува некои истражувања кои покажуваат дека интелигентните лицаповеќе ги прифаќаат социјалните норми на однесување и полесно се прилагодуваат од лицата со ниско ниво на интелигенција, а деликвентните манифестираат во помала форма критичност и самокритичност и послабо ги прифаќаат принципите на социјализацијата. Освен тоа деликвентните се помалку отпорни на фрустрација.

Neumeyer, M. (1955) наведува дека емпириските истражувања покажуваат дека постои поврзаност помеѓу степенот на интелигенција и одредени видови на криминалитет. Така лицата со повисока интелигенција се склони кон вршење: фалсификати, берзански малверзации, провали итн., а лицата со пониско ниво на интелигенција се склони кон: силувања, разни нереди и соучесништво во кривични дела. Лицата со повисока интелигенција од просекот се одликуваат со организаторски способности – како да се изврши криминалното дело, кои се последиците од него, како да се изврши повлекувањето

итн. Организаторите на злосторствата, водачите на подземните банди, главите на мафиите, имаат многу високо ниво на интелигенција.[13]

Јевтиќ, Д. (1955) наведува "ако се појде оттаму дека интелигенцијата е поврзана со високите морални, естетски и социјални чувства, а тие не се развиени во доволна мера, постои можност и интелигентните лица да се инкриминираат во текот на животот."[14]

Јосифовски, Д. (1988) наведува дека кога просечната и натпросечната интелигенција не е правилно насочувана кон нормално емоционално и општествено созревање, води кон појава на деликвентно однесување.[15]

Путник, Д. наведува дека ако интелигенцијата кај личноста во текот на развојот не се вклопи со неговите позитивни карактерни особини, интелигентните луѓе формираат особини на: лукавост, препреденост, подмуклост, особини кои се стекнуваат кај хохштаплерите, измамниците, кај кои асоцијациите се надоврзуваат без критичко размислување во моментот на извршување на некое кривично дело.[16]

Бурк, К. (1961) наведува дека разликата помеѓу интелигентниот и неинтелигентниот криминалец е во тоа што интелигентниот знае да се служи со својата интелигенција т.е. во процесот на вршење на криминални дела тој е лукав. Неинтелигентниот криминалец го врши криминалот преку една постојана утврдена шема поради која и бива брзо откриван по начинот на крадењето.[17]

Нимер, М. (1955) наведува: резултатите од истражувањето покажуваат дека организаторите на злосторството, водителите на подземните банди таканаречени "криминалци во бели марами" поседуваат високо ниво на интелигенција, затоа што функцијата што ја застапуваат од нив бара поголеми вештини и снаоѓања околу организирањето на криминалот.[18]

---

[13] Neumeyer, M.: Juvenile Delinquency in modern Society, New York, 1955, стр. 24
[14] Jevtic, D.: Kriminalisticka psihopatologija, Beograd, 1959, стр. 128
[15] Јосифовски, Д. Влијанието на социјалната зрелост врз девијантното однесување во сообраќајот и надвор од сообраќајот, кај возачите: професионалци, аматери и мопедисти. Докторска дисертација, Љубљана, 1988, стр. 214
[16] Putnik, D.: Osnovi psihologije, Beograd, 1980, стр. 65
[17] Burt, C.: The Young Delinquent, University of London, Press LTD, 1961, стр. 49
[18] Neumeyer, M.: Juvenile Delinquency in modern Society, New York, 1955 стр. 94

Од сето горе изнесено се гледа дека и луѓето со просечна и натпросечна интелигенција можат да бидат мотивирани за деликвентно однесување, а самата интелигенција може да им послужи како мотив или да им помогне во изборот на начинот на извршување на кривичното дело. Интелигенцијата може да биде индиректен фактор за деликвентно однесување ако неправилно се насочува во развојниот период на детето и да се стимулира стекнувањето на социјално непожелни особини.

Голем е бројот на истражувачите кои ја истражувале и врската на потпросечната интелигенција со криминалот. Во лицата со потпросечно ниво на интелигенција спаѓаат оние чии количник се движи во границите од 80 до 89 и оние со ниско ниво на интелигенција со количник од 70 до 79 и се нарекуваат интелектуално тапи. И едните и другите, иако имаат ниско IQ, се сметаат за пресметливи, освен ако не боледуваат од некои нервни или психички болести и пореметувања или ако не се зависници од дрога, алкохол итн. Поаѓајќи од тоа дека овие деца имаат и психолошки способности да следат настава, тие се школуваат во редовните училишта. Лицата кои достигнуваат IQ помеѓу 75 и 85, иако се сметаат за гранични случаи спрема законските прописи за школување се запишуваат во средните училишта како и сите други ученици со повисока интелектуална способност од нив. Но за потпросечните кои спаѓаат во овој обем, школувањето е доста отежнато затоа што не поседуваат доволно ниво на интелигенција и логичка способност да го дофатат градивото што им се предава. Училиштата, иако се судираат со овој проблем, немаат посебни наставни програми прилагодени за овие ученици. Познато е дека и кај оваа група, со IQ 75-85, од нивната интелектуална способност ќе зависи како кај нив ќе бидат развиени и некои други личносни карактеристики: интелектуална, емоционална и социјална зрелост. Од овие карактеристики пак ќе зависи како ќе се формираат и естетските, социјалните и моралните чувства. Фрустрациите што овие деца ги трпат поради слабиот успех во училиште и неформираните морални и социјални особини кои ја намалуваат можноста за нормална адаптација во средината, често ги доведува до состојба да покажуваат девијации во школувањето, како и во личниот и службениот однос со нивните другарчиња и нивните претпоставени. Поради ова голем број од нив го напуштаат училиштето без да се здобијат со некаков вид на општо или стручно образование. Тоа секако им ја смалува можноста за да се вклопат во било каква

општествена дејност. Заради нивната општествена “отфрленост”, овие лица често и не се информирани за општествените правила и прописи што владеат во социјалната заедница. Бурт, К. наведува дека кај лицата со ниско ниво на интелигенција и интелектуална тапост во младите години понекогаш интелигенцијата не мора да претставува директен фактор за појава на деликвенција, туку образованието.[19]

[19] Burt, C.: The Young Delinquent, University of London, Press LTD, 1961, срт. 104

# 3. Влијанието на темпераментот врз појавата на деликвенција

## 3.1. Општ поим за темперамент

Темпераментот претставува предиспозиција на начин на емоционално реагирање. Кај некои луѓе емоциите се јавуваат лесно и брзо, кај други појавувањето на емоции крае кратко, кај трети подолго, кај четврти се појавуваат повеќе пријатни емоции и затоа се порасположени итн. Овој начин на реагирање на луѓето доаѓа оттаму што се разликуваат по својот темперамент. Според тоа, по темпераментот може да се одреди какво е прихолошкото својство на емоционалното реагирање кај личноста, во смисла на брзина, појавување и траење на емоцијата.

Различните видови на човековиот темперамент ги увидел грчкиот лекар и филозоф Хипокрит во V век пред нашата ера. Карактеристично за тоа време било тоа что се мислело дека однесувањето на луѓето зависи од преовладувањето на различни течности во организмот на човекот (жолчка, крв, црна жолчка и слуз). Поаѓајќи оттука, според старогрчките и латинските имиња на овие течности се одредувани и називите на одреден темперамент кај човекот. Колерик (старогрчко – холе - жолчка), меланхолик (меланхоле – црна жолчка), флегматик (флегна - слуз), сангвиник (латински – ангуис - крв). Оваа Хипократова поделба претрпела голем број дополнувања во текот на развојот на науката, но нејзината основа е иста до ден денес.



Колеричен темперамент

- Се манифестира со јаки чувства, брзо преминува во акција, со чести возбудувања. Посебна карактеристика на човек кој се одликува со колеричен темперамент е што брзо се лути, емоциите му се со голема јачина, ја манифестира својата лутина и заради тоа доаѓа до судир со други луѓе, што често завршува со деликт. Најкарактеристично за колеричниот темперамент е тоа што тој манифестира пребрзи и силни реакции.



Сангвистичен темперамент

Се карактеризира со брзи реакции, но со послаби чувства што не траат долго. Луѓето со сангвистичен темперамент брзо ги променуваат чувствата така што брзо преминуваат од состојба на расположение во состојба на нерасположение. Земено во целина сангвистикот е склон кон пријатно расположение. Најкарактеристично за овој темперамент се брзи и слаби реакции.



Флегматичен темперамент

Е со ретки и слаби чувства. Упорен е, не се возбудува лесно, надворешно малку ги изразува душевните состојби. Настроението не се менува брзо. Најкарактеристично за флегматичниот темперамент е што поседува слаби и бавни реакции.



Меланхоличен темперамент

Човекот со ваков темперамент реагира ретко, но го прави со силни чувства кои долго траат. Тој најмногу реагира на работи кои се поврзани со неговата личност. Тешко се одлучув, слабо е подвижен, но кај него преовладуваат непријатни чувства и загриженост. Најкарактеристично за овој темперамент е тоа што се манифестира со ретки, бавни и јаки чувства.

Рот, Н. наведува дека во врска со темпераментот се поставуваат некои прашања. Едно од нив е влијанието на наследството во манифестирање на темпераментот. Голем број автори особините на темпераментот ги сведуваат на наследноста и наведуваат дека темпераментот е одреден од организацијата, структурата на вегетативниот нервен систем и со нив поврзаниот ендокрин систем. Други автори пак покрај тоа што прифаќаат дека наследството игра битна улога за темпераментот, сметаат дека и условите во кои живее човекот имаат влијание врз формирањето на особините на темпераментот. Ова сваќање е

доста оправдано затоа што особините на темпераментот зависат од конкретните активности на човекот што се создаваат во средината. Поинакви активности на темпераментот ќе се манифестираар кај човекот, доколку се тие во склад со неговите мотиви, ставови, интереси и способности. Ако има активности што во моментот се битни и важни за човекот, неговата активност ќе биде поживa т.е. темпераментот ќе се манифестира на поинаков начин отколку кога човекот е присилен да работи не по своја желба и волја. Темпераментот, иако се темели врз наследните особини, во текот на животот се менува. До промена доаѓа, од една страна, поради тоа што со стареењето се менува физиолошкатаоснова на човекот т.е. вегетативниот и ендокриниот нервен систем, а од друга страна, и заради тоа што доаѓа до општо созревање на личноста, а заедно со тоа и емоционалната зрелост зазема повисоко ниво. Познато е и тоа, дека ако личноста се развива во подобри услови за живот, што овозможува сестран и складен развиток, ќе може да оствари повисока емоционална зрелост која ќе се манифестира во: толерантност, поголема самоконтрола и воздржаност.

Начинот на емоционално реагирање зависи и од тоа како се однесува околината према единката. Колку околината попријателски се однесува кон единката, толку и реакциите на еднинката ќе бидат пријателски према околината.

Втор фактор, според Рот, е поврзаноста на темпераментот со телесниот изглед на човекот. Одамна е утврдено дека врз основа на изгледот на телото може да се заклучи и за особините на темпераментот т.е.телесната конструкција ги одразува особините на темпераментот и личноста во целина. [20]

## 3.2. Поврзаност на реакциите на темпераментот со криминалот

Во литературата свое учење за влијанието на темпераментот врз деликвентното однесување кај човекот дава Јевтиќ, Д. (1955). Тој покрај тоа што ја прифаќа Хипократовата поделба, дава и поконкретни објаснувања за поврзаноста на реакциите на човекот со деликвентвното однесување, како последива на темпераментот. Јевтиќ според

[20] Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Beograd, 1972, стр. 42

темпераментот ги издвојува луѓето во: лица со брз, избувлив темперамент, лица со нечувствителен темперамент, лица со страшлив и тажен темперамент и лица со непостојан темперамент.[21]

- Лица со брз – избувлив темперамент

Лицата со брз – избувлив темперамент се одликуваат со живост и лесна раздразливост. Такви се лицата со колеричен и сангвистичен темперамент. Варијанти на манифестирање на овие темпераменти се следниве:

- *Лица со жив темперамент*

Овие лица се одликуваат со душевна подвиженост и лесно стапуваат во во врска со голем број луѓе, па дури и со криминалците.

- *Лица со весел темперамент*

Се одликуваат со тоа што манифестираат бурно расположение, често проткаено со хумор. Поради нивната веселост, друштвото радо ги прма. Настојуваат да работат повеќе работи истовремено, но поради презафатеноста не се во состојба да ги извршат сите на време, подари тоа што општеството во голема мера трпи штета. Оттука, често се повикуваат и на кривична одговорност.

- *Лица со возбудлив, раздразлив темперамент*

Овие лица се одликуваат со чувствителност, поради што лесно доаѓаат до интрапсихички реакции. Нивното однесување се препознава по возбудливоста, психомоторните појави, бледило или црвенило на лицето, треперењето на телото, загушеното дишење, изразена виличка мускулатура и тупаници. Кај лицата со возбудлив темперамент речиси секогаш постои непријатна внатрешна напрегнатост кон другите во околината. Од оваа внатрешна напрегнатост овие лица понекогаш мораат да се ослободат, па затоа и мал повод од страна може да ги наведе на агресивно однесување. Обично вакви расположенија имаат луѓе со колеричен темперамент. Поради ваквите акции овие лица се и често гонети. Раздразливоста на лицата со

[21] Jevtic, D.: Sudska psihologija, Beograd, 1959, стр.68

возбудлив темперамент не е насочена само кон едно лице туку кон сите лица во околината и тоа на различни начини: задевање, префрлување, манифестирање на бес и физичко задевање.

➢ *Лица со кавгаџиски темперамент*

Лицата со кавгаџиски темперамент во основа се раздразливи и со внатрешна психолошка напрегнатост, која се манифестира со судири и кавги било со поединци, било со претставници на разни општествени институции или колективи. Кавгите често преминуваат во физички пресметувања кои доведуваат до кривични дела.

➢ *Експлозивен, избувлив, непредвидлив темперамент*

Лицата со ваков темперамент се одликуваат со брзо празнење на афектите кога се надразнети однадвор, но и со брзо попуштање на афективната состојба. Кока се во експлозивна состојба, склони се да ги нарушат и семејните односи со физичко напаѓање на најблиските, како и односите во установите во кои што работат и на тој начин да извршат кривично дело. Голем дел од лицата со експлозивен темперамент се склони кон алкохол. Во тој момент кај нив уште повеќе доаѓа до израз насилничкото и агресивно однесување.

- Лица со нечувствителен темперамент

Овие лица се одликуваат со смиреност, непроменливост на расположението, ладнокрвност, рамнодушност, што е одлика на флегматичен темперамент. Во овој темперамент спаѓаат и следниве подгрупи:

➢ *Лица со рамнодушен темперамент*

Се одликуваат со сиромаштво и бавност на изразување на емоциите, што се гледа од моториката, тромоста и стрпливоста. Нивната рамнодушност се манифестира и преку пасивна мимика, така што оддаваат впечаток дека се мрзливи и кога се смеат и кога плачат. Ако лицата со нечувствителен темперамент уште се и полни, изгледаат како да се троми и несмасни т.е. куси и дебели, невешти и бавни. Нормални типови на флегматичари често среќаваме во околината, додека екстремни флегматични

темпераменти наоѓаме кај поголем број кретени. Понекогаш и рамнодушните нормални флегматичари кога полека се предизвикуваат на афект, поврзан со нивните лични, внатрешни и надворешни особини, можат да се налутат и да станат неочекувано брутални кон околината, вршејќи кривични дела.

➢ *Лица со тапи темпераменти*

Лицата со тап темперамент се невозбудливи и непривлечни за околината. Нивната немарност, негрижливост, млитавост, незаинтересираност (рамнодушност) создава впечаток како во нив ништо да не се случува. Поради тоа околината ги доживува како нешто туѓо т.е. како да не постојат. Таков темперамент обично поседуваат некои од дебилните личности. Иако се тие мирни луѓе (некомплицирани), понекогаш можат уште како да станат агресивни ако подолго време некој ги задева и навредува.

➢ *Лица со мрзлив темперамент*

Лицата со ваков темперамент немаат чувство за жалост и радост и со ништо неможат да се задоволат. Своите нерасположенија ги манифестираат преку мрморење, бладање и префрлување како на себе така и на другите. Нивниот внатрешен психички живот е бавен, а реакциите на надворешните психолошки доживувања троми и развлечени. Овие лица преку своите емоции манифестираат раздразливост и незадоволство и затоа се сметаат за личности со злобен темперамент, кај кои преовладува потполна затвореност и бегање од луѓето. Поради преголема пргавост, често се во судир со околината. Многу ретко се весели, но кога се весели хуморот им е полн со зајадливос и раздразливост. Ако покрај мрзливоста кај овие луѓе постои и страв, наликуваат на психопатски личности, кои ќе се измачуваат себеси и околината.

➢ *Лица со празнодушен темперамент*

Тие се доста непријатни, поради тоа што нивното расположение е непроменливо и нечувствително за било какви промени во животот. Оттаму

тие се недостапни на околината. Празнодушен темперамент можат да имаат и лица кои боледуваат од шизофренија. И овие лица кога ќе почувствуваат дека се лично загрозени, можат да бидат обземени од страв или гнев и да предизвикаат разни брутални дела.

- Лица со страшлив и тажен темперамент

Во основа овие лица манифестираатплашливост и тага. Извор на вакво емоционално однесување е меланхоличниот темперамент. Видови на овој темперамент можат да бидат:

- *Лица со страшлив темперамент*

Реакциите на овој темперамент се појавуваат кога човекот ќе се почувствува загрозен од некои одредени сили или сили што имаат голема моќ. Оттаму стравот скоро секогаш се јавува кога е во прашање нашата животна егзистенција. Во такви моменти се јавува чувство дека ќе не снема, т.е. ќе завршиме со нашиот живот. Лицата со плашлив темперамент особено покажуваат емоции на страв кога стапуваат во борба со некоја надмоќна сила или во борба со непознат човек, како и во борба со голема толпа на луѓе. Овие чувства кај лицата со плашлив темперамент потекнуваат уште од детството. Со чувството на страв тесно е поврзана и несигурноста, што ги следи во текот на целиот живот.

- *Лица со фобичен темперамент*

Кај овие лица постои присилна плашливост, страв од душевни маки поради некоја обична случка, иако таа реално по својот карактер не ги загрозува. Постои разлика помеѓу лицата со страшлив и лицата со фобичен темперамент. Разликата се состои во тоа што страшливите во текот на целиот живот се обземени со страв и плашливост, додека кај фобичните стравот не го опфаќа целокупниот емоционален живот, туку е сосредотечен само на една област. Овие реакции најубаво се согледуваат при акциите, што ги наведуваат полицајците за совладување на вооружена насилничка група или банда, кои наликуваат на вистинска војна. Во такви услови плашливите полицајци не ќе можат да се снајдат, додека фобичарите можат да бидат

добри извршители на акција, но само доколку таа не се изведува ноќе, во вода или висина, бидејќи нивната фобија може да биде поврзана со некоја од овие три ситуации. Оттука за учевство во акции не треба да се избираат плашливи лица , затоа што можат да се повредат самите себе или соработниците, а причина за сето тоа да биде несовладаниот страв, што понекогаш за стеснува и свеста. Фобичарите од истите причини треба да се водат само на акции кои им одговараат.

➤ *Лица со тажен темперамент*

Изворот на тажни емоции е меланхоличниот темперамент. Меланхоличарите, депресијата ја чувствуваат во сегашноста и во иднината. Тие ги проценуваат тешкотиите, а ги потценуваат своите способности и особини. Меланхоличарите се несигурн во себе. Поради тоа тие често "бараат" некои "лоши" мименти, кои ќе им го загрозат животот. Ваквиот темперамент понекогаш придонесува да станат и жртви. Лицата со меланхолочен темперамент се чувствителни и затоа средината може да ги повреди нивните чувства. Оттука, овие лица можат да бидат и непредвидливо агресивни. Лицата со тажен темперамент често манифестираат депресија. Нивната надворешност оддава впечаток дека се тивки, воздржани, замислени, бавни и песимисти, но на момент тие можат да бидат и опасни за околината т.е. во таква состојба мал повод може да ги предизвика на акција. Склони се на деликти од типот на самоубиства, но често можат да бидат непресметниви не само кон себе, туку и кон луѓето од околината.

## 4. Влијанието на карактерот врз криминалното однесување кај човекот

### 4.1. Општ поим за карактер

Постојат повеќе дефиниции преку кои се одредува суштината на карактерот т.е. на карактерните особини. Може да се каже дека има толку дефиниции колку што научниците го третирале поимот на карактерот. Уште грчкиот филозоф Херодот рекол: "карактерот на човекот – тоа е неговата сsдбина". Ние за одредување на суштината на карактерот ќе се послужиме со дефиницијата на Рот, Н. (1963), која е сепак најприфатена во литературата. Овој автор наведува дека под поимот карактер се подразбира **интегралниот систем на особини, кои на поединицот, и покрај препреките, му овозможуваат да постапува на релативно доследен начин, пред се во однос на моралните принципи и сфаќањата во средината каде што живее.**[22]

Во манифестирањето на особините како што се доследноста, упорноста, енергичноста, со кои обично се означуваат карактерните особини, истовремено се вклучуваат и волевите и моралните особини. Оттука произлегува дека при манифестирањето на волевите особини, потребно е секогаш да се создаваат и некои карактерни особини, како што се несебичност и попуштање во односите со другите. Не може да се поседуваат карактерни особини на доследност, упорност, енергичност без волја спрема некои цели и намери, како и без морални особини. Рот, Н. (1972) наведува дека човекот за да манифестира карактерни особини (доследност, упорност, енергичност), треба редовно да се одрекува од некои свои тенденции и задоволување на некои себични мотиви во кои учевствува и волевата активност.

Лицеко кое има формирано позитивен карактер, секогаш полесно го наоѓа вистинското решение на проблемот т.е.полесно се снаоѓа при судирот на нагоните и темпераментот со интелектот. Исто така, лицата кои имаат формирано позитивен

[22] Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Beograd, 1972, стр. 58

карактер, многу потешко запаѓаат во инкриминирани состојби отколку лицата кои формирале негативен карактер.

Голем број истражувачи во светот се согласуваат со погоре изнесеното, наведувајќи дека преку карактерните особини на човекот се манифестираат неговите морални особини и принципи, како и моралните сфаќања на одредено општество. Тие како најпознати карактерни особини, позитивни или негативни, ги наведуваат: себичноста - несебичноста, скомноста - нескромноста, совесноста - несовесноста, доследноста - недоследноста, упорноста - неупорноста, енергичноста – нееннергичноста, чесноста – нечесноста итн.

Познато е и тоа дека нагоните кај човекот можат да бидат силни, слаби, колебливи и извитоперени, а со тоа да влијаат врз целокупниот состав на карактерот т.е. да даваат впечаток за карактер на перверзна личност. Слична е и ситуацијата со темпераментот т.е. емоциите и вољата на човекот. Ако се тие поизразени или ако е вољата на човекот повеќе во функција на нагоните, сите овие особини ќе влијаат врз општиот лик на карактерот на човекот. И интелигенцијата во голема мера влијае врз карактерот. Лицата со просечна интелигенција формираат поразвиени социјални и емоционални чувства т.е. зрелост. Оттаму тие се покомформистички расположени во средината и тешко запаѓаат со асоцијални и антисоцијални однесувања.

*Карактерот не се наследува, тој се стекнува во текот на животот, врз основа на предиспозициите. Најбитен фактор за формирање на карактерот е воспитанието, а потоа следат судирите во животот, навиките, потребите, стекнатото искуство, погледите на светот т.е. се она што ги изменува опитите и посебните услови за живот.*

Вистинскиот карактер на човекот се открива врз основа на тоа што човекот прави и сака. Со други зборови човековиот карактер се манифестира преку неговата волја, акција, остварувањето на неговите идеи, намери, планови, како и преку совладување на препреките при овие остварувања, а не преку неговите празни желби и неостварени планови.

Карактерен човек е оној кој знае што сака и секогаш има одредена цел, без да ја менува на секој час.

## 4.2. Манифестирање на карактерот како особина на личноста

Карактерот како особина на личноста се манифестира преку неколку варијанти.

- *Постојан, цврст и јак карактер*

Ваков карактер поседуваат лица кои имаат нормално развиени нагони, неизвитоперени, колеричен темперамент, просечен или натпросечен интелект и се волево активни секогаш правилно да ги ориентираат нагоните и емоциите. Човекот со цврст карактер е одлучен, енергичен, истраен, одмерен, доследен, смел, безгрижен, верен сам на себе и другите, отворен и искрен. Човек кој има јак карактер умее да владее со самиот себе т.е. со своите чувства. Тој е пристоен, доследен, храбар и активен.

- *Слаб карактер*

Ваков карактер поседуваат лица кои имаат слаби нагони, колебливи, меланхоличен или флегматичен темперамент, потпросечен или просечен интелект и слаба волја. Човекот со слаб карактер не е активен, не владее со самиот себе, е неодлучен, сугестибилен, поводлив и наговорлив. Лицата со ваков карактер лесно се склони и на криминално однесување.

- *Колеблив – непостојан карактер*

Ваков карактер манифестираат луѓе кои имаат слаби нагони, колебливи и извитоперени, колеричен или сангвистичен темперамент, потпросечен или просечен интелект, колеблива волја: час јака – час слаба. Човекот со колеблив карактер е непостојан, превртлив, брзо преминува од акција кон мирување, неодмерен е и инпулсивен, непоуздан. Се служи со лаги, озборување, клевети, заведување и не владее со своите расположенија.

Според, Јевтиќ, Д. (1955), карактерот како особина на личноста својата ефикасност, позитивна или негативна, најмногу ја остварува преку етичко-моралните гледишта и тоа на следниот начин[23]:

1. *Преку односот на човекот кон самиот себе*

   Човекот може да биде достоинствен, самоуверен, вообразен, скромен, да простува или навредува, срамежлив, доследен, егоист или егоцентричен, бесрамен, нескромен.

2. *Преку односот кон другите луѓе*

   Човекот може да манифестира: друштвеност т.е. дружељубивост, повлеченост, осаменост, да биде искрен или неискрен, затворен, лажливец, подмолен, чувствителен или нечувствителен, одмаздлив или неодмаздлив, немилосрден или милосрден, комуникативен, наметлив итн.

3. *Преку односот кон работата*

   Човекот може да биде трудољубив, работлив, вреден, пожртвуван, мрзелив, неактивен, пасивно резистентен, често склон да ја саботира работата, самоиницијативен, одважен или неодважен, плашлив или храбар во однос на тешкотиите, неточен, невнимателен и немарен во работата.

4. *Односот на човекот кон бракот и семејството*

   Човекот може да биде добар домаќин, верен сопруг, заштитник, пожртвуван старател, или пак, лош домаќин, неверен сопруг, негрижлив кон куќата, сопругата и децата, со други зборови, расипикуќа. Може да биде правичен, милосрден или престрог, т.е. "ѕвер од татко"(сите овие особини може да се манифестираат и кај жената).

5. *Преку односот кон колективот и татковината*

   Човекот може да поседува карактерно чувство на колективизам, чувство на обврска, позитивни чувства што се манифестираат со радост кога во животот и

[23] Jevtic, D.: Sudska psihologija, Beograd, 1959, стр. 159

работата успеваат другите во колуктивот или сочувство и емпатија кога истите не успеваат. Во однос на татковината може да манифестира патриотска љубов, а непријателски став спрема внатрешните и надворешните непријатели.

6. *Преку односот кон природата, уметноста и културата*

И според односот на човекот спрема природата стекнуваме мислење за неговите карактерни особини. Така, некои луѓе кога ќе се најдат во куќа или во парк се трудат да се однесуваат пристојно и заштитнички т.е.на сите тие богатства да гледаат како на свои. Други пак, кога ќе се најдат во таква средина се однесуваат сосема обратно: кршат гранки, кинат цвеќиња каде што не е дозволено, се однесуваат примитивно, не запазувајќи ја јавната хигиена. Тие исто така боксираат предмети со раце и нозе за да си ја испробаат силата, превртуваат садови каде што е сместено ѓубрето, оштетуваат јавен имот – огради, чешми, клупи за одмор, сообраќајни знаци итн.

4.3. Карактерот како индиција за извршување на деликвентно дело

Општите особини на карактерот и неговите варијанти на манифестирање во зависност од особините на личноста, како и од етичко-моралните норми, можат да претставуваат индикација за извршено кривично дело. Карактерот се манифестира, како што изнесовме погоре, преку односот кон другите луѓе, работата и околината, преку ставовите и навиките. Оттаму, позитивниот карактер значи контраиндикација за криминално однесување, а негативниот обратно, индикација дека со одредени карактерни особини некое лице може да биде извршител на одредено кривично дело. Од лицата со карактерни особини на себичност, суровост, насилништво, лажливост, досетливост, лукавост, одлучност, подмуклост, дрскост, агресивност, може да се очекува криминално однесување манифестирано преку кражби на предмети од установи или приватни лица заради користољубие, како и силеџиско однесување заради одмазда, завист и љубомора.

Оттаму криминалистите, поради ефикасното обавување на својата работа, треба да ги познаваат карактерните особини за лицата кои се води постапка или се под обработка.

За да предвидиме и можности за појава на деликвенција, исто така ќе треба да ги разгледаме и карактерните особини. При утврдување на карактерните особини треба да се појде од формата и содржината на однесувањето на лицето. Секој човек кога обавува некоја работа има свој стил и начин на обавување на истата, а тоа важи и при извршување на кривично дело. Ова го подвлекува и Грос, Х. (1905) во својата криминалистичка психологија, наведувајќи: "преку своите дела научивме што сме, т.е. преку делата на другите научивме какви се тие". [24] Истиот автор наведува дека животниот стил е "ракопис на духот на човекот".

При трагањето по лице со карактерни особини според извршеното дело, не е доволно да ги утврдиме само карактерните особини на лицето, туку и мотивот за делото т.е. не само какво кривично дело извршило некое лице, туку и зошто го извршило. Самиот криминален акт освен што го открива карактерот на сторителот, го открива и мотивот за стореното дело. Карактерот влијае врз мотивациониот процес на личноста пред извршување на кривичното дело. До таков заклучок се доаѓа оттаму што карактерот е тесно поврзан во волјата, која директно учевствува во мотивацијата. Поради тоа, ако познаваме нечии карактерни особини, ќе можеме да констатираме што може да се очекува од таквото лице, а што не. Така на пример, ако се бара сторител на кривично дело во некој потесен колектив, интернат, дом, училиште секогаш каратерните особини се користат како ориентационен и елиминаторен принцип (иако тоа во многу случаи се злоупотребува и некогаш се донесува заклучок врз основа на стереотипни сваќања). Фалсификаторот, на пример, има поинакви карактерни особини од сексуалниот напасник и оној кој извршил убиство од одмазда. Познато е дека одредено лице во некоја средина е склоно да изврши политичко убиство, а не кражба. И покрај тоа што извршеното дело зборува за карактерот и мотивот на сторителот, оперативниот работник мора да ја користи оперативната евиденција од казнетите регистри. Ако при овие проверки се посомнева дека некое лице е можен сторител на кривично дело, ќе треба добро да ги проучи неговите карактерни особини, сите казнени податоци, како и неговото моментално однесување.

Кога врз основа на карактерните особини ќе се посомнева дека одредено лице е можен деликвент со сторено кривично дело, треба да се провери дали порано вршело

[24] Gross, H:Kriminal Psychologie, Leipzig, 1905, стр. 145

слични или исти дела. Притоа поранешните кривични дела треба да се споредат со делото за кое се трага, т.е. да се спореди однесувањето при вршењето на поранешните кривични дела со однесувањето при вршење на сегашното кривично дело. Тоа нужно се налага бидејќи можно е лицето порано да имало симптоми на лошо однесување, што упатува на инкриминираност, но сепак не било склоно кон вршење на кривични дела.

При проучувањето на карактерот на некое лице, криминалистот треба да прибира податоци од: психолози, педагози, социјални работници итн. Сепак, од стручната подготвеност на криминалистот зависи дали ќе го открие карактерот на некое лице и дали сето тоа ќе го поврзе со некое конкретно извршено кривично дело.

## 5. Теории позрзани со причините за појавата на криминално однесување

Кон крајот на минатиот и почетокот на овој век во криминалистиката и безбедноста се појавуваат голем број објаснувања за деликвентното однесување кај малолетниците и воопшто во целиот тек на човековиот живот. Не е мал бројот на објаснувања што имаат чисто психолошки карактер. Тоа се огледува во истакнувањето на врската меѓу недостатокот на поедини психички својства на личноста (интелигенција, темперамент) и нејзините форми на деликвентно однесување. Други, пак, психолошкиот карактер на деликвентните однесувања го потврдуваат преку резултатите од папалелните испитувања на психичките особини кај деликвентна група, споредени со неделиквентната. Врз основа на смалените индивидуални разлики и негативната когнитивна структура (особини на личноста) кај деликвентната група се одредуваат и **факторите што водат до девијантно однесување**. Некои автори девијантноста ја објаснуваат поаѓајќи од потсвесните психолошки импулси и нагони и губењето на хармонијата на структурата на личноста. Во понатамошниот текст ќе бидат опфатени најпознатите теории позрзани со причините за појавата на криминално однесување.

### 5.1. Ставот на Платон за појавата на деликвентно однесување (427 – 347 п.н.е.)



Платон сметал дека постои трослојно делење на душата:

- сетилна – одговорна за задоволување на физиолошките потреби
- чувствутелна – одговорна за некои карактерни особини (храброст, достоинство, одговорност итн.)
- рационална – одговорна за највисоките интелектуални процеси (мислење, мудрост итн.)

Платон деловите (слоевите) на душата сликовно ги претставува на следниов начин:

- **сетилен** слој на душата – **змеј**

- **чувствителен** слој на душата – **лав**
- **разумен** слој на душата – **човек**

Целосна хармонија и среќа ќе се достигне кога човекот ќе го придобие лавот за да го скроти змејот.

*Причина за појава на деликвентното однесување Платон и неговите следбеници гледаат во неможноста на контрола на човекот да го придобие лавот и да го скроти змејот т.е.* разумскиот слиј на душата да неможе да надвладее на чувствителноста и да не постои контрола врз задоволување на потребите на личноста па ги задоволува со помош на некаков криминал.



5.2. Аристотел (384 – 323 п.н.е)

Во однос на создавањето на деликвентна личност и Аристотел го делел истото мислење со Платон. Разликата е во тоа што Аристотел на различен начин ги именува слоевите на душата.

- вегетативна (биолошки процеси)
- анимална (волева, чувствителен дел)
- активен ум (човеков интелект)



5.3. Когнитивен приод - Концепција на Пијаже

Пијаже смета дека единката е активна и дека таа се приспособува. Според него, човековиот ум има адаптивна функција и претставува ментален орган за приспособување. Единката взаемно дејствува со средината. Таа **асимилира** (физички, физиолошки и ментално) и се **акомодира** на средината.

Горе наведеното преведено во јазикот на криминалистиката и појавата на деликвенција и теоретскиот став на Пијаже за настанување на единка со криминална структура би бил следниот:

*Доколку социјалното опкружување на единката е составено од деликвентни лица огромни се можностите дека и самата таа единка преку процесот на асимилација и акомодација со средината ќе стане криминалец.*



5.4. Терии на рационалистите

Рационалистите сметаат дека се што се случува се случува врз база на разумот. Треба да се прифати се она што доаѓа од разумот, а да се сомневаме во она што доаѓа од сетилата (Р. Декарт). Готфрид Лајбниц тврдел дека светот е совршен и на критиките "како може да е совршен кога постојано има војни, криминал" одговара дека: "Тоа само така ни се чини бидејќи го гледаме светот на парчиња, само сега и овде, и неможеме да го гледаме глобално како што го гледа Бог"

5.5. Ставови на емпиристите за појавата на деликвентно однесување



5.5.3. Џон Лок (1688 - 1753)

Според Џон Лок човекот се раѓа tabula rasa и се во животот се стекнува со искуството, па така и криминалното поведение.

5.5.4. Дејвид Хјум (1711 - 1776)



Дејвид пишува дека разумот е слуга на страстите. Страстите ги гледа како двигатели на човековото однесување. Нив треба да ги потиснуваме, а разумот треба да го направиме слуга на страстите. Непотиснувањето на страстите доведува до појава на деликвентно однесување или психичко заболување (придружено со престапничко однесување).

5.5.5. Томас Хобс (1588 - 1679)

Хобс е познат по идеата дека човекот по природа е себичен, егоист и алчен. Тој смета дека секој човек треба да се стреми кон задоволство, а да бега од болка, без разлика на цената која треба да се плати за да се дојде до задоволството (што вклучува и појава на деликвентно однесување со цел да се задоволат потребите).

5.6. Теорија на неприлагоденост

Суштината на оваа теорија, која е доста распространета, се состои во тоа што неприлагоденоста на единката на општествените услови на живеење во средината претставува причина за деликвентно однесување. На ова сваќање се темели и учењето на психоаналитичарите за криминалитетот. Тие стакнуваат дека некои од злосторниците се оптоварени со инстинктивни криминални темденции во нивната психа и поради тоа неможат да се адаптираат за нормалното живеење во средината. Ова сваќање го застапува и Сир Еаст (1949) кој наведува: "Оправдано е да се смета дека злосторството е последица од неадаптираноста на личноста во рамките на психосоцијалниот живот".[25] Скоро исто мислење застапува и Ди Тулио (1955), барајќи ја неадаптираноста на злосторниците во доменот на нечувствителноста.

Ефикасноста во прилагодувањето или неприлагодувањето на една личност на условите за живот во средината е психолошки процес зависен од потесната или поширокатa општествена средина. Во општествата во кои реалните материјалните и духовните потреби не се задоволени поради дезорганизација и експлоатација од човек на човек, често владеат и негативни пороци и заболувања. Оттаму Милутиновиќ, М. (1990) наведува дека нема општествено адаптирање на личноста, ако општеството во кое живее поради својата неорганизираност не е во состојба да оствари потполна општествена кохезија на масите т.е. да ги интегрира сите свои членови, земајќи ги во предвид и поранешните деликвенти.

Неприлагоденоста игра многу значајна улога при инкриминирањето на личноста. Но, не може да се каже дека тоа е единствениот фактор кој води кон инкриминирано однесување. Исто така, неможе да се тврди дека ви различни општествени услови не владеар различни фактори на прилагодување. Со помош на разни методи за прилагодување, кај осудените се постигнуваат поголеми или помали успеси на превоспитувањето во текот на издржувањето на казната. Оттаму, теоријата на

[25] Sir East: Society and criminal, London, 1949, стр. 248

неприлагоденост само делумно може да ги објасни причините за појава на криминалот. Но, тоа незначи дека инкриминираноста неможе да се поврзува со неприлагоденоста на една личност. Напротив, анализата на неприлагоденоста на една личност кија има корени уште од детството, често пати дава правилен патоказ за разјаснување на криминалитетот.

### 5.7. Теорија на фрустрација

Фрустрација значи да се постигне некоја животна цел или потреба од посложен или поедноставен карактер. Како резултат на тоа спречување, доаѓа до психолошка последица (фрустрација) на неприлагодено однесување на личноста. Личноста станува емотивно нестабилна и нервозна. Ако личноста била изложена на потешки фрустрациони ситуации подолго време во текот на развојот (во семејството или пошироко), како што се на пример лишувањата од неопходните услови за живот, таа станува чувствителна на фрустрациони ситуации од секаков карактер. Фрустрацијата остава најмногу траги врз човековата личност, т.е. придонесува да дојде до оштетување на личноста кога не е адекватен развојот на единката уште од детството. Тоа е состојба кога семејните услови се манифестирале во форма на отфрленост, непризнавање и немање можност за позитивна индетификација со родителите поради формирање на потребни одбрамбени механизми за адаптација во средината. Овие оштетувања се манифестираат преку чувството на инфериорност, разочарување и внатрешни психолошки судирања, што може да биде причина за деликвентно однесување.

Како претставник на фрустрационата теорија се смета Долард, Ј. (1939) кој наведува дека фрустрацијата е причина за агресија кај човекот. Овој автор преку фрустрацијата ги објаснува и разните форми на криминалот.

Досегашната пракса покажува дека состојбата на фрустрација може да послужи при објаснувањето на некои форми на криминално однесување. Но, и покрај сето тоа, оваа теорија неможе да се смета за општоприфатлива. До ваква констатација се доаѓа затоа што се мисли дека фрустрацијата не е директен фактор за криминалното однесување, туку тоа е агресија која што е последица од фрустрација. Од друга страна пак, фрустрацијата се

јавува кај личноста не само од социјални и физички пречки, туку и од лични кои водат во агресија и криминал. Сепак, фрустрацијата не е единствен извор на агресија, туку тоа се и разните комплекси, мотивации и апатијата. Исто така, во психологијата е познато дека секоја фрустрација немора да биде деструктивна. Оттаму, не е можно преку фрустррацијата да се објаснат сите форми на деликвентно однесување но сигурно е дека таа игра огромна улога.

## 5.8. Теорија на условеноста

Претставник на оваа теорија е Ајзеник, Х. (1964) кој своите погледи за криминалот ги изнесува во делото "Криминало и личноста." Своите учења за криминалот тој ги засновува врз бихевиористичкиот правец во психологијата. Овој автор, врз основа на својата двофакторска теорија на личноста (екстравертни и интравертни), за создава теоријата на условеност, преку која ја објаснува појавата на деликвентното однесување.

Според учењето на Ајзеник, по структура на личност деликвентите спаѓаат во крајно екстровертни типови. Поради тоа, тие се емоционално нестабилни. Како резултат на факторската анализа Ајзеник наведува дека крајната екстровертност на личноста, корелира со психопатските, невропатските и психотичните особини. Оттаму личноста која е крајно екстровертна добива и психопатски карактер, кој пак од друга страна, се поврзува со криминално однесување. Психолошкото манифестирање на поизрзена екстровертност, а како последица на тоа и деликвентно однесување, има и физиолошка подлога. Нервниот систем всушност е база за формирање на условни рфлекси кои што го диктираат криминалното однесување. Екстровертните, според Ајзеник, се отпорни на надворешни физички влијанија, но не и на психичките барања. Кај екстровертните постои и физиолошка глад за стимуланси кои се од областа на динамичниот живот. Кога нема надворешни стимуланси екстровертните личности чувствуваат здодевност. За да ја избегнат здодевноста тие понекогаш стимулансите ги бараат во разни агресивни активности, па дури и такви кои имаат девијантна природа. Кај крајно екстровертните личности воспитниот фактор многу малку влијае во формирањето на позитивни

карактерни особими, па затоа тие придобиваат психопатски особини кои се условени од структурата на нивниот нервен систем.

### 5.9. Психоаналитичка теорија

Врз основа на анализа на лица кои извршиле криминални дела, психоанализата дава свои теоретски и практични заклучоци. Таа наоѓа дораз во одделни класификации на деликвентите по однос на начинот на извршување на кривичните дела и начинот на нивната ресоцијализација. Овие класификации се значајни и од криминалистичко-психолошки аспект. Меѓу другото, тие и поттикнуваат некои автори непосредно или посредно да се занимаваат со терапевтската дејност во криминалот применувајќи ги методите на психоаланизата.

Во понатамошниот текст ќе бидат опишани најважните и најосновните теории и концепции поврзани со деликвентното однесување кои потекнуваат од Сигмунд Фројд и неговите следбеници.

#### 5.9.3. Фројдовиот придонес за изучувањето на деликвентното однесување

Фројд посебно не се бавел со проблемите на криминалот. Но врз основа на неговото општо учење, на кое некои други автори ги изградувале своите теории, користејќи ја психоанализата, може да се констатира дека Фројдовото учење е во тесна врска со проблемите на криминологијата. Особено во тој поглед се истакнува Херман Манхајм (1965) со книгата под наслов "Компаративн криминологија". Во ова дело Херман изнесува некои Фројдови концепции кои што се од областа на психоанализата, а се однесуваат на криминалот.



Како најважни од концептите од областа на психоанализата, а се однесуваат на деликвентното поведение, Херман ги споменува следниве : "Потеклото на злоделата и казната", "Описот на злосторникот поради чувството на вина", "Фројдовото објаснување на грешките", дело кое дало придонес во разјаснувањето на злоделата што се извршени под изговор на "Несакање".[26]

✦ *Прва Фројдова концепција - "Потеклото на злоделата и казната"*

Во оваа концепција се анализира развојот на човековиот род, со цел да се објаснат појавите како што се "тотем" и "табу" (тотем претставува животно, а табу – забрана), потеклото на општествените институции и психолошките и социолошките фактори што ги условуваат злоделата како што се убиство на родителите и родоскрвавењето. Со цел да ги објасни горенаведените поими, Фројд во своите книги "Тотем и табу", "Групна психологија" и "Анализа на егото" се навраќа на Дарвин и пра ордите. Пра ордите на куп (во заедница) ги држел таткото – тиранин. Синовите на ордата се побуниле против таткото и неговиот монопол на жени и го убиле. Овој прв случај на таткоубиство (пирицида) довел до создавање на два основни табуа на тотеизмот изведени од чувствата на вина на синовите, а тоа се убиството на таткото и родоскрвавењето (инцестот). Фројд наведува дека пра таткото сигурно бил пример на кој секој му завидувал и се плашел во групата на здружените браќа. Синовите во ордата, по убиството на таткото, приредиле гозба и го изеле, а со тоа создале идентификација со него. Овој т.н. тотемски ручек, вели Фројд, можеби е прв празник на човештвото, кој што може е почеток на социјалните организации, обичаите и религијата. Потоа, синовите на тотемскиот ручек огласиле дека се забранува понатаму убивање на замениците на татковците т.е. тотемите, но се откажале и од ослободените жени. Целиот овој процес создал чувство на вина кај синовите. Така од чувството на вина кај синовите се создале два основни табуа на тотеизмот: за убиството на таткото и родоскрвавањето. Тие две основни желби морале да се сливаат една во друга и да го создадат Едиповиот комплекс на двете желби. Кој би се огрешил спрема таткото би бил виновен за два престапа, таткоубиство и родоскрвавање, за што се грижело и првобитното општество.

[26] Mannheim, H.:Comparative Criminology I. Routledge and Kegan Paul, London, 1965

Ова Фројдово излагање може да се каже дека е ненаучно, но тешко може да се негира Едиповиот комплекс, кој го условува злоделото спрема татковците.

✦ *Втора концепција на Фројдовото учење - "Описот на разни видови криминалци поради чувство на вина"*

Фројд е заслужен за развојот на криминалистичката психологија поради тоа што опишува посебен вид криминалци кои злоделото го вршат поради чувство на вина и неморалност. Тој наведува дека некои негови пациенти, младинци, кои извршиле кражба, проневери, палежи, го навеле да испитува дали до тоа доаѓа поради лошите услови за живот, или лошо формирам морал на таа возраст. Аналитичката работа од оваа област довела до извесни резултати т.е. таквите дела биле извршувани пред се поради тоа што биле забранети и со нивното извршување било поврзано душевното растројство на сторителите. Потоа Фројд објаснува дека извршителот на делото страдал од чувство на вина од непознато потекло, а кога направил престап, психолошкиот притисок врз страдањето бил намален. Со тоа и чувството на вина донекаде било смалено. Колку и да звучи сево ова парадоксално, може да потврдиме дека чувството на вина постоело пред престапот и дека вината не произлегува од престапот, туку обратно, престапот произлегува од чувството на вина. Овие лица со полно право можеме да ги сметаме за злосторници, но треба да се утврди од каде потекнува вината за да се изврши делото и дали таа причина има удел во извршувањето на злоделата врз луѓето. Анализата на овој проблем укажала дека чувството на вина потекнува од Едиповиот комлекс и дека тоа е реакција на две човекови намери, "да се убије таткото и да се општи со мајката". Ваквите намери доведуваат до чувство на вина кај децата. Поради тоа децата често стануваат лоши за да предизвикаат да бидат казнети, а по казнувањето се мирни и задоволни.

Се знае дека Едиповиот комлекс, заедно со тоа и чувството на вина, имаат трага уште од детството. Фројд наведува дека кај возрасните мора да се прави разлика мора да се прави разлика помеѓу оние помеѓу оние кои прават злосторство без чувство на вина т.е. оние кои немаат развиено морални кочници, или сметаат дека нивната борба против општеството е праведна, пример политичките престапници, од оние кои го прават под притисок на чувството на вина.

Ова учење (за чувството на вина) потекнува уште од 1915 година. Таквите злосторници, вели Фројд, имаат стродо над-јас, супер его. До таков заклучок доаѓа од таму што строгото над-јас создава чувство на самоказнување т.е. вина чии корени треба да се бараат во Едиповиот комлекс.

✦ *Трета Фројдова концепција"*

Оваа концепција како блиска до криминалистичките проблеми се состои во објаснувањето на грешките (пропустите) кои придонеле за разбирање за кривичните дела за кои извршителите изјавуваат дека го извршиле од несакање. Значењето на грешките Фројд го изнесува во книгата "Психологија на секојдневниот живот". Фројд смета дека грешките, како што се заборавање на имињата, грешките во зборувањето, пишувањето, не се јавуваат случајно, туку тие имаат длабоко значење во динамиката на однесувањето на човекот. Некои постапки, иако навидум се ненамерни, можно е по пат на психоанализа т.е. психоаалитичко испитување да се утврди дека се добро мотивирани предвидени и префрлени во свеста, но од непознати мотиви. Иако Фројд не им давал криминално значење на откритијата на грешките, сепак тие може да имаат голема важност за разбирањето на криминалните дела, конкретно оние за кои се сомнева дека не се извршени од несакање. Во врска со грешките т.е. несвесната мотивација, Манхајм наведува дека психоаналитичкото учење во многу придонело да не им веруваме на лицата кои извршиле злодела свесно и промислено, а кои при сослушувањето изјавуваат дека и "самите не знаат зошто и како го сториле" тоа дело.

Појавата на грешките Фројд ја објаснува како ненадејно навлегување на несвесното во свеста, во услови на ослабена контрола на свеста т.е. дел од мозокот кој врши контрола (цензура). Тоа значи дека свесниот дел на личноста во тоа време бил зафатен со некоја друга содржина, а несвесниот, бидејќи вечно се бори да се префрли во зоната на свеста, ги покажал своите тенденции на его-извршителот. Затоа човекот доколку сокрива некое дело, пелтечи или ќе каже некој збор кој апсолутно не сакал да го изговори т.е. го сокривал.

### 5.9.4. Фројдови следбеници и противници кои со своите дела придонеле за развојот на теориите за појава на деликвентното однесување

Фројдовите учења имаат директна или индиректна врска со криминалитетот кај голем број на негови приврзаници, или противници на неговото учење. Во 1911 година се одвојуваат од неговото учење двајца негови соработниви, Адлер и Јунг.



Адлер во неговото учење за развојот на личноста ја намалува важноста на сексуалноста (либидото), а го застапува учењето за комплексот на инфериорност и супериорност во развојот на личноста. Вршењето на криминалните дела може да претставува начин на компензација на инфериорноста и начин да се привлече влијание во средината.

Јунг пак, е значаен во деликвентноста поради воведувањето на учењето за колективното несвесно, слично на Фројдовото семејно несвесно. Колективното несвесно, според Јунг, содржи наследни особини (предиспозиции) на човекот од разни временски епохи за криминално и силеџиско однесување. Всушност од тие предиспозиции зависи и однесувањето на човекот. Јунг е значаен за криминалистичката психологија поради своето одредување на психолошките типови на интровертни и екстровертни. Овој автор стои на становиште дека екстровертните типови во голема мера се склони на криминално однесување.





Гловер, Е. (1960), прифаќајќи го Фројдовото учење, дека кај чувството на вина не доаѓа до криминално однесување затоа што над-јас не е доволно развиено, туку напротив, затоа што над-јас (супер-

егото) е претерано развиено и е претерано строго. Оттаму, Гловер тврди дека злоделата се резултат на конфликтите на примитивните инстинкти и алтруистичките правила кои што се всадени во општеството и преку кои се одредува однесувањето на поединците.[27]

Денис Сабо (1965) во својата книга "Криминологија" наведува термин "криминални типови" раководејќи се од некои психолошки критериуми. Покрај останатите типови, овој автор го наведува и типот на невротичниот криминалец. Таквиот човек злосторнички се однесува раководејќи се од некои потсвесно потиснати мотиви поради потребата за самоказнување т.е. поради чувството на вина. Освен невротичниот криминалец Денис Сабо наведува и два типа престапници кои се слични на невротичниот криминалец. Првиот е претставник кој компензира поради тоа што е фрустриран. Бројни студии го објаснуваат овој механизам на однесување. Тие тврдат дека голем број на кражби што ги вршат младите и децата се несвесни, симболични. Денис Сабо во својата книга "Криминологија" наведува уште еден тип на престапници "злосторници преку



пренесување на невротични врски". Овој автор наведува дека голем број злодела направени од страст можат да се објаснат преку феноменот на пренесување на невротичните врски. Две лица цел живот се поврзани едно со друго во животна егзистенција со разбирање, пример хомосексуалци, лезбејки кое може да биде спротивно од она однесување кое е нормално, пример во нормалните бракови, т.е. преку здрави мисли. Една критична фаза на овие нездрави поврзувања на интерперсоналните односи може да предизвика мотив за убиство. Од ова тврдење произлегува дека голем број од злосторничките дела се резултат на страстите кои можат да се објаснат преку пренесување на невротичните врски од едно лице на друго.[28]

[27] Glover Edvart: The Psychology of crime, Columbia University press, New York, 1960, стр. 28
[28] Denis Szabo: Criminologije. Les presses de Yuniversite de Monteral, 1965, стр. 76

Меланиа Клаин (1932) има голема заслуга за учењето дека конфликтите кај децата кои се јавуваат во раните години во животот имаат влијание врз девијантното однесување во подоцнежниот живот. Крајната строгост, наведува оваа авторка, и уништувањето на над-јас, можат во подоцнежните години да доведат до деликвентно однесување. Додека отсуството на над-јас и неговата слаба развиеност неможат да доведат до асоцијално и деликвентно однесување. Неповолниот развиток на психолошкиот апарат, особено кај сиромашните слоеви, преку социјализацијата може да доведе до тешки конфликти кои дури и не се јасно одредени поради што тешко се дефинираат. Како адекватни примери за ова тврдење ги наведува психопатите кои се карактеризираат со отсуство на вина, каење и без способност за поврзување на внатрешните конфликти.[29]



5.9.5. Психоаналитичка класификација на деликвентите

Самите психоаналитичари кои почнале да ја применуваат психоанализата на полето на криминалистичката психологија увиделе дека е тешко да се прават класификации на криминалците. Тешкотијата најмногу се состоела во шареноликоста во развојниот период т.е. детството, како и односите што биле создадени во структурата на личноста на идот, егото и суперегото. Во овој труд ќе се осврнеме само на две класификации кои се најпознати во психоаналитичките учења за криминалитетот. Првата класификаија е направена од Александер и Штауб (1974) и изнесена е во неговата книга "Злосторникот и неговите судии". Овој автор врз основа на психоаналитичките анализи, криминалците ги класифицира во: хронични и случајни.

Во хроничен криминалитет спаѓаат следните криминални дела:

- Криминални дела извршени поради токсични и други органско - патолошки збиднувања, каде што функцијата на Јас во голем број била ограничена или исклучена (имбецили, органски – душевно болни, алкохоличари и наркомани).

[29] Klein Melanie: The Psychoanalysis of children, 1932, London, стр. 109

- Криминални дела кои се невротично условени преку несвесните мотиви. Тука спаѓаат принудните или симптоматските деликти (клептоманија, пироманија, псевдологија ..) како и невротичното криминално постапување кај кое екстремните случаи претставуваат злодела од чувство на вина.
- Криминални дела кај нормалните невротични злосторници со криминално над-јас. Тоа се оние луѓе кои се прилагодени во една посебна заедница со оформени злосторнички морал.
- Вистински злосторник кој се наведува како "замислен граничен случај", како човек без над-јас, социјално неадаптиран, нагоните ги претвара непосредно во дела, нема внатрешно кочење и е ограничуван од надворешната средина само преку стравот осжд репресалиите.

Во случајните криминалци (акцидентните) спаѓаат: престапниците поради грешки т.е. несакање, ситуациони престапи кои настануваат поради тоа што ситуацијата довела до афективна состојба која што е причина за некое посебно криминално дело.[30]

Наведената класификација е критикувана од Кет Фридлендер (1967). Оваа авторка не се сложува со класификацијата на злосторниците со криминално над-јас (супер-его) за што зборуваат Александер и Штауб (1974). Таа наведува дека криминалната околина не создава повеќе криминалци од нормалното општество. И во нормалното општество, поради пореметувањата кои се од психосоцијален и економски карактер, се предизвикуваат пореметувања во карактерот кај некои членови. Истата авторка дава и една своја класификација за причините за извршувањето на криминалните дела кај малолетните деликвенти, раководејќи се од пореметувањата на трите области од психата на човекот: ид, јас и над-јас. Истата авторка мисли дека од поголемо значење е да се изврши класификација на деликвентите врз основа на причинските фактори, отколку врз основа на извршените дела. Пореметувањата на структурата на личноста (ид, его супер-его) т.е. трите домени од психата, можат да се поделат на три групи:

- Пореметувања кои се јавуваат поради асоцијалниот развиток на карактерот
- Пореметувања кои можат да постојат поради органски заболувања

[30] Aleksander Franz und Staub Hugo: Der Verbrec her und seine Rijegter Suhrkamp, Frankfurt, 1974, стр. 48

- Пореметувања кои можат да постојат поради душевни заболувања

Кај првата група, главно малометни пристапници, до развивање на негативен општествен карактер доаѓа како резултат на психолошката конституција на личноста, ниското ниво на интелигенција, емоционална незрелост, како и од влијанието на средината. Овие фактори се услов за создавање на антисоцијален карактер, комбиниран со други причини: стресни ситуации со поизразени емоции и невротични конфликти.

Факторите кои спаѓаат во другата група, а доаѓаат од органските заболувања, можат да настанат поради токсични и органски пореметувања, конзумирање алкохол или дрога, како и пореметувања во нервниот систем. Во третата група фактори спаѓаат душевните пореметувања (заболувања), психоневрозите и психотичните заболувања кои влијаат да дојде до психолошки пореметувања на его (јас) поради што тоа не е способно да ги контролира своите инстинктивни поттикнувања т.е. не ќе биде во функција да ја разликува реалноста од фантазијата.[31]

## 5.10. Теоријата на притисок на Мертон

Роберт К. Мертон дискутира за девијацијата служејќи се со цели или мисли како на дел од неговата теорија на аномија/притисок. Додека Диркем тврди дека аномијата е збунување од страна на општествените норми, Мертон оди дотаму што тврди дека аномијата е состојба во која општествените цели и законите средства треба да се постигнат а не да се препишуваат. Тој претпоставува дека одговорот на поединецот на општествените очекувања и средствата со кои поединците ги остваруваат тие цели се корисни кога се обидува да се разбери девијацијата. Специјално тој ги набљудува дејствувањата на колективот кои се мотивирани од притисокот, стресот или фрустрацијата заедно со поединците кои се појавуваат поради неповрзаноста помеѓу општествените *цели* и на широко познатите *средства* за да ги постигнат тие цели. Често, за нерутинските

[31] Friedlander Kate: The Psycho-Analytical of Juvenile Delinquency, Rout lege and Kegon Paul, London – 1967, стр. 158

однесувања на колективот (протести, побуни итн) се вели дека се прикажани при економските очекувања и се предизвикани поради некој притисок. Овие два аспекти го одредуваат приспособувањето на општеството во согласност со целите на културата, кои се согледувањата на општеството за идеалниот живот и со институционализираните средства, кои се законски средства преку кои може поединецот се стреми целите на културата. Мертон ја прошири идејата дека аномијата е оттуѓување на личноста од општеството поради конфликтните норми и интереси, опишувајќи 5 различни видови на акција кои се случуваат кога личните цели и законските средства се во меѓусебен судир.

1. Кога поединецот заедно ги прифаќа и целите и средствата, тогаш тој работи усогласено. (пример: Јакиот работник кој работи само за да го исхрани неговото семејство).
2. Кога поединецот ќе ги прифати целите но нелегално ќе ги користи средствата со цел да ги постигни тој врши криминал со цел да ги имитира вредностите на оние кои се усогласени, тој мора да користи креативност за да ги постигни целите на културата (пример:Дилерот на дрога кој продава дрога за да го прерани неговото семејство.)
3. Поединецот кој изгубил секаква верба во целите на културата но с□ уште се чувствува обврзан да работи рутински поради прифатениот секојдневен живот. Оваа личност практикува ритуализам. (пример:Силен бел работник кој има работа но е сосема оддалечен и незадоволен од Американскиот сон.)
4. Поединецот може да ги отфрли и двете и целите и средствата и да практикува повелекување, кога тие ги игнорираат целите и средствата на општеството (пример: Зависникот од дрога кој престанал да се грижи за општествените цели и користи дрога за да побегни од реалноста.)
5. На крајот, имаме петти тип на адаптација која е побуна, каде поединецот ги отфрла целите на културата и институционализираните средства но бара да ги дефинира нови вредности на општеството (пример: Радикали кои скаат да го поправат или уништат капиталистичкиот систем со цел да се изгради нова општествена структура.)

### 5.11. Симболички интеракционизам

Девијацијата доаѓа од поединецот ,кој кој стекнува такво девијациско однесување. Тие што имаат девијантно однесување може да пораснале со поединци исти како нив или можеби научиле да даваат оправдување за таквото однесување. Фокусот е на свеста и на главата на поединецот спротивставени на институциите од каде што дошле нормите.

### 5.12. Теорија на неутрализација

Теоријата на неутрализација на Грешам Сајкс и Давид Матза објаснува како оние кои имаат девијантно однесување го оправдуваат нивното девијантно однесување со приспособување на дефиницијата за нивното однесување и објаснувајќи си на самите себе и на другите за нивниот недостиг на вина за нивните постапки во одредени ситуации. Има 5 различни вида на рационализација, кои се одречување на одговорноста, одрекување на било какви повреди, не признавање на жртвата, осудување на осудениот и жалба до повисоките власти. Одрекувањето на одговорноста е аргументот дека тој што се однесувал девијантно бил не сакајќи вовлечен во девијацијата и дека под истите услови, било која друга личност исто така би реагирала.Одрекувањето на повредите е аргументот дека личноста која се однесувала девијантно не повредил никого и според тоа девијантното однесување не е морално грешно, поради основното верување дека дејството не му предизвикало ништо лошо на други поединци или на општеството. Не признавањето дека има жртви е аргумент дека некои индивидуалци кога девијантното однесување се смирувало никој не е повреден, но почуствувал некаква сила поради тоа што жртвата немала доблест или морал. Осудувањето на осуденикот е дело во кое личноста која се однесувала девијантно ги обвинува фигурите на власта или жртвите дека имале намера исто така што се однесуваат девијантно и на крајот хипокрити. На крајот, жалбата до

повисоките власти е верување дека постојат власти и вредности кои одат зад границите на на законот; пријателствата и традициите му се поважни на личноста отколку правните граници. Теоријата за неутрализација тврди дека криминалците си ги оправдуваат делата со неутрализација на дефиницијата за криминал. Има 5 големи видови неутрализација:

- Одрекување на одговорноста: беспомошно вовлечен во криминалот.
- Одрекување на било каква повреда: делото не повредило никој и не е морално грешно.
- Одрекување на жртви: жртвата не била повредена туку со право било применета сила.
- Осудување на осуденикот:Осуденикот е хипокрит а личностите кои се однесувале девијантно се добри.
- Упатување на жалба до повисоките власти: власт со повисока моќ од законот, како што е пријателството.

### 5.13. Теорија на етикетирање

Франк Таненбаум и Ховард С. Бекер ја создале и ја развиле теојирата на етикетирање. „Драматизација на злото“ како што ја нарекувал Таненбаум. Бекер рекол дека „општествените групи ја создале девијацијата со создавањето на правилата чие прекршување ја создалд еевијацијата “. Теоријата на етикетирање предлагала дека девијацијата која е направена од страна на девијантната личност е негативно етикетирана, усојвувајќи ја етикетата и однесувајќи е во согласност со неа. Како што поминува времето, „девијантноста “ ги зема карактеристиките кои дефинираат што треба да прави вистинска девијација и ја зема улогата на таква етикета со извршувањето на девиајциите кои се приспособуваат на таквата етикета. Поединечната и општествената преокупација со етикетирањето на девијантноста ја води девијантната личност до тоа да го следи себеисполнувачкото претскажување за соглњавуња со припишаната етикета. Оваа теорија, каои повеќе е симболичко-интеракционасилтичка теорија, исто така има елементи на теоријата на конфликтот како што доминантната група има моќ да одлучи што е девијантно и прифатливо и ја ужива моќта која е зад процесот на етикетирање. Пример за

оваа теорија е затворскиот систем кој ги етикетира луѓето кои се обвинети за кражба и поради тоа тие почнуваат да се гледаат себе си како крадци.

6. Останати фактори кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал или се негова манифестација или доказ дека постои криминално однесување кај малолетниците

6.1. Алкохолизам

Во настојувањето да се дефинира алкохолизмот како појава, најчесто се гледа медицинскиот аспект на дефинирање кој тргнува од следниве компоненти: 1) од личноста што пие алкохол, 2) зависноста што се создава од пиењето, 3) од последиците што алкохолизмот ги предизвикува на психички, физички и социјален план. Светскара здравствена организација ја дава следнава дефиниција: *"Алкохоличар е лице кое екцесивно зама алкохолни пијалоци и чија зависност од алкохолот е толку голема што покажува отворени душевни растројства или манифестации кои ги зафаќаат неговото тело, ги расипуваат неговите односи со другите лица, и ја доведуваат во прашање неговата економска состојба"*.

- Видови алкохолизам и класификација на алкохоличарите

За целосно разбирање на алкохолизмот мора да се потсети дека покрај акутниот и хроничниот алкохолизам треба да се споменат и т.н. алкохолемии, кои претставуваат хронични труења. Според Худолин душевните пречки што можат да се јават со употреба на алкохол се:

- Акутен алкохолизам (повремено уживање алкохолни пијалоци со повремено и екцесивно опивање кое не останало незабележано од страна на средината што го опкружува конкретното лице)
- Патолошка пијана состојба
- Дипсоманија (неодолива желба за алкохолен пијалок кај лица кои инаку непијат)
- Хроничен алкохолизам (уживање алкохолни пијалоци што кај определено лице се манифестира во вид на физичка и психичка зависност од алкохол и со потрајни растројства во неговото поведение. Според дефиницијата на СЗО под хроничен алкохоличар се подразбира лице кое прекумерно зема алкохолни пијалоци, а чија зависност од алкохол е таква што покажува душевни растројства или такви манифестации кои го оштетуваат неговото психичко здравје, неговиот однос кон другите и неговата социјална и економска положба)
- Delirium tremens (обично настанува кај хроничните алкохоличари кои конзумираат 5-10 години алкохол. Се јавува со интензивен страв и слушни халуцинации. Болните многу често гледаат стравични сцени и слушаат разговори во кои нивните непријатели се договараат на кој страшен начин да ги ликвидираат. Поради тоа се јавува силен страв и болните некогаш вршат тешки напади спрема својата околина или поради стравот извршуваат самоубиство. За време на делириумот може да се јават и епилептични напади. Делириумот обично трае 3-7 дена.Често завршува со долг длабок сон по кој болниот се буди сосена прибран. Во 5-25% од случавите делириумот завршува со смрт поради слабост на срцето)
- Корсакова психоза кај алкохоличари (Најизразени симптоми кај корсаковата психоза се пречките на подрачјето на интелигенцијата која се пројавува со намалено помнење. Болните ништо неможат да запомнат, меѓутоа сепак се сеќаваат на некои работи од поблиското и подалечното минато. Со оглед на тоа сегашкоста ја исполнуваат со конфабулации. Карактеристично е и тоа дека непознати лица ги сметаат за стари пријатели)
- Психоза на љубомора (е општо позната кај алкохоличарите. Оние кои западнале во ваква состојба ги напаѓаат своите сопругите на најневеројатни начини. Секое машко лице кое на било кој начин доаѓа во контакт со неа, станува сомнително.

Најчудно е дека притоа кај поединецот се сочувани интенигенцијата и критичноста. Воопшто земено се смета дека хроничниот алкохолизам органски и психолошки ја намалува сексуалната потенција и поради чувството на помала вредност на тоа подрачје настануваат лудите идеи на љубомора)

- Акутна халуциноза кај алкохоличари (е релативно ретка душевна болест која се карактеризира со оптички и слушни халуцинации, обично следени со силно чувство на страв од замислени прогонувачи. Болните во оваа состојба можат да бидат многу опасни за себе и за околината)
- Останати душевни болести кај алкохоличари

- Поврзаност на алкохолизмот со други облици на девијантно и престапничко поведение

Алкохолизмот е еден од значајните криминогени фактори и фактори кои ја детерминираат појавата на малолетничката деликвенција, што е разбирливо ако се има во предвид дека се работи за една општествено патолошка појава која во основа ги има истите општествени корени како и криминалитетот. Некои од авторите го истакнуваат дури и примарното дејсво на алкохолизмот врз криминалитетот.

Како што веќе видовме, меѓу другите видови, постојат и акутен и хроничен алкохолизам[32]. Акутниот алкохолизам се тврди дека има директно влијание врз јавувањето на некои кривични дела. Хроничниот стои во посредна врска со деликвенцијата.

Значењето на **акутниот алкохолизам** не е спорно меѓу криминолозите, зашто несомнено има стимулативно дејство за појава на определени кривични дела. Фалт е дека употребата на алкохолот создава големи промени особено во емотивното поведение на поединецот оттаму што преку крвта продира во мозокот и влијае врз слабеењето на моралните и духовните кочници и до намалување на можностите на контрола на сопствените постапки, емоционалната избувливост, агресијата итн. Наспроти тоа растат нагонот на агресивност и сексуалниот нагон. Поради опиеност може да се јават и т.н.

[32] поделба според која се водат најголем број на автори

патолошки облици на пијанство кои често се проследени со амнезии и слични состојби. Со оглед на ваквото дејство, алкохолот има директно влијание врз појавата на деликвентното однесување и кривични дела како што се: убиство, лесни и тешки телесни повреди, учевство во тепачка, сексуални престапи, пироманство, сообраќајни деликти итн. Кај последниве дела е утврден особено голем процент на извршители во опиена состојба кој се движи нешто над 70%. Тоа е и разбирливо со оглед дека како последица на конзумирањето алкохол кај возачите слабеат рефлексите, вниманието, перцепцијата и другите способности што се неопходни за сигурно возење, а истовремено се создава лажно чувство на самодоверба.

Во сложениот сплет на причинско последични односи за **хроничниот алкохолизам** можеме да се осмениме да кажеме дека е посреден, односно индиректен фактор за деликвентното однесување. Неговото посредно влијание се гледа во тоа што во условувањето на криминалитетот делува во содејство со разните фактори од екононска, општествена, психолошка, медицинска и морална природа. Постојаното и непрекинато употребување на алкохолот предизвикува психички промени и морално пропаѓање на личноста на алкохоличарот, го нарушува неговиот општествен углед и севкупноста на неговите односи со семејството и пошироката околина. Тоа натаму води кон нарушување на неговиот општествен статус (алкохоличарот најчесто останува без вработување и материјални средства за лична и семејна егзистенција) што е првиот предуслов за оддавање кон вршење на имотни кривични дела. Неговото однесување остварува и други релации со деликвентното однесување. Неговиот штетен пример и неповолната економска и психолошка состојба, се одразува врз децата кои во немање друг избор често и го следат неговоо однесување (учење по модел).

Од горните разгледувања е неспорно дека алкохолизмот има негативни дејства кои се изразуваат на различни начини. Алкохолизмот доведува до деморализирање на личноста на поединецот, до негово ментално и општествено пропаѓање, атрофија на способностите и работните навики, до материјално осиромашување, појава на патолошка љубомора, разни судири (несогласувања, кавги, физички пресметки..), до неможност правилно да се остварува воспитување на децата и другите социјални функции на семејството, па дури и до негово целосно распаѓање како и до бројни други несакани

последици какви што се повлекувањето со себе и на појавата на други социопатолошки појави како вагабондажа, питачење, проституција и сл. Крајниот резултат на сето тоа честа е и појавата на криминалитетот било од страна на носителот на таквото девијантно поведение (во прв ред имотни, агресивни и кривични дела и сообраќајни деликти), или од страна на неговит жртви (од тормозените членови на неговото семејство или други личности од непосредната околина).

Во согласност во ваквата поврзаност на алкохолизмот и деликвентното однесување во литературата се зборува за посебна криминолошка категорија на пристапниците – алкохоличари. Општата карактеристика на оваа категорија (на која често и се придружува и категоријата на наркоманите), е дека нивното криминално поведение се наоѓа во каузален однос со склоноста на прекумерна употреба на алкохол, и дека поради оваа склоност тие претставуваат опасност по општеството, затоа што се наоѓаат во перманентна ситуација да го повторат своето криминално поведение. Влијанието на употребата на алкохол може да биде директно, кога кривичното дело се врши под непосредното дејство на состојбата на алкохолизираност (напади на телесниот интегритет, честа и угледот, слободата на половите контакти итн.) или индиректен, кога кривичното дело се врши во врска со склоноста кон претерана употреба на алкохол (фалсификати, измами, кражби и сл.).[33]

## 6.2. Наркоманија

**Наркоманија** или злоупотреба на опојни дроги претставува прекумерно редовно земање на дроги што води кон физичка и психичка зависност поради која поединецот што ја користи има потреба за постојано зголемување на дозата, а самото делување на дрогата предизвикува оштетување на неговото здравје и штета за општеството.

[33] Lazarevic, Lj. Polozaj nekih kriminoloskih kategorija delikventa u savremenom krivicnom pravu, Pravni zivot, Beograd, 1966, стр. 274

**Дрога** е природна или синтетичка хемиска супстанца која влијае на физиолошките и психичките (интелектуални, емоционални, мотивациони) функции. Повеќекратна употреба води кон навикнување или (психичка и/или физичка) зависност. Земањето на некои droги (хероин, крек, кокаин) брзо предизвикува зависност, а наглото прекинување на нивната употреба предизвикува појава на апстиненцијален синдром.

Според Светската здравствена органузција, дрога е *"секоја супстанца, која е во состојба да, кога ќе се најде во жив организам, модифицува една или повеќе негови функции и да по повторната употреба предизвика психичка или физичка зависност"*. Дрогите главно делуваат на вегетативниот нервен систем.

Откако постои човекот, постои и потребата да барем за еден момент се избега од секојдневниот живот и да се предаде на заборавот од многуте проблеми со кои се среќава и кои го мачат и притискаат. Се до тринаесетиот век нашиот европски континент, не знае за многуте опојни дроги дури, преку крсташите кои се вракале од блискиот исток се доаѓа за прв пат во контакт со опиумот. Од тогаш не требало да помине многу време за да многуте дроги го поплават европскиот и американскиот пазар, давајки можност на многу несовесни трговци голем извор на богатство, а на современото човештво отрови кои го нарушуваат човечкото здравје, неговиот мир, спокојство и социјлна благосостојба. За жал, бранот на масовната злоупотреба на дрогите, оние кој за своја татковина го имаат далечниот исток, и оние кои на современиот човек му ги сервира фарацевтската индустрија, како нови извор на "СРЕЌА" се повеќе ја зафаќа и нашата земја, а особено младата популација. Наркомаинијата особено зема замав во урбанизираните средини и технолошки развиените подрачја и тоа кај онаа младина кои по своите лични и социјални квалитети би требало да бидат носители на позитивни стремежи во општеството.

Брзиот развој на цивилизацијата доведе до одредени промени во општествениот живот, така што одредени општествени формации започнаа да ја губат својата основна функција. Еден од основните сегменти, семејството, кое е основна клетка за воспитување на младите, ја губи својата функција. Воспитно-образовниот процесс се сведува само на образовен, без да ја применува својата втора функција - воспитанието. Темпото и динамиката на денешното живеење, секојдневните грижи, нерешените проблеми го

заморуваат човекот. Тоа уште повеќе е изразено кај младиот човек, кој со своето скромно животно искуство, во голем број случаи, решението и утехата за своите проблеми го пронаоѓа во дрогата. Дрогите низ историјата и денес првенствено се употребуваат како лек, пред се природните droги и воопшто нивната употреба во фармацијата и индустријата за лекови е голема. Во оваа смисла дрогата има благотворно дејство. „Меките дроги„ кои во исклучителни случаи како средство за смирување болка, несоница, но во умерени количини, не создаваат зависности, се употребуваат и за задоволство, за создавање на релаксирачка состојба, ослободување од напнатост, како пат и средство за ослободување од нерешливите животни проблеми. Сепак, предоминантно дрогите претставуваат зависност. Тргнувајќи од фактот, дека дрогите (природните) првенствено се лекови, во овој случај се работи за погрешна примена на дрогата, за нејзина злоупотреба бидејќи не се употребува како лек, туку како средство што треба да разреши кај човекот некои други проблеми. Таквата злоупотреба создава зависност, која со себе носи многу тешки последици за една личност, на физички и психички план: придонесува таа да се отуѓи, да се дезинтегрира од општеството.

Злоупотребата на дрогата не е откритие на денешницата. Уште од раниот палеолитски период (40.000 - 10.000 години пред нашата ера), преку „хипи„ движењето од времето на 60-те години на XX век, до ден денес, и притоа зафакајќи ги речиси сите земји во светот, злоупотребата на дрога го следи човекот како сенка. Феноменот дрога можеме да го анализираме како: масовна социо-патолошка појава; сериозен загрозувач на физичкото и менталното здравје на човекот; криминална дејност; нарко-криминал како организиран криминал од меѓународни рамки; криминоген фактор кој има сериозни последици од материјално-финансиска природа - создавање нечисти пари односно нечист капитал и перењето пари, како нов облик на современо кривично дело. Дрогите го освојуваат светот, првенствено со појавата на се почестата употреба на лекови кои содржат опојни супстанции. Злоупотребата на дрога во последниве години заземе широки размери,особено во индустриски најразвиените земји. Таквата експанзија произведе криминални организации, кои се занимаваат со илегално производство, транспорт и препродажба на дрога.

6.2.3. Видови дрога

Постојат повеќе приоди и класификации за поделба на дрогите, кои најчесто се злоупотребуваат во светот и кај нас.

- Според потеклото, дрогите ги делиме на:
  - природни - се добиваат од билки или сонивна преработка;
  - синтетички - се добиваат по хемиски пат во легални или илегални лаборатории. Овие дроги во последно време ги има во голем број и со различно дејство, а нивната злоупотреба е се почеста последниве години.

*Канабиноиди (канабис дроги)*

Во овие видови дроги спаѓаат марихуаната, хашишот и хашишовото масло. Како една од најкористените дроги во светот и кај нас е марихуаната. Ова растение се одгледува во повеќе делови од светот, на најразлични начини: во саксии на тераси, во оранжерии, во паркови и места скриени од случајни минувачи (мочуришта, планински делови итн.).

За разлика од марихуаната, хашишот пак се одгледува во тропските краишта кое лачи поголема количина смола, која се собира на најразлични начини и најразлични форми. Неговото има потекнува од зборот хасхисхан или во превод -џвакач на трева -. Најсилно дејство од овие дроги има хашишовото масло, кое се добива по хемиски пат со одвојување на чистата смола од канабисот, потоа доаѓа *хашишот*, а најслабо дејство има марихуаната. Најважна активна супстанција на чие дејство се должат ефектите на канабис

дрогите е ТХЦ супстанцијата (тетрахѕдроцаннабинол). Од нејзината количина зависи и силината на ефектот на овој вид droги.

*Халуциногени дроги*

Халуциногените дроги спаѓаат во најстарите и најдобро познавани дроги кои се користат заради нивната способност да ја променат човечката перцепција и расположение. Природните халуциногени дроги, кои се наоѓаат во растенија та и габите, векови наназад се користеле за религиозни, медицински и социјални цели, меѓутоа денес се произведуваат бројни синтетички халуциногени дроги, кои по својот ефект врз човечкиот организам далеку ги надминуваат нивните природни оргинали. Во овој вид дроги влегуваат: ЛСД, ПСП (фенциклидин) - најопасна дрога меѓу останатите, мескалин, псилоцибин и др. Биохемиската, фармаколошката и физиолошката основа на халуциноге ната активност не е доволно позната, па затоа името на оваа група не е најсоодветно, бидејќи сите други од оваа група не предизвикуваат секогаш халуцинации. Сепак, сите тие земени во нетоксични дози, предизвикуваат промени во перцепцијата, начинот на размислување и расположението. Меѓутоа, мора да се има предвид дека ефектите на халуциногените дроги се непредвидливи и различни секогаш кога се земаат.

***Наркотици (опијати и опиоди)***

Зборот, наркотици, потекнува од грчкиот збор „наркос„, кој всушност значи супстанции што предизвикуваат спиење. Во наркотици, спаѓаат природните (опиумот, морфиумот, кодеинот и тебаинот), полусинтетичките (хероинот, хидроморфинот, оксикодеин и хидрокодеинот) и синтетички (мепердинот, метадонот и со него поврзаните дроги, фентанил и пентазоцинот) наркотици. Покрај медицинската употреба, наркотиците се најчесто злоупотребувани дроги по канабис-дрогите и во последно време ја преземаат доминацијата. Ефектите на наркотиците врз човечкиот организам зависат од дозата, начинот на употреба, претходното искуство и очекувањето на корисникот, односно

неговата психичка состојба. Со зголемување на дозата, токсичните ефекти се зголемуваат. Карактеристично за наркотиците е тешкото лечење на зависниците од овие дроги, поради тешките апстиненцијални кризи кои се јавуваат кај корисникот.

*Психостимуланси*

Психостимулансите се природни или синтетички супстанции кои внесени во човечкиот организам, предизвикуваат стимулација на централниот нервен систем. На тој начин, се предизвикува будност, помала психичка и физичка замореност, намален апетит и слично. Најчесто користени стимулатори се никотинот, кој се наоѓа во тутунот и кофеинот, потоа во кафето, чајот и други напивки. Во оваа група спаѓаат кокаинот, крекот, амфетаминот, и неговите деривати (екстази и др.), метанфетамин. Во медицината постои примена на овие супстанции кај некои видови заболувања, меѓутоа нивната злоупотреба е почеста отколку легалното користење. Психостимулаторите кои се злоупотребуваат, можно е да развијат физичка зависност, додека психичката е високо развиена. Предозирањето со ваков вид дроги може да доведе до смрт.

*Психодепресори*

Психодепресорите се хемиски супстанции кои се користат за намалување на психичката пренапрегнатост, предизвикување седација (смирување), анестезија, намалување на телесната температура и слично. При честа употреба на овие средства се јавуваат ефекти на нивната предозираност, или предизвикување апстиненцијален синдром. Апстиненцијални симптоми се анксиозност, вознемиреност, мачнина, повраќање. Во групата на психодепресорите спаѓаат седативите (барбитуратите), транквилизерите (бензодијазепини) и антипиретици.

*Други видови супстанции*

Во оваа група спаѓаат испарливите течности кои во вистинска смисла на зборот не се дроги, но се употребуваат за наркотизирање. Во оваа група спаѓаат: пареа од бензин, лепило, мастило и друго. Овие сре дства претежно ги користат деца од 10 до 15 години. Се консумираат со вдишување на пареата што кај консуматорот создава опиеност со особено возбудување и веселост, можни се оштетувања на мозокот, нервниот систем, до промени на манталниот и физичкиот развој.

### 6.2.4. Социолошко-криминолошко сфаќање за појавата, ширењето и злоупотребата на дрога

Современата социолошка наука во светот се повеќе наоѓа интерес за проучување на општествените појави и процеси кои имаат непосреден одраз врз целината на општествениот живот. Во таа смисла и криминалот и социјалните појави стануваат предмет на истражување и од социолошки аспект. Така, за криминалното однесување се смета дека е погодна почва за развивање во секоја организирана општествена заедница, и дека е во тесна врска со нејзините општествено - економски и социјални услови. Социологијата како наука ги изучува законитостите на општествениот развој. Со оглед на тоа дека криминалитетот претставува негативна појава, воедно значи и изучување на причините и условите кои придонесуваат одредено лице да се јави во улога на лице со криминално и антисоцијално однесување. Со овој проблем се занимава криминалната социологија. Злоупотребата на дрога се карактеризира како помасовна појава која

се шири во услови на развиени општествено-економски и социјални услови, опфаќајќи ги сите слоеви на општеството, особено меѓу младите генерации. Ако се тргне од мултикаузалноста, како основа за проучување на причините на која било криминогена и социо-патолошка појава, ќе се види дека и злоупотребата на дрога е предизвикана од повеќе фактори кои придонесуваат оваа појава да исплива на површина и да егзистира и во сегашни современи услови. Злоупотребата на дрога како социо-патолошка појава има димензии од епидемиолошки карактер, со катастрофални последици врз младите генерации и општеството во целост.

Оваа појава карактеристична е за целиот свет, а за повеќе земји претставува национален проблем, прераснувајќи во социо-патолошка појава од меѓународни рамки. Дрогата го следи човекот низ историјата, така што луѓето ја култивирале, но не ја прифатиле како средство за уживање, применувајќи ја како лек во исклучителни случаи кога требало да се смири болка, несоница или слично и тоа во умерени количини и во одредени дози. Можеме да заклучиме дека разни луѓе земаат дрога во различни услови и околности, но последните децении злоупотребата на дрога добива големи димензии, што придонесува за нејзина експанзија.

### 6.2.5. Општествени субјекти и остварувањето на превенцијата

Семејство

Семејството е основна клетка каде се формира личноста на детето, па затоа тоа има големо значење и одговорна функција во изградувањето здрав и творечки член на општеството. Постојат и такви фактори кои имаат негативно влијание врз формирањето на личноста на младиот човек. Тоа се: слабата родителска грижа или пасивно родителско однесување, конфликти меѓу родителите, преголема строгост кон децата или давање преголема слобода со слаба контрола, физичко малтретирање на децата, слаби семјни финансии, одвоеност на родителите итн. Ако преовладуваат овие фактори ќе се јават

нарушувања во семејните односи, а со тоа семејството на детето не ќе може дам у овозможи топлина и хармоничен живот, така што детето доживува морални и психички трауми и психосоцијални пречки во неговиот развој. За да се надминат ваквите околности, потребно е осовременување на семејството (односот родител-дете). Програмите за превенција од злоупотреба на дрогата за семејството треба да се состојат во едукација на родителите како да им помагаат на своите деца, како да останат здрави и како правилно да се развиваат за да не дојде до неприспособено однесување, до бегство од дома, отсуствување од училиште, збеснетост, вандализам, автоагресија и на крај злоупотреба на дрога. Од особена важност е и соработката на родителите со образовната институција каде што се учи детето за да се следи и неговото однесување во оваа средина.

Образовни институции

Ако се тргне од фактот дека информацијата и учењето за штетните последици од злоупотребата на дрога и укажувањето за личната одговорност за здравјето на секој поединец, се превентивно насочени, тогаш може да се рече дека образоните институции имаат голема улога во подготовката на младиот човек за да може да се соочи и да им се спротивстави на негативните влијанија на средината во која егзистира. Злоупотребата на дрога кај учениците, најчесто влијае на слабиот успех, мотивацијата и паметењето, одговорноста, нарушеното однесување, водење неуреден живот, неодговорност кон социјалните улоги, слаба исхрана, рани сексуални искуства и слично. Доколку овие особености се вкоренат во детето од најраната возраст, тие ќе имаат силно влијание врз понатамошниот психофизички и социјален развој.

Низ процесот на образование и воспитување на учениците треба да се дејствува на градење позитивен став кон општеството, училиштето, родителите и генерацијата. Ако вака се насочат превентивните мерки, тие се гаранција за позитивна иднина. Наставниците и другите учесници во наставниот процес, можат да ги надминат негативните влијанија врз учениците, доколку воспостават цврсти правила на однесување со нивно вклучување во наставниот процес, организација и спроведување на одредени активности (дебати, трибини, прослави). Во светот постојат најразлични начини и програми за запознавање на учениците со штетните последици кај лицето кое е под влијание на дрога. Но повеќето од

нив во програмите ги опфаќаат наставниците, педагозите, психолозите како и родителите. Во некои земји запознавањето со злоупотребата на дрога го вршат стручни лица од други области. Најдобар модел за запознавање на учениците е кога тоа се врши од страна на нивните наставници, бидејќи тие со своето присуство се во можност да ги надгледуваат учениците и да забележуваат промени во нивното однесување, бегање од часови, попуштено учење и сл. Со тоа тие се во можност многу брзо да дојдат до податок дека одреден ученик злоупотребува дрога што ќе овозможи брза и ефикасна интервенција на надлежните органи.

Медиумите и информирањето

Многу малку во медиумите се застапени написи за спречувањето на злоупотребата на дрогата, за штетните последици и слично. Телевизијата, радиото и печатените медиуми можат да одиграат голема улога во превенцијата на злоупотреба на дрогата, доколку селективно ја објаснуваат штетноста, ја потенцираат потребата од преземање превентивни мерки од страна на оние субјекти кои затаиле во борбата против злоупотреба на дрогата, и им помагаат на субјектите за борба против оваа појава во спроведување и презентација на своите превентивни мерки.

Исто така, од големо значење е соработката на средствата за јавно информирање со субјектите , кои се задолжени и опфатени со националната програма за превенција на злоупотреба на дрогата. Бидејќи средствата за јавно информирање имаат силно влијание врз јавноста, доколку работат во согласност со националната програма за превенција на злоупотребата на дрога, сигурно дека ќе придонесат во спречувањето на оваа масовна појава.

Поврзаност на наркоманијата со другите облици на девијантно и престапничко поведение

Со константно земање на дроги доаѓа до наркоманија. Таа кај наркоманот предизвикува промена на карактерните особини, т.е. на оние групи на човековите психолошки особини кои се поврзани со моралната страна на личноста. На тој начин

наркоманите станувaат лабилни, егоцентрични, критизери, фалбаџии, лажливци, забушанти и лица кои ги запоставуваат брачните и семејните обврски. Живеат во постојан страв од апстиненцијални кризи[34] и судир со органите на власта. Животот често им е поврзан со парични потешкотии. Интелектот им е слаб како и способноста за забележување (перцепцијата) и сфаќање.

Наркоманите често имаат своја животна филозофија и во тој поглед се потпираат на големите религиозни авторитети како Христос, Буда и сл. Така на пример, дел од нив сметаат дека Буда бил првиот хипик и дека за време на медитациите доспевал до истата состојба бдо која достигаат и тие кога "тргнуваат на пат". Тие веруваат во реинкарнација, во циклусот на вечни умирања и повторни раѓања, па оттаму и не се плашат од смртта. Веруваат во задгробниот живот во кој човекот го задржува обликот што го имал во мементот на сртта. Ако е тоа вистина, велат наркоманите, тогаш е убаво да се умре млад.

Злоупотребата на наркотичните средства е повеќестрано поврзана и со криминалот. Оваа врска може да се посматра од два аспекти. Првиот се однесува на делата кои се непосредно поврзани со производството, прометот и продажбата на дрогата: дејствија кои поради нивната опасност во сите земји во светот се санкционирани како потешки кривични дела. Вториот аспект се однесува на оние криминални дејствија кои нужно произлегуваат од употребата на дрога, меѓутоа не се поврзани со самото криумчарење и растурање на дрогата.

Во однос на првиот аспект разликуваме два типа на наркокриминалци: 1. Оние кои се занимаваат со недозволени дејствија, но кои никогаш не конзумираат дрога; 2. Оние кои се занимаваат со такви дејствија (криминал, дилање...) оттаму што им недостасуваат средства за лично снабдување со дрога.

Вториот аспект на поврзаноста на наркоманијата и криминалитетот се однесува на негативните однесувања кои произлегуваат од особините и состојбите во кои запаѓаат наркоманите. Овде се работи за зависници од droги кои со оглед на мотивот на делото може да се поделат во две подгрупи: а) лица што вршат кривични дела под дејство на

[34] Апстиненцијалниот синдром кој настанува поради нагло прекинување на уживањето дрога го карактеризира слична психотична состојба како кај delirium tremens. Се карактеризира со тремор, страв, немир, грчеви во желудник, просторна и временска дезорганизација, изменети интелектуални способности, халуцинации итн.

дрогата; б) лица што вршат кривични дела со цел да дојдат до истата (кривични дела поради апстиненцијални кризи).

## 6.3. Проституција

Проституцијата претставува негативна општествена појава која се состои во зачестено стапување во рамнодушни сексуални односи на лица од женски пол со случајни минувачи од машки пол, кои од какви и да било причини се заинтересирани за сексуални односи. Проституцијата претставува продавање на сопственото тело за пари, материјални добра и услуги обично од страна на женски лица.

Со овој поим подеднакво се покриени и случаите кога се продаваат мажи на други мажи (платен хомосексуализам) и жени на жени (платено лезбејство). Под проституција не се подразбираат ситуациите кога за некоја од горенаведените вредности не се продава сопственото тело, туку сопственото човеково достоинство, оваа појава има друго име-полтронство.

Главно можеме да кажеме дека проституцијата се јавува како резултат на општествената средина, а тука спаѓаат несредените општествени односи, како што најчесто се јавуваат невработеноста, тешките материјални прилики, економската зависност на жената и нејзината општествена нерамноправност, нејзината изложеност на притисок и уцени од страна на сопругот или друг приведувач. А сето тоа се јавува и како резултат на самата жена, тоа често им се случува на жени кои лесно потпаѓаат под туѓо влијание, односно кои се сугестибилни, кои сакаат на лесен начин да заработуваат, некои и заради забава и разонода и сл.

Од многуте податоци можеме да забележиме дека повеќето проститутки потекнуваат од позапуштени средини, од селата, од помалите градови, потекнуваат од сиромашни семејства, сето ова укажува дека главен извор на проституцијата е економскиот фактор. Тие главно се стремат да излезат од тешката материјална положба. Тие жени немаат поголемо образование од основното, а сепак сето тоа е поради тешката економска ситуација и немаат определено занимање или имаат но тоа им е привремено.

Со проституцијата се поврзуваат и другите девијантни однесувања, кои што се етикираат негативни и непожелни во едно општество. Тие доведуваат до рушење на општествениот поредок, доведуваат и до рушење на јавниот ред и мир.

Одредување на местото на проституцијата во системот на социопатолошките појави

Проституцијата како социјално патолошка појава ке се објасни само доколку и се пријде како на реална индивидуална и опстествена појава, со своите закономерности и константи во развојот, како и со сложна и богата етиолошка и феноменолошка разновидност при манифестирањето на бројните појавни облици.

Група словенечки автори[35] на проституцијата и приоѓа од аспект на посебна социјално патолошка појава и ја вбројува меѓу сексуалните девијации.

Еден од горенаведените автори зборувајќи за социјално патолошкото однесување на младите, на проституцијата и наоѓа место меѓу имотните деликти, односно ја класифицира во групата на "дејствија деструктивно насочени против сопственоста и материјалните добра" во кои спаѓаат и кривичните дела против имотот, криумчарењето и комарот.

Тргнувајќи од судско медицинскиот пристап А. Ѓериќ ја спомнува проституцијата како и алкохолизмот, малолетничкото престапништво и др. се предмет на проучување на социјалната медицина.

Други двајца српски автори местото на проституцијата и го наоѓаат во рамките на општествените девијации како облици на кршење на нормите на одреден поредок. Овие автори разликуваат три вида општествени девијации: системски, адаптивни и некомформистички.

Љ. Бавцон смета дека социјално патолошките појави како проституцијата, алкохолизмот, наркоманијата, хазардството, скитништвото, самоубиството и сл. треба да се третираат заедно како посебна општестена појава. Според него, социјално патолошките појави се девијантни човекови однесувања кои предизвикуваат одредена реакција во општествената средина, на која што се надоврзува некоја санкција.

Според З. Шепаровиќ проституцијата како социјално патолошка појава претставува исклучително тежок и сложен социјален проблем со значајни регионални разлики, со тешки критички, социјални правдини и општествени проблеми кои на посебен начин се вкрстосуваат и бараат преиспитување на денешната ситуација. Овој автор при

[35] Љупчо Арнаудовски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 1999, стр. 95-124.

одредувањето на социјално патолошките појави тргнува од неколку компоненти, кои со оглед дека се однесуваат и на проституцијата, ги одбележуваме како:

1. Социјално-патолошките појави се такви општествени факти што го нарушуваат нормалното функционирање на општеството или на општествените групи или на непреченото работење на поединци.

2. Според евентуалните последици социјално-патолошките појави се општествено неприфатливи, неповолни па затоа ги оценуваме како негативни општествени појави.

3. Социјално-патолошките појави се манифестираат во прв ред како девијантно однесување што е во судир со институционализираните очекувања, отстапување од просечното со штетно последици, био-психолошки или општествено условено.

4. Социјално-патолошките појави се манифестираат како растројства во општествени механизми, во дезорганизација на групите и институциите, социјалните дезорганизации и причина за социопатски однесувања, а можат да бидат и социјално патолошки појави сами по себе.

5. Социјално патолошките појави се хетерогени според својата содржина и според појавните облици, а распространетоста според времето и просторот имплицира и на различност при општественото реагирање на тие појави.

Проучувањето на литературата за проституцијата покажува дека научен пристап во истражувањето на овој теоретски и практичен проблем се диференцира дури кон крајот на XIX век. Проституцијата во основа се одредува како индивидуално девијантно однесување и се сместува во сексуалните и пошироко во општествените девијации, при што се набљудува како негативна индивидуална општествена појава, а проститутките се етикираат како девијанти.

Организираните општества најчесто посегнуваат по казнени мерки против проститутките заради спречување и неутрализирање на нивната деликвентна активност.

При одредувањето на основните карактеристики на секоја социјално-патолошка појава одделно и на сите заедно во единствен логичен систем Јаковлевиќ тргнува од пет важни критериуми:

1. Појавата да претставува одреден вид растројство на општествените структури и функции,

2. Да претставува облик на затајување на одделни општествени елементи,

3. Да е условена претежно од општествени причини,

4. Појавата да има одредени општествени последици вон обемот од нејзиното појавно проституирање,

5. Појавата да може да биде коригирана или спречена во настанувањето со општествени мерки.

Тргнувајќи од ваквите критериуми и потпирајќи се претежно врз етиолошката страна при одредувањето на местото на секоја одделна социјално-патолошка во целокупниот систем од овие општествено негативни појави, овој автор сите нив ги дели во три групи:

1. Социјални болести,
2. Социопати,
3. Социјални дезорганизации или дезориентации.

Сите три групи треба да се псматраат како нераскинливи потсистеми на системот на социјално патолошките појави како структурна целост.

Сите потсистеми пак, доколку одделно се разгледуваат се расчленуваат на бројни елементи согледани преку секоја индивидуална социјално патолошка појава.

Јаковлевиќ проституцијата ја сместува во вториот потсистем т.е. во групата на социопати во нејзината подгрупа пороци. Еве како тој ги групира социјално патолошките појави што се именуваат како социопати:

1. Токсикомании,
2. Пороци,
3. Агресии.

Проституцијата опфаќа многу форми на сексуалната патологија, како што се: орален и анален еротизам, садизам, мазо-хизам, егзибиционизам, кои очигледно се нешто повеќе од обична комерцијализирана хетеросексуалност вон бракот.

6.3.3. Видови на проститутки

- Улични проститутки – можат да бидат неорганизирани (слободни) или организирани (проституцијата ја вршат преку посреднит заштитник кој има интерес).
- Анимир дами – своите клиенти ги регрутираат во угостителските објекти во кои се вработени на тој начин што со знаење на своите газди ги стимулираат кон поголема употреба на алкохол.

- Копачи на злато – девојки кои се мажат за богати мажи само заради нивното богатство.
- Call – girls – девојки на повик кои клиентите ги добиваат со обичен повик на телефон. Овој вид на проституција се остварува по пат на посреднички куќи кои го овозможуваат контактот со клиентите и се грижат за тајноста и заштитата на проститутките. Кол – девојките може да бидат професионалки, но по правило тие во прв ред се занимаваат со редовна работа и пристоен статус во општеството (кај нас тоа е тешко остварливо ).
- Девојки за трговски зделки – девојки кои на деловните партнери им се отстапуваат заради олеснување на склучувањето на поголеми трговски договори.
- Моторизирани проститутки – девојки кои до своите клиенти доаѓаат нудејќи им се како автостоперки или од свои возила.
- Клубски проститутки – девојки кои ги задоволуваат сексуалните потреби на членовите на определен клуб во кој членуваат обично постари богати лица.

### 6.3.4. Проституцијата и криминалитетот

Проституцијата и криминалитетот покажува висок степен на поврзаност и интегрираност со криминалитетот. Ова особено се однесува на имотниот, сексуалниот и други облици на класичниот криминалитет, но посредно преку "трговската интервенција в кревет", деловната и други облици на организирана проституција, а е поврзана и со стопанскиот криминалитет (пред се со криминалитетот на белите јаки), преку шпионажата и на друг начин.

Проституцијата покажува повеќеслојна поврзаност со криминалитетот со оглед дека: проститутките му припаѓаат на иститот асоцијален милие на кој му припаѓа и криминалецот, проститутките се јавуваат како поттикнувачи на криминал, тие жесто ги покриваат криминалците, украдениот имот, таа понекогаш и се јавува како соучесник, како мамка, некои проститутки се занимаваат и со вршење криминал (кражби од клиентите по извршениот сексуаен однос, уцени, измами).

Криминалистичката наука укажува, а криминалистичката пракса тоа го потврдува дека омилено свртувалиштен а класичниот деликвент е станот на проститутката. Таа му е

љубовница, а воедно и јатак. Го крие него и неговите нечесни дела. Проституцијата е поврзана со: подведувањето, посредувањето и овозможувањето проституирање, како и со "трговија со бело робје" како појавни облици на криминалитет вршен од посебни типови на криминалци што безмилосно ги експлоатираат проститутките и во чии џебови се слева профит од проституцијата. Постојат повеќе категории луѓе што извлекуваат материјална корист од проститутцијата, тоа се:

1. Бизнисмени и други богати и влијателни луѓе,
2. Угледни дами кои обично се специјалисти за индивидуална тајна проституција,
3."Трговци со бело робје",
4. Полицајци, лекари, адвокати и други лица со слични професии,
5. Луѓе кои најнепосредно живеат од заработувачката на проститутката (љубоникот, блиските и пријателите).

Подведувачот тој е секогаш криминално и насилно расположен, главно, порано тешко осудуван затвореник, злосторник и заштитник на проституцијата. Тој ја тепа, ја мачи проститутката.

Никогаш не треба да се минимализира проституцијата како проблем и да се остава на маргините на општествената патологија каков што за жал од секогаш бил и сеуште е случајот не само во Република Македонија, туку и во други земји во светот.

Макрото е обично млада психопатска личност, склона кон лесен живот без труд, склона кон деликвенција, алкохолозам и други пороци. Тој е обично слаба, емоционално неспособна и сугестибилна личност, која служи како љубовник на проститутката, но си допушта себе си разни емоционални реакции, а истовремено и се издружа од неа.

Другиот не помалку раширен тип на макро се брутални и агресивни личности што присилуваат одделни жени да се занимаваат со проституција и ја искористуваат нивната проституција за заработувачка. Бидејќи за нивните финансиски потреби не е доволна една жена, тие земаат по неколку, од кои едната е главна. Во улога на посредници во индивидуалната јавна проституција, од ниско ниво, според криминалистичката практика, се јавуваат: сопственици на кафеани и ноќни барови, безделничари, станодавачи, таксисти, ситни криминалци, актуелни или поранешни улични проститутки и сл.

Како посреден вид посредници при вршењето проституција се појавуваат и постари жени, некогашни проститутки. Тие посебно внимание им посветуваат на млади девојки кои доаѓаат од провинција, посебно од село, како и на незгрижени лица. На тие лица им

искажуваат сожалување и спремност на секој начин да им помогнат, а потоа постапно и систематски ги поттикнуваат на проституција и блуд, доведувајќи ги истовремено во ситуација назависност, на подреденост и на обврска.Ислужените стари улични проститутки, обично не успеваат ни со најдолг проститутски стаж да обезбедат сопствен стан, ниту пак се способни и спремни за некакво легално вработување така што завршуваат како ситни криминалци, алкохоличарки, скитнички, питачки и сл.

Проституцијата неизбежно се наоѓа во нераскинлива врска со т.н."трговија со бело робје" како еден од најтешките појавни облици на криминалитетот што се протега низ целата историја на проституцијата. Под поимот трговија со "бело робје"се подразбира на измамен начин продавање живи човечки суштества кои погрешната проценка за атрактивното вработување скапо ги чини бидејќи завршуваат како обични проститутки во легални, прикриени или тајни или јавни куќи, при што во буквална смисла на зборот стануваат долгогодишни заробенички на нивните "газди".

Наивни, неискусни и недоволно внимателни девојки се јавуваат на разни конкурси со кои им се нуди добра, интересна работа како артистки, фото модели, секретарки и сл.[36]

Трговците со бело робје се посебен вид подведувачи кои се занимаваат со врбување и насилно одведување и за одреден надомест продавање на девојки и жени во странство или други краеви на земјата. Оваа појава е казнива како кривично дело тешко се открива и докажува зашто најчесто се сокрива под привидот на работен ангажман на проститутките, односно нивно ангажирање како танчерки, келнерки и сл.

Разгледувајќи го односот помеѓу проституцијата и криминалитетот, треба да се каже дека нивните етиолошки корени се заеднички ако не и исти. Ако криминалитетот како облик на деликвентно и антисоцијално поведение го добива квалификатот на општествено опасна појава, тогаш проституцијата како облик на девијантно и асоцијално поведение го носи кфалификатот на општествено штетна појава чии последици настануваат и општествено опасни тогаш кога се покажува како поврзана појава со криминалитетот.

### 6.3.5. Проституцијата и малолетничкиот криминал

Проституцијата претставува облик на социјално патолошка појава која во својот долг развој и низ сите нејзини појавни форми на манифестирање не ги опфаќа само

[36] Љупчо Арнаудовски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 1999, стр. 326.

возрасните, туку и дел од младите членови на општеството. Така, малолетни лица се оддаваат како на хетеросексуална, така и на моносексуална проституција.

Малолетничката проституција е застапена на сите три нивоа (на ниско ниво-како неорганизирана, улична и јавна проституција, на средно ниво како хотелска, туристичка и саемска тајна индивидуална и делумно или целосно организирана проституција и на високо ниво како некој од бројните облици на тајна организирана проституција), а покажува високо учество во темната бројка, со тенденција на зголемување на бројот на проститутките со пониска возрасна структура.

Во Европа постепено се зголемува долната старосна граница на девојчињата што се оддале на проституција. Машката хетеросексуална проституција во најголем дел ја преминува границата на малолетството и е карактеристичка за старосната група од 18 до 25 години[37].

Повеќемина автори при истаржувањата на малолетничката проституција дошле до сознанија: дека малолетните проститутки најчесто потекнуваат од најсиромашните општествени слоеви, а на проституирањето гледаат како излез од бедата: дека повеќе од половината биле жртви на физички и сексуални злоупотреби. Одреден број од нив се регрутираат и од повисоките општествени слоеви и сл.

Често малолетните проститутки се оддаваат и на вршење одделни видови криминалитет: скитништво, уживање во опојни droги, нарушување на редот и мирот и сл.

[37] Томислав Марковиќ, *Малолетничка деликвенција и нејзино сузбивање*, Скопје, Матица, 2002, стр. 168.

### 6.3.6. Проституцијата и социјалните болест

Проучувањето на проституцијата како тип на социо-патолошка појава наоѓа допирни точки со групацијата социјално патолошки појави што се нарекуваат социјални болести:

1. Соматските,
2. Менталните,
3. Психосоматските социјални болести.

Тоа нагласено се однесува на врската со соматските социјални болести како нарушување на елементарните човекови органи и органски системи, предизвикани претежно со социобиогено дејствување, со соодветни био-социјални последици и можности.

Нагласката ја ставаме на соматските социјални болести од проста причина што под тој поим се подведуваат цела низа од заразни болести меѓу кои значајно место заземаат венеричните болести и сидата.

Венеричните болести настануваат и се шират само преку сексуалните контакти, а ова делумно се однесува и на сидата како современа заразна болест на човештвото.

Наизменичните строго репресивни или превентивни здравствени и други мерки долго време се покажуваат како безуспешни за борбата против венеричните болести, кои особено широки размери заземаат во XIX век во повеќе европски земји. Проблемот со распространетоста на гонорејата и сифилисот е актуелен и во современите општества, па и во нашево.[38]

Опасностите што проституцијата ги носи со себе и штетните последици што таа ги предизвикува, особено преку ширењето на венеричните и на половите болести, секогаш треба да се имаат на ум при спречувањето на ова социјално и општествено зло.

Венеричните болести отсекогаш биле еден од најстрашните непријатели со кои војсководителите морале да се соочат. Пред првата светска војна заразеноста на некои европски армии изгледала вака: Германија 2.5%, Франција 4.2%, Италија 8%, Англија 17%.

Добиените резултати од одредени почетни истаржувања за откривање сида меѓу проститутките исто така се загрижувачки. Белгиски и кениски стручњаци утврдиле дека

[38] Нелко Стојановски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 2002, стр. 83-97.

64% од испитувана група проститутки во Најроби дошле во допир со вирусот на сида, а секоја трета проститутка носела антитела.

Проститутката која е заразена со некоја венерична болест преку својата работа настанува извор на ширење на таа болест, може да биде не само присилена на лечење, туку и изложена на други репресивни мерки.

## 6.4. Поим и видови хазардни игри

Поради доближување до околностите што ги определуваат значењето на проучувањето на хазардните игри (игрите на среќа и комарот) нужно е да се согледаат детерминантите што го предизвикуваат научниот и практичниот интерес за субјектите и органите кои се занимаваат со различните аспекти на овие појави во областа на социјалната патологија, криминологијата и безбедноста. А за сето тоа како приоритетна задача се наложува конкретното определување на поимот на хазардните игри и нивното место во системот на девијантните и казнивите поведенија.

Игрите на среќа и комарот треба да се сфатат како човеково поведение што предизвикува определена реакција од дифузната општествена средина, затоа што се спротивставуваат на дел од моралните норми кои владеат во неа. Таквото нивно определување не е доволно, бидејќи тоа опфаќа и појава на специфично негативно поведение на кое општеството надоврзува и прекршочни или кривични санкции. На тој начин се отвара целокупната сложеност на хазардните игри, како негативно општествено однесување, зошто едно исто поведение на човекот во определен случај се вреднува како социопатолошко однесување на кое се надоврзува реакцијата на дифузно општество во вид на морален прекор, а во други случаи, во зависност од исполнувањето на определени околности, истото поведение се јавува и вреднува како казниво дело, затоа што стапува во дејство формалната реакција на современото општество. Меѓутоа, во определени случаи хазардните игри може да се појават дури и како сосема дозволено поведение на кое општеството не надоврзува никаква реакција со што уште повеќе се усложнува

проблематиката околу оваа појава. Тоа е случај со определени форми на игри (лото, бинго, спортска прогноза и сл.) што ги организираат овластени општествени органи, кои и покрај посебниот назив – игри на среќа – не се ништо друго, туку, посебен вид на т.н. легален комар.

Оттука, произлегува и прашањето за тоа дали е воопшто можно такво научно поимно разграничување што нема да му оди на штета на откривањето на вистинската суштина на оваа појава. Но очигледен е фактот дека единствено преку зафаќањето на сите аспекти на појавата може да се согледаат атрибутите на хазардните игри, карактеристиките на нивните носители и последиците од нивното остварување.

При определување на поимот на хазардните игри најисправно е да се тргне од аналитичкото разгледување и предходното дефинирање на неговите појавни облици. Оттаму се извлекуваат следниве разлики и обележја: 1. Хазардните игри како противправна игра и противправно обложување (забранет комар); 2. Хазардните игри како дозволена игра на среќа и дозволено обложување (игри на среќа, кладилници и друг дозволен комар). Во двата случаи се работи за она што претставува комарот во неговата вистинска појмовна смисла, со таа разлика што човековите дејствија од првиот вид општеството прекршочно и кривично ги санкционира, а дејствијата од вториот вид, најчесто смета дека ни морално нетреба да ги осуди. Во прилог на овој магистерски труд, да спомнеме дека кај малолетниците забранети се и хазардните игри од вториот вид.

Од нив треба да се разликуваат оние однесувања што во себе ги содржат сите елементи на играта и обложувањето доколку од нив е исклучен економскиот момент, односно заработувачката на нивните учесници. Овие дејности се вклучени под поимот – забава (разонода).

6.4.3. Комар

Комарот претставува игна на среќа или обложување. Ако се тргне од тоа дека комарот е игра на среќа, тогаш може слободно да се каже дека тој претставува непродуктивна игра во која, според однапред определени правила, еден наспроти друг, со определен влог учебствуваат две или повеќе лица со цел да се стекнат со материална

корист, при што поединечниот успех во играта е неизвесен зошто во голема мера зависи од случајот. Од овој поим произлегува дека:

1. Комарот претставува непродуктивна игра што значи дека во нејзиниот тек не се создаваат нови материјални вредности;
2. Комарот се одвива според однапред утврдени правила што не смеат да се повредуваат во текот на играта;
3. Во комарот учевствуваат најмалку две лица од спротивни позиции. Овој елемент е исполнет и тогаш кога на поединецот му е спротивставен комарџиски апарат;
4. Учесниците во комарот настапуваат со одредени влогови. Влоговите се главно материјални вредности, во прв ред пари, подвижни и неподвижни предмети, но можат да бидат и чинења што се од корист за некој од учесниците на играта. Не е битна висината на влогот со кој се учевствува во играта ниту пак неговата форма (на пример дали се употребуваат жетони или други предмети како замена за пари);
5. Резултатот од играта треба за секој да претставува добивка ("ќар"), а за другиот губиток ("зијан") на некои вредности;
6. Успехот во играта треба да е непредвидлив, односно во целост или во основа да зависи од случајот (хазардот, среќата), а не од способностите на нејзините учесници. Треба меѓутоа, да се има предвид дека, според исправното тврдење на повеќе автори, комарот не е исклучиво неизвесна игра на среќа, зошто во оние игри што во основа се игри на среќа честопати е можно присуство на елементи на знаење, , вештина, посебна психичка и физичка подготвеност и издржливост, способност за меморирање, комбинирање и предвидување. Оттука во ситуации кога во комарот учевствуваат лица со големи разлики во способностите и познавањето на играта овие околности и особини имаат решавачко значење врз нејзиниот резултат. Тогаш успехот или неуспехот не се претежно условени од случајот туку се однапред предодредени.

Досега ги разработивме сите елементи на комарот но, не и она што овие човечки дејности ги диференцира од дозволените игри на среќа и дозволените обложувања, а тоа

се противправноста (забранетоста, недопуштеноста на дејствијето). Таа противправност е определена со чл. 398 КЗ кога се работи за комарот како кривично дело и чл.36 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир кога се работи за комарот како прекршок.

Одредбите што го определуваат комарот како кривично дело во нашиот Кривичен законик ("СВ РМ", 1996/37) со мали измени, всушност се превземени од Кривичниот закон на СФРЈ од 1951 год. Со поглед на заканетата казна "комарот" ("коцкањето", "хазардната игра") се појавува во три основи (неовластено организирање комар или друга игра на среќа што е забранета, овозможување на играње комар и примамување на други на играње комар) и еден квалифициран вид – комарџиска измама (измама при комарот).

Криминалнополитичките причини поради кои дејствијата од член 398 КЗ се третираат за кризично дело се состојат во нивната општествена опасност и штетните последици. Во оваа смисла во литературата обично се истакнува дека: ✦ со комарот се поддржува и стимулира неработењето (паразитизмот) и се затапува чувството на одговорност на човекот како член на општеството, ✦ со концентрацијата врз комарот слабеат и личните и општествените интереси на поединците што води кон општествена деградација на нивниот морал, ✦ со комарот се доаѓа до имотна корист без работа со што се руши основното начело според кое само трудот и резултатите од трудот претставуваат основа и мерило за општествената положба на човекот, ✦ комарот, од друга страна, им оди на штета на голем број негови учесници; за него се трошат огромни суми пари со што во поголема или помала мера се нарушува економската положба и стабилност на семејството, ✦ комарот е поврзан и со други облици на криминалот. Со него се создаваат посебни услови за различни измами со кои се искористува лекомисленоста и наивноста на голем број учесници. Загубите на комар пак често се причина за нивно надополнување по пат на кражби, проневери, грабежи, фалсификати и сл.

Комарот е силна и страсна емоција. Оваа страст настанува како резултат на мечтаењето за уживање, Современиот живот на луѓето им наложува многу поводи за уживање. Меѓутоа, до средствата за уживање сите неможат да дојдат по редовен пат. Затоа кај нив се создава завист и пркос спрема оние кои постојано уживаат во животот. Затоа, тие прифаќаат замена (алтернатива) за вистинско уживање во некои дејности кои

за нив се достапни, како што е комарот. Комарџиите секогаш се надеваат на среќа и добивка. Основата кај оваа страст е стекнување на средства без труд. Основната психолошка карактеристика кај комарџиите е што покажуваат слаб интерес за општествените и политичките дејности. Парите што ги заработуваат лесно ги трошат на: пиење, лесен живот итн.

6.4.4. Игри на среќа (дозволена хазардна игра)

Комарот е игра на среќа или обложување што за разлика од забавата секогаш служи за остварување на некаква имотна корист и како што видовме по правило е забранет. Велиме по правило, зашто од определени причини самата држава дозволува играње комар. Се разбира, за некои игри на среќа и обложување што имаат карактер на комар во вистинска смисла на тој поим меѓутоа со посебен акт – Закон за игрите на среќа и за забавните игри. Со овој закон комарот е дозволен и ставен под контрола на државата со оглед на тоа што преку него се прибираат огромен број на средства за буџетот на Република Македонија, за приредувачот на играта, за финансирање на определени годишни програми и задачи на здруженија на граѓани (програмите на здруженија на хендикепирани лица), за Црвениот крст на РМ, за развој на спортот и физичката култура итн.

Под игри на среќа во смисла на овој закон се подразбираат игрите во кои учевствуваат поголем број граѓани и во кои на учесниците покрај забавата им се дава можност на стекнување добивка во пари или предмети, или во право на бесплатни услуги при кои крајниот резултат на играта не зависи о знаењето и умешноста на учесниците во играта туку од случајот. Во оваа нешто поинаква дефиниција од онаа што предходно ја наведовме за комарот се забележува иста содржина. Разликата е само во тоа што овде законодавецот го употребил изразот "игри на среќа" со намера со него да се истакне непрекорливоста на едно во суштина исто човечко поведение. Притоа овој поим законот го вклопува и обложувањето.

Во законот натаму таксативно се наведени видовите на игри на среќа кои можат да бидат општи и посебни.

- Општите игри на среќа се делат на три дела:
  - **игри со извлекување** (лото, спортска прогноза, лотарија, инстант експрес лотарија, гребки, бинго итн.)
  - **обложување на спортски натпревари** и
  - **наградни игри**

- Посебни игри на среќа се:
  - **игри што се приредуваат во играчници – казино** (bauche, black jack, bacceara – chemin defer, trente et quarante poker итн.)
  - **игри на афтомати за игри на среќа.**

Покрај тоа секоја игра на среќа мора да има сопствени правила на игра. Со тие правила според законот се утврдуваат: името и времетраењето на играта, начинот на приредување и условите за учевство во играта, местото во кое се приредува играта, висината на влогот, односно цената на лозот, комбинацијата, томболската картичка или жетонот, како и крајниот рок за учевство во играта, видот на добивката и начинот на исплата, начинот на извлекување односно определување на добивките, начинот, местото и рокот на објавувањето на резултатите од играта, времето и местото на исплата, односно исплаќањето на добивката, јавност при извлекувањето на добивките итн. Покрај овие правила од чл. 31 за одделни игри на среќа со чл. 33 од Законот на игрите на среќа и за забавните игри се предвидуваат и посебни услови (правила), а во член 10 и 11 е даден конкретен опис за тоа на кој начин се одвива секоја од општите игри на среќа.

## 6.5. Самоубиство

### 6.5.3. Вовед

Се смета дека најсилниот нагон кај човекот е нагонот за самоодржување, нагонот за одбрана на сопствениот физички интегритет. Пред силата на овој нагон отстапуваат другите витални и социјални нагони, сите индивидуални и групни потреби, желби и посакувања. Но има исклучоци. Самоубиството е еден од нив. Тоа претставува свесно и намерно уништување на сопствениот живот без оглед на тоа дали таа намера била недоволно определена и нејасна, односно без оглед дали зад волевиот акт со кој се одзема сопствениот живот стоеле нормални или патолошки мотиви.

Се смета дека самоубиството е *длабок интимен, личен и поединечен чин, но тој истовремено во својата суштина претставува и општествена појава, затоа што претставува последица од нарушени односи на поединецот со општеството.* Самоубиството претставува таква појава која била присутна во текот на целата човекова историја и од што ни денеска не е лишено ниедно општество. Разликата е во тоа што денес најбогатите земји кои имаат најголема економска благосостојба имаат и најмногу самоубиства, што значи самоубиствата не се последица на бедата и сиромаштијата. Според достапните статистики, во Англија неделно извршуваат самоубиство повеќе од 100 лица. Во САД бројката е четири пати поголема, а Унгарија константно е светски рекордер по бројот на самоубиства. Светската Здравствена Организација укажува дека дневно околу 2000 луѓе си го одземаат сопствениот живот.

Самоубиството како општествена појава претставува еден од најсложените феномени. Во прилог на тоа зборува и фактот дека тоа било предмет на интересирање во текот на целата цивилизација на религијата, науката, литературата, уметноста, филозофијата итн.

6.5.4. Самоубиството како социјален и социопатолошки проблем

Секоја година речиси еден милион луѓе умираат од самоубиство. Според СЗО глобалната стапка на смртност (за 2011 година) изнесува 16 луѓе на 100.000, или еден смртен случај на секои 40 секунди. Во последните 45 години, стапката на смртност е зголемена за 60 % во целиот свет. Иако традиционално самоубиствата биле застапени најмногу кај машки постари лица, денес стапката на самоубиства кај младите луѓе драстично се зголемува. Оттука самоубиството кај младите станува еден од трите најголеми општествени ризици за дури една третина од земјите во светот. Што се однесува до нашата држава Република Македонија, според СЗО таа е во групата на земји **што се многу загрозени со самоубиство.** Просечно во периодот од 1990-1995 во Македонија имало: во 1990 година – 159 самоубиства, во 1991 – 146 самоубиства, 1992 – 144, 1993 – 150, 1994 – 128, 1995 – 131, 1996 – 146, 1997 – 180 самоубиства. Во 2003 година бројот на самоубиства изнесува 137, а застапеноста по пол и возраст е прикажана во следната табела:

| Возраст | 5 - 14 | 15 - 24 | 25 - 34 | 35 - 44 | 45 - 54 | 55 - 64 | 65 - 74 | 75+ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Машки | 0 | 9 | 10 | 17 | 20 | 12 | 15 | 12 | 97 |
| Женски | 0 | 6 | 5 | 1 | 7 | 7 | 7 | 7 | 40 |
| Вкупно | 0 | 15 | 15 | 18 | 27 | 19 | 22 | 19 | 137 |

© World Health Organization

Според државниот завод за статистика во Република Македонија во 2000 година има 148 самоубиства, во 2001 – 151, во 2002 – 149, 2003 – 137, 2004 – 179, во 2006 – 165, 2008 – 161, 2009 – 167, итн. Од тука можеме да констатираме дека бројот на самоубиства варира во сепак се зголемува.

6.5.5. Полот и самоубиствата

Би можело да се констатира дека насекаде во светот припадноста кон полот се покажува значајна за самоубиствата. Мажите кои сами си ставаат крај на својот живот се далеку помногубројни од жените. Учевството на мажите и жените во суицидалната

популација низ земјите во светот се движи во размер околу 4 : 1, со една правилност, таму каде што се повисоки стапките на самоубиство кај мажите, повисоки се и кај жените.

Во Република Македонија иако условно би можеле да речеме дека учеството на двата пола е симетрично, сепак во последниве неколку децении размерот изнесува 2 : 1 за припадниците на машкиот пол.

Ваквата правилност, мажите почесто да вршат самоубиства од жените, се објаснува со општествени фактори, последица на нивната различна општествена положба.

### 6.5.6. Возраста и самоубиствата

Возраста на личноста е тесно поврзана со нејзината општествена положба, а оттаму и со самоубиството. Скоро општо правило е самоубиствата да растат со возраста. Меѓутоа се забележува последните децении тенденсија на намалување на разликите меѓу различните старосни категории, како и пораст на бројот на самоубиства кај младите луѓе. Во факторите кои доведоа до тренд на зголемување на самоубиствата кај младите најчесто се наведуваат појавите на изолација, пасивност кај младите, неспособност да се превземе одговорноста и да се стекне незаисност, притисокот да се постигне општествен успех, но и се поголемата употреба на алкохолни пијалоци и droги. Самоубиствата кај децата се ретка појава и обично се случуваат за време на пубертетот.

### 6.5.7. Националноста и самоубиствата

Досегашните истражувања на националните стапки на самоубиства покажуваат дека националните групи различно се однесуваат кон самоубиството. Така постојат големи разлики во стапките на самоубиство кај различни народи и етнички групи од различни земји, но и во рамките на една земја. Во структурата на населенитето во Република Македонија доминантно е учевството на етничките Македонци, потоа Албанците, Турците, Ромите, Србите итн. Но и во самоубиствата во Македонија највисоко е учевството на етничките Македонци со 81,61%, што е значително над нивото на нашето учевство во вкупната популација (околу 70%).

### 6.5.8. Самоубиствата и брачната состојба

Во досегашните истражувања на самоубиствата од социолошки аспект се покажало дека брачната состојба има влијание за зачестеноста на вршење на самоубиство. Во семејството се стабилизираат односите и се оневозможува "животниот авантуризам", а од друга страна се создаваат подносливи услови за живот и заедничко решавање на проблемите. Со тоа практички бракот и семејството имаат профилактичко дејство спрема самоубиството. Но семејството нови и поголема одговорност за брачните другари, посебно за мажот во услови на присуство на традиционални и елементи на патријархални односи, со што брачноста посебно и оди на рака на жената. Но во врска со семејството посебно треба да се нагласи еден друг аспект на меѓусебни односи меѓу партнерите. Ако брачната заедница не е успешна, ако се присутни чести караници, нетрпеливост, неразбирање за заедничките проблеми и слично може да биде суицидоген фактор што значи тешките конфликтни ситуации во бракот се разрешуваат со самоубиство. Кај нас се покажува дека мажите од семејните конфликти решението го бараат во самоубитвото многу повеќе отколку жените (67 % : 33 %). Во Македонија стапката на самоубиство е помала на оние што се женети и мажени во однос на оние кои не се.

### 6.5.9. Мотиви за самоубиство

Голем број истражувачи на самоубиството значајно внимание им посветуваат на мотивите на самоубиството, сметајќи дека на тој начин ќе ги откријат причините на оваа појава. Во периодот од последниве дваесетина години во Република Македонија се наведени следниве мотиви:

| | |
|---|---|
| Ментални заболувања | 22,72% |
| Соматски заболувања | 9,61% |
| Семејни проблеми | 16,61% |
| Несреќна љубов, несакана бременост, љубомора | 4,41% |
| Отфрленост, осаменост | 4,49% |
| Материјални проблеми | 3,79% |
| Неуспех во работа и бизнис | 3,30% |
| Стареење, немоќ | 5,08% |
| Навредена чест | 1,91% |
| Страв од казна | 0,99% |
| Непознато | 27,58% |

### 6.6. Влијанието на телесната конституција врз криминалното однесување на личноста

Рот, Н. (1963) наведува дека телесната конституција како надворешна особина влегува во структурата на личноста. Истиот автор смета дека таа е и еден од битните фактори за општиот развој на личноста. Од високиот или нискиот раст, правилниот или неправилниот физички развиток, како и надворешниот изглед, зависи какви ставови една личност ќе формира спрема себе, а какви околината за неа. Некои луѓе со силни мускули, коски и висок раст, кои се услов за голема физичка сила, а не е полезно насочена, можат да формираат ставови дека "никој не им може ништо". Наспроти ова, слабите луѓе и оние со лош естетски изглед, можат да добијат комплекс на пониска вредност и барајќи компензација да западнат во криминално однесување. Претерано дебелите луѓе, може да западнат во посебен вид на криминал за да дојдат до храна[39]. Не е мал бројот на истражувачите кои телесната конструкција на луѓето ја поврзуваат и особините на личноста. Така на пример, атлетско градените типови се сврстуваат во колеричен темперамент, а дебелите во флегматичен. Оттаму телесната конструкција на човекот може да претставува и индикатор или мотив за извршување на криминално дело. Таму каде што може да влезе, на пример, слабиот и високиот да направи криминално дело, неможе да

[39] Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Beograd, 1972

влезе дебелиот и нискиот. Физички силниот извршува други криминални дела за разлика од физички слабиот или дебелиот. Оттаму, разни криминолози, псифолози и психијатри го проучувале физичкиот изглед на човекот и неговата поврзаност со криминалот. Во поново време некои истражувачи и придаваат големо значење на врската помеѓу надворешниот изглед на човекот и злоделата што тој ги прави. Меѓу нив се вбројуваат: Кречмер, Шелдон, Херман и Манхајм Гликови итн.

6.6.3. Кречмерови истражувања

Германскиот психијатар Кречмер, Е. (1921) во својата типологија, изнесена во делото "Телесна градба и карактер", зборува за поврзаноста помеѓу телесната конституција и криминалното однесување. Според овој автор постојат три вида посебни конституции на луѓе и еден комбиниран. Подоцна оваа типологија овој автор ја потврдува и на полето накриминалот. Описот на типологијата е следниот:

- Лептозомни (високи и слаби) – фригидни, резервирани, ладни и недруштвени
- Атлетски (развиен скелет и мускулатура) – стабилен, но повренемо експлозивен
- Пикници (поголем стомак и мал раст) – љубезен и друштвен
- Диспластични (мешовит и комбиниран тип од предходно споменатите типови) – темпераментот е со повеќе нијанси.

Кречмер исто така се обидел да го испита односот на конституциите на луѓето со душевните заболувања и утврдил одредена корелација. Кречмер во ова истражување, на пример, ја поврзува телесната градба со две психички заболувања: манијакално – депресивна психоза и шизофренија. Овие две форми на психози ги гледа како екстремни форми на психолошките предиспозиции, чии траги можат да се најдат и кај нормалните поединци. Според Кречмеровите истражувања ако, лептозомот, атлетикот и диспластичарот заболат, болеста води кон шизофренија и таквите типови ги нарекува шизотомни. Шизоидните типови, според Кречмер и многу негови приврзаници, се склони кон разни злосторнички и силеџиски испади, а останатите кон кражби, малверзации и лажења.

## 7. Релевантни истражувања

### 7.1. Состојбите со малолетничката деликвенција во Република Македонија според официјали податоци од Министерството за внатрешни работи

Во текот на 2010 година се расветлени вкупно **14.540 (15.128)** кривични дела, од кои **2.136 (2.382)** се извршени од малолетници, со што учеството на малолетниците во вкупно расветлените дела изнесува **14,7% (15,7%)**. Една од основните карактеристики на малолетничкиот криминал е повторништвото, а потврда за истото е дека во 2010 година за извршените кривични дела се пријавени **3.415 (4.015)** малолетни сторители, од кои **2.974** или 87,1% се јавуваат како извршители на повеќе кривични дела. Од пријавените 3.415 малолетни сторители, 684 или 20% се на возраст до 14 години. Според најновите информации објавени од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, за 2012 година, бројот на извршени кривични дела од страна на малолетници изнесува 2.103.

### 7.2. Состојби во малолетничката деликвенција по видови на криминал

Од вкупниот број кривични дела извршени од малолетници - **97,8%** или **2.089 дела** отпаѓаат на кривични дела од областа на **класичниот криминал,** но ако се анализира структурата на кривичните дела, ќе се забележи дека најголемиот дел – **89% или 1.861 дело** припаѓаат на **кривични дела против имотот**. Учеството на малолетниците во другите области е минимално. Така, во кривичните дела против животот и телото учествуваат со 3% од кои во најголем број случаи се работи за тешки телесни повреди - **33** дела, а во текот на 2010 година од малолетници се извршени и две дела убиство во обид. Понатаму, во кривичните дела против половата слобода и морал учествуваат со **0,9%, 17** од делата се "полов напад над малолетник кој не навршил 14 години", и по едно дело – "прикажување порнографски материјал на дете"; "задоволување полови страсти пред друг" и "силување во обид". Кривичните дела против јавниот ред се застапени со **1,5%**, односно најзастапено е кривичното деело "насилство" - со **14** дела, а се регистрирани и

девет дела – "напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и четири кривични дела "спречување службено лице во вршење службено дејствие". Во рамките на **имотните деликти**, најголемо е учеството на малолетниците во извршувањето на **тешките кражби - 1.316.** Инаку, малолетниците се јавуваат и како сторители на кривични дела со елементи на насилство. Во 2011 година се регистрирани **64 разбојништва** извршени од малолетници, при што во најголем број случаи се работи за улични разбојништва извршени со употреба на физичка сила и вербална закана, а најчести жртви се нивни врсници, при што им се одземаат мобилни телефони и помали износи пари. Инаку, голем дел од малолетниците се повеќекратни повторници на имотни деликти.

Во областа на **недозволената трговија** се извршени **27 (30) дела** или **1,7%**, од вкупно извршените кривични дела од страна на малолетници, во **19** случаи се работи за делото "неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", по четири извршени на подрачје на СВР Скопје и СВР Куманово, три на подрачје на СВР Битола, по две во СВР Тетово, СВР Штип и СВР Охрид и по едно во СВР Велес и СВР Струмица, при што претежно се работи за мали количини наркотични дроги и тоа марихуана, а дрогата најчесто е пронаоѓана при извршен личен претрес, потоа при претрес во нивните домови или во моментот кога вршеле купопродажба. Исто така е регистрирано и **едно** кривично дело "овозможување на употреба на наркотична дрога" на подрачје на СВР Охрид. Понатаму, регистрирани се и **седум** дела "недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи", при што најчесто поединци продавале петарди околу новогодишните празници или поседувале пиштоли или револвери без одобрение. Делата се извршени на подрачје на Тетово - две и по едно кривично дело на подрачје на Скопје, Куманово, Дебар, Кичево и Охрид.

Во областа на **организираниот криминал** малолетниците извршиле **10 (15)** дела или учествуваат со **0,5%** и во осум случаи се работи за кривични дела "фалсификување пари", три регистрирани на подрачје на СВР Охрид, две на подрачје на СВР Скопје, две во СВР Штип и едно кривично дело во СВР Битола, при што малолетниците пуштале во оптек фалсификувани пари при купување во продавници. Понатаму, од малолетници е

извршено едно кривично дело "перење пари" и едно дело "криумчарење мигранти", на подрачје на Гевгелија, при што 17-годишен малолетник од Гевгелија бил учесник во организирана 19-члена група која подолг период учествувала во криумчарење мигранти од Р.Албанија преку Р.Македонија во западно-европските земји.

Во областа на **економскиот криминал** регистрирани се **шест дела (четири)** или застапеноста на овие дела е **0,3%**, односно се работи за две дела "симнување или оштетување на службен печат или знак" извршени на подрачје на Скопје од страна на 16-годишен малолетник и по едно дело "измама при добивање кредит или други поволности" во Скопје извршено од 17-годишен малолетник кој делото го извршил во група со уште две полнолетни лица, "незаконит лов" извршено на подрачје на Гевгелија, "неовластено навлегување во компјутерски систем" и "употреба на невистинито лекарски или ветеринарно уверение" извршени на подрачје на Скопје.

По одделни подрачја, најголем број кривични дела малолетниците извршиле на подрачјето на СВР Скопје - **738,** потоа СВР Штип - **277**, СВР Тетово - **266**, СВР Струмица -**216**, СВР Битола - **189**, СВР Велес - **164**, СВР Охрид - **161** и СВР Куманово - **123** кривични дела и ООК **две** кривични дела.

Од вкупно извршените **738** кривични дела на подрачјето на СВР Скопје, поголемиот дел се кривични дела од класичниот криминал - **725**, од кои повеќе од половината односно **409** се тешка кражба, **173** кражби и **48** разбјништва, додека останатите кривични дела се помалку застапени. Од потешките дела, би ги спомнале **осум** кривични дела "насилство" и **шест** – "тешка телесна повреда". Во текот на изминатата година на ова подрачје малолетниците извршиле по **пет** кривични дела од областа на недозволената трговија и економскиот криминал и **две** кривични дела од областа на организираниот криминал, како и **едно** дело против државата.

На подрачје на овој сектор се пријавени **1.259** малолетници, од нив **338** се деца, од кои голем дел се повторници, пред сѐ на дела од областа на имотните деликти.

На второ место по број на дела извршени од малолетници е СВР Штип, од вкупно **277** регистрирани кривични дела извршени од страна на малолетници, најмногу **-118** се извршени во Штип, потоа **82** во Кочани, **27** во Виница, **22** во Пробиштип, **11** во Делчево, **10** во Свети Николе и **седум** во Берово. Карактеристично е што од вкупно **10** разбојништва во градот Штип, скоро половината се извршени од малолетници, додека во Виница и Берово малолетни сторители се јавуваат како извршители на кривични дела од областа на сексуалните деликти. На подрачје на Пробиштип, група од шест малолетници во домот на еден од пријавените на компјутер изработиле **18** фалсификувани банкноти од 500 и 1.000 денари и истите ги пуштале во оптек во угостителски објекти, при користење такси услуги и слично. Од пријавените **521** малолетник, **74** се деца, а голем дел се повторници, пред сѐ на дела од областа на имотните деликти.

На подрачјето на СВР Тетово, од малолетници се извршени вкупно **266** кривични дела, од кои **153** дела се извршени во Тетово и **113** во Гостивар. Поголемиот дел се кривични дела од областа на класичниот криминал освен **четири** дела од областа на недозволената трговија, а се работи за по **две** дела трговија со дрога и трговија со оружје и **две** дела против државата при што еден малолетник на возраст од 16 години во група со уште три полнолетни лица неовластено влегле во воен објект - склад за оружје и муниција каде вршеле снимање и одзеле оружје и муниција. Од кривичните дела од класичниот криминал проследени со насилство на подрачје на Тетово се извршени **три** кривични дела "тешка телесна повреда" и на подрачје на Гостивар од малолетници се извршени **две** – "разбојништва", останатите дела се тешки кражби и кражби. На ова подрачје кривично се пријавени **346** малолетници, од кои само **17** се деца, претежно повторници.

На подрачјето на СВР Струмица, се извршени **216** дела, од кои **114** се извршени во Струмица, а имајќи предвид дека Радовиш е една од помалите општини, загрижувачки е фактот што само на негово подрачје се извршени **92** кривични дела од малолетници, што преставува скоро половина од извршените дела од малолетници, додека бројот на дела во Гевгелија е **седум** и Валандово–**три** дела. Притоа, **214** од делата се од класичниот криминал претежно против имотот и тоа тешка кражба, а од останатите, **пет** дела се "полов напад над малолетник кој не наполнил 14 години" и **три** дела "тешка телесна

повреда". На подрачје на Секторот, поточно во градот Гевгелија малолетниците извршиле и по **едно** кривично дело од областа на економскиот криминал и недозволената трговија со дрога. Пријавени се вкупно **457** малолетници, а од нив **166** се деца, а како повторници се јавуваат повеќе лица претежно кај кривичните дела "тешка кражба".

Понатаму следи СВР Битола каде од вкупно **189** кривични дела извршени од малолетници, во Битола се **94**, потоа **79** се извршени во Прилеп, Крушево - **осум** дела, **четири** во Ресен и по **две** дела во Македонски Брод и Демир Хисар. Сторители се - **287** малолетници, од нив **59** биле деца, поголемиот дел повторници во вршење на кривичните дела. Од имотните кривични дела се работи претежно за "тешки кражби", извршени се **шест** "разбојништва", а од потешките кривични дела на подрачје на градот Битола од малолетници се извршени **шест** "тешки телесни повреди". Покрај кривичните дела од областа на класичниот криминал, во овој сектор се извршени и **три** кривични дела од областа на недозволената трговија, **две** во Прилеп и **едно** во Битола и **едно** кривично дело од областа на организираниот криминал – "перење пари и други приноси од казниво право" на подрачје на Прилеп.

На подрачје на СВР Велес, од регистрираните **164** кривични дела, најмногу се извршени на подрачје на Кавадарци - **89**, Велес - **60** и **15** во Неготино. На подрачјето на Кавадарци и Велес малолетниците извршиле по две кривични дела од областа на сексуалните деликти, а од потешките кривични дела во Велес, малолетници извршиле **четири** кривични дела – "тешка телесна повреда". Во СВР Велес од останатите кривични дела од областа на класичниот криминал најзастапени се "тешките кражби" - **80** и "одземање моторно возило" - **19** кривични дела. Покрај кривичните дела од класичниот криминал во Велес е регистрирано и едно дело од областа на недозволената трговија со дрога. На подрачјето на овој Сектор се пријавени вкупно **215** малолетници од нив **11** деца.

На подрачје на СВР Охрид, од регистрираните **161** кривично дело, најмногу се извршени на подрачјето на Охрид - **68**, потоа следи Струга - **30**, Кичево - **56** и Дебар - **седум**. На ова подрачје кривично пријавени се вкупно **204** малолетници од нив **23** деца. Во овој регион малолетниците извршиле по **едно** кривично дело "недозволена трговија со

оружје“ во Охрид, Дебар и Кичево, **две** дела “недозволена трговија со дрога“ во Охрид и Струга и **едно** дело “овозможување на употреба на дрога“ во Охрид. Малолетниците од областа на организираниот криминалитет извршиле **три** кривични дела и тоа едно во Охрид и две во Струга, а се работи за кривични дела – “фалсификување пари“. Останатите кривични дела се од класичниот криминал, најмногубројни се “тешките кражби“, а од потешките кривични дела малолетниците извршиле **пет** дела – “тешка телесна повреда“, по две во Охрид и Струга и едно во Кичево

Најмалку кривични дела извршени од малолетници се регистрирани на подрачје на СВР Куманово - **123**, најголем број се извршени во Куманово - **86**, Крива Паланка - **33** и најмалку во Кратово - **четири**. За овие дела кривично се пријавени вкупно **211** малолетници од нив **94** се деца. Од потешките дела од класичниот криминал проследени со насилство, регистрирани се само **две** дела “тешка телесна повреда“ и едно кривично дело “насилство“ на подрачје на градот Куманово, а останатите дела се тешки кражби и кражби. Во градот Куманово покрај овие регистрирани се и **пет** кривични дела од областа на недозволената трговија од нив четири за недозволена трговија со дрога и едно дело за недозволена трговија со оружје.

**Малолетниците се јавуваат и како сторители на прекршоци против јавниот ред и мир**, така во текот на 2011 година, од вкупно **10.911** барања за поведување прекршочна постапка против **15.676** сторители, **1.341 барање се против малолетници**. Најчест прекршок кој го извршиле малолетниците е “физички напад“ - **649,** “учество, предизвикување или поттикнување тепачка“ - **499**, **38** – “реметење на ЈРМ“, **25** се “карање, викање и непристојно однесување“, **20** – “фрлање и кршење на разни предмети“, **17** – “вознемирување соседи“, **14** – “малтретирање и вршење присилба“, **12** – “омаловажување на државен орган“, **10** прекршоци за “вознемирување со гласна музика“, **девет** – “неовластено пукање од огнено оружје“, додека останатите прекршоци се застапени во многу помал број.

Од другите социопатолошки појави позастапени се алкохолизмот и уживањето наркотични дроги кои во нашето законодавство се санкционирани прекршочно. Во текот на 2010 година, **девет** малолетници се пријавени за "оддавање на пијанство на јавно место" и **16** малолетници се пријавени за сторен прекршок "уживање наркотични дроги и психотропни супстанци". Во однос на Секторите, набројни се малолетниците кои сториле прекршоци против јавниот ред и мир на подрачјето на СВР Скопје - **563**, понатаму седува СВР Битола со **161** пријавен малолетник, во СВР Куманово - **140**, **116** во Охрид, **106** во Струмица, **105** малолетници пријавени во СВР Велес, во СВР Штип - **100**, и најмалку во СВР Тетово - **42** и РЦ Исток со пријавени **осум** малолетници за сторени прекршоци против јавниот ред и мир.

Во дипломскиот труд Дамовски Андон спроведува истражување кое поврзано со причините на појава на малолетничка деликвенција. Тој своето истражување го спроведува во Заводот за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци "РАНКА МИЛАНОВИЌ"-СКОПЈЕ и по пат на интервју се добиени следниве резултати:

Од вкупниот број на видови на **деликти кои најчесто ги вршат малолетниците**, 47,7 % припагаат на малолетници кои се на возраст од 17-18 години, од кои најзастапен е деликтот на кражби, во 21,5% , воедно како второ застапен е нарушувањето на јавниот ред и мир додека во помал процент се застапени сексуалите деликти, деликтите против живот и тело и др деликти. Кај малолетниците на возраст од 15-16 години во 7,7% најзастапени се кражбите , веднаш по нив застапеноста паѓа на деликтите против животот и телото со 4,6% и во помали проценти застапеност на другите деликти.Во 13,9 % се застапени кражбите кои воедно претставуваат најголема застапеност кај малолетниците на возраст од 13-14 години, а во 6 од случаевите или 9,2% припага на малолетници кои конзумираат псиотропни супстанции. Кај малолетниците на возраст од 10- 12 години не се забележуваа големо процентуално ниво во извршување на ваквите видови на деликти . Во однос на **начинот на кој малолетниците го поминуваат своето време** авторот дошол до заклучок дека малолетниците на возраст од 17-18 години своето слободно време го исполнуваат најмногу со користење на интернет, слушање музика, гледање тв, само 4,9% од малолетниците на оваа возраст слободното време го поминуваат во скитање, питачење.

Малолетниците на возраст од 15-16 години најголемиот дел од слободното време го поминуваат во скитање, многу мал дел од времето го посветуват на користењето на интернет, тв, спорт. Дури кај 31,7% од малолетниците на возраст од 13-14 години вклучени во истражувањето 12,2% слободното време го поминуваат во скитање, најмалку во користење мобилни телефони. Како што може да се забележи трендот на скитање, просеење е карактеристичен за малолетниците на возраст од 13-16 годишна возраст за разлика од малолетниците кои се на 17-18 годишна возраст. За **економската состојба** тој заклучува дека кај малолетниците од Ромската националност, економската состојба изразито не ги задоволува потребите на децата и семејствата, станува збор за многучлени семејства. Состојбата кај малолетниците од Македонска националност се разликува од состојбата кај Ромите, дури кај 13,3% економската состојба не ги задоволува потребите и реално живеат во тешки економски услови, додека кај 6,6% економската состојба е просечна . Тука станува збор за семејства чии родители се вработени во производствени фирми и имаат сопствени куќи. Може да се забележи декај кај малолетниците од сите националности економската состојба е на незадоволително ниво. [40]

Во 1978/79 година во Велика Британија, направено е истражување за детектирање на факторите кои ја детерминираат малолетничката деликвенција. Авторите на истражувањето M.J. Hinderlang, T. Hirschi и J.G. Wels користеле структурирано интервју. Примерокот броел околу 600 испитаника, сите биле машки лица на возраст од 13 и 15 години од територијата на Лондон. Во истражувањето биле вклучени лица од бела и од црна раса. Резултатите кои се добиени се следниве: - Децата со понизок училишен успех биле повеќе склони на криминално однесување отколку оние кои имаат повисок. Потоа дека децата од црната раса се повеќе склони на криминал, отколку оние од белата. Други значајни разлики не се пронајдени, но како фактори кои ја детерминираат појавата на криминалот кај малолетниците издвоени се и: социо-економскиот статус, личносните карактеристики, генетските фактори и.т.н.

Следното истражување е спроведено во САД, од авторите M. Rutter и H. Giller. На 427 испитаника е користен метод на посматрање. Следени биле бихевиоралните

[40] Дамовски Андон, Причини за појава на малолетничка деликвенција, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје 2011

карактеристики и опкружувањето на деликвентот. Покрај посматрањето формирани биле и фокус групи кои биле составени од деликвенти на возраст до 17 години. Резултатите од ова истражување се дека - Карактеристики кои можат да доведат до појава на малолетничка деликвенција се. Полот, опкружувањето, училичниот успех, градбата на телото, попречености во развојот, лични карактеристики, сангвистичен карактер, генетски фактори. Сите кои биле дел од фокус групите составени со намерен примерок биле пушачи.

Rober Agnew во своето дело „Juenile Deliquency„[41] која е напишана врз основа на негови повеќебројни истражувања, вклучува однос и поврзаностт помеѓу деликвенцијата и: 1.биолошките фактори, 2. личните особини на деликвентот; 3. семејни фактори; 4.училишен успех; 5.вклучување во банди; 6.мас медиуми; 7.религијата. Освен овие фактори кои ги смета за најзначајни, тој ги споменува и поседувањето на оружје на родителите, хиперактивноста на детето, агресивното однесување итн. Во книгата споменато е и дека склони на малолетничка деликвенција се деца со висок коефициент на интеригенција но со лоша емоционална стабилност, со т.н.уништени домови (broken homes).

Во **2007 година, Републичкиот завод за здравствена заштита во Република Македонија во соработка со UNICEF, спроведе истражување за здравјето на адолесцентите** во нашата држава. Во истражувањето е употребен е дво-стадиумен дизајн на примерокот со цел да се добие репрезентативен примерок од ученици во 7 и 8 одделение од основното образование и I и II година од гимназиското образование. 30 училишта беа селектирани да учествуваат во истражувањето и вкупно 2.114 прашалници беа пополнети во сите 30 училишта. Стапката на одговор од училиштата беше 100% (30 од 30 одбрани училишта), додека стапката на одговор од учениците беше 93.4% (2.114 од 2.267 ученици во примерокот). Вкупната стапка на одговор беше 93.4%. Прашалникот кој се употреби во ГИЗА содржеше 74 прашања, 52 од основните прашања и 22 од проширените и специфични за земјата прашања. Варијабли кои се вклучени во

[41] Agnew Robert ; Juvenile Delinquency: Causes and Control, Second Edition. Los Angeles:Roxbury Publishing Co, 2005, стр. 214

истражувањето се: однесување во врска со исхраната, хигиена, насилство и повреди, силеџиство, ментално здравје, пушење, употреба на алкохол и дрога, сексуално однесување и физичка активност.

Резултатите од истражувањето се следниве:

- Насилство

Во Македонија 18.7% од учениците биле физички нападнати еднаш или повеќе пати во во текот на 2007 година. Машките ученици (24.4%) биле значително почесто физички нападнати од женските ученици (12.4%) еднаш или повеќе пати во текот на 2007. Од учениците кои имале момче/девојка, 8.4% биле на некој начин физички повредени од партнерот во изминатите 12 месеци; значително повеќе момчиња (9.7%) отколку девојчиња (6.4%) пријавиле дека биле повредени. 30.5% од учениците учествувале во физичка пресметка еднаш или повеќе пати во 2007 година. Машките ученици (41.1%) значително повеќе од женските ученици (18.7%) учествувале во физичка пресметка. Вкупно 31.3% од учениците се изјасниле дека биле сериозно повредени еднаш или повеќе пати во изминатите 12 месеци. Машките ученици (37.3%) биле значително почесто сериозно повредени од женските ученици (24.9%) . Меѓу ученицните кои биле сериозно повредени во изминатите 12 месеци, 26.4% биле на спортски тренинг или натпревар кога ја здобиле најсериозната повреда, 32.5% ја здобиле најсериозната повреда при пад, 31.6% се здобиле со најсериозната повреда како резултат на ненамерно самоповредување, додека 28.2% доживеале скршеница или дислокација на зглоб како најсериозен тип на повреда. Значајно поголем процент машки ученици (31.4%) во однос на женски ученици (18.9%). биле на спортски тренинг или натпревар кога ја здобиле најсериозната повреда. За другите причини, нема значајна разлика по пол.

Вкупно 10.0% од учениците биле жртви на силеџиство еднаш или во текот на повеќе денови во изминатите 30 дена. Уделот на машки и женски ученици е еднаков. Меѓу оние ученици кои биле жртви на силеџиство во изминатите 30 дена, 16.9% најчесто биле удирани, клоцани, туркани или заклучувани. 18.5% од учениците на возраст меѓу 13 и 15 години доживеале ваков тип на силеџиство.

- Ментално здравје (во врска со суицидалното однесување и депресијата)

*Осаменост/депресија*

Во Македонија, 6.4% од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени во текот на 2007 година. Машките ученици (4.2%) значително поретко од женските ученици (9.0%) поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени. Вкупно 6.8% од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале толку загрижени за нешто заради што не можеле да спијат навечер во изминатите 12 месеци. Кај машките ученици (3.8%) ова се случувало значително поретко од женските ученици (9.8%).

*Суицидно однесување*

Вкупно 8.6% од учениците сериозно размислувале да извршат самоубиство во текот на изминатите 12 месеци во тековната 2007. Машките ученици (6.8%) значително поретко од женските ученици (10.5%) сериозно размислувале да извршат самоубиство. Вкупно 5.7% од учениците правеле план како би се обиделе да извршат самоубиство во текот на изминатите 12 месеци. Машките ученици (4.8%) поретко од женските ученици (6.6%) правеле план како да го извршат самоубиството. Вкупно 2.7% од учениците немаат блиски пријатели и на 15.5% им било предавано во текот на оваа учебна година како да се справат со стресот на здрав начин. Во одговорите на овие две прашања нема значајна разлика меѓу машките и женските ученици.

- Пушење

Во однос на резултатите поврзани со пушењето, во ова истражување, 50.6% од учениците во Република Македонија кои пушеле цигари во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена (во 2007) првпат запалиле цигара на возраст од 13 или помалку години. Машките ученици (55.8%) почесто од женските ученици (45.8%) првпат запалиле цигара на возраст од 13 или помалку години. Вкупно 14.1% од учениците пушеле цигари во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена. Машките ученици (12.5%) значително поретко од женските ученици (15.9%) пушеле цигари во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена. 10,5% од учениците на возраст од 13 до 15 години пушеле цигари во

еден или повеќе денови во изминатите 30 дена. Женските ученици (12.3%) значително почесто од машките ученици (8.8%) пушеле цигари во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена. Меѓу учениците кои пушеле цигари во изминатите 12 месеци, 59.4% се обиделе да престанат да пушат. Машките ученици (53.3%) значително поретко од женските ученици (65.0%) се обиделе да престанат со пушење.

- Алкохол

Во Република Македонија преваленцијата на употреба на алкохол кај учениците (т.е. пиење барем еден алкохолен пијалок во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена) изнесува 39.4%. Машките ученици (44.2%) значително почесто од женските ученици (34.6%) пријавиле актуелна употреба на алкохол. 35.7% од учениците на возраст од 13 до 15 години консумирале барем еден алкохолен пијалок во изминатите 30 дена. Момчињата (40.8%) значително почесто од девојчињата (30.6%) се изјасниле дека пиеле алкохолни пијалоци во овој период. Од учениците кои испиле алкохолен пијалок (а не само неколку голтки), 61.2% биле помлади од 14 години кога за првпат пробале алкохол. Значително поголем број од машките ученици (71.2%) во однос на женските ученици (47.1%) го испиле првиот алкохолен пијалок на возраст помала од 14 години. Меѓу учениците кои испиле барем еден алкохолен пијалок во изминатите 30 дена, 40.9% испиле два или повеќе пијалоци. Нема значајна полова разлика кај учениците кои испиле два или повеќе алкохолни пијалоци во изминатите 30 дена.

Вкупно 25.6% од учениците испиле толку многу алкохол така што навистина биле пијани еднаш или повеќе пати во животот. Машките ученици (29.7%) значително почесто од женските ученици (21.6%) биле навистина пијани еднаш или повеќе пати во животот. 21.7% од учениците на возраст од 13 до15 години (25.7% момчиња и 17.8% девојчиња) биле навистина пијани еднаш или повеќе пати во животот. 20.2% од учениците биле вовлечени во проблеми со домашните или нивните пријатели, отсуствувале од училиште или учествувале во тепачки како резултат на пиење алкохол еднаш или повеќе пати во животот. Нема значајна разлика по пол во врска со ова прашање. 17.8% од учениците на

возраст од 13 до 15 години биле вовлечени во проблеми заради пиење алкохол во текот на животот.

- Дрога

*Зачестеност на употреба на дрога во текот на животот*

Во Република Македонија преваленцијата на употреба на дрога во текот на животот (употреба на дрога, каква што е марихуаната, барем еднаш во животот) изнесува 3.0%. Машките ученици (3.9%) значително почесто од женските ученици (2.0%) пријавиле употреба на дрога во текот на животот. 1.8% од учениците на возраст меѓу 13 и 15 години употребиле дрога еднаш или повеќе пати во животот. Само 29 ученици во примерокот пријавиле дека пробале дрога на возраст помала од 14 години.

*Достапност на droги во училиштата*

Вкупно 7.8% од учениците потврдиле дека им било понудено, продадено или дадено дрога во училиште во изминатите 30 дена. На машките ученици (9.8%) тоа им се случило значително почесто од женските ученици (5.6%).

## 8. Резултати и методологија на истражувањето наменето за застапеноста и состојбите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал кај младите на возраст од 14 до 17 години во Скопје.

### 9.1. Метод

8.1.3. Испитаници:

Во истражувањето се влучени машки и женски малолетници од средните училишта во Скопје. Бројот на женски испитаници е 266, а на машките 334, вкупно 600. Испитаниците од средните училишта се избирани по пат на случаен избор, по систематски примерок, односно секое 5 то училиште од список по азбучен ред од училишта во општините во Скопје. Сите испитаници се на возраст од 14 до 17 години, по вероисповед се православни христијани, а по националност се Македонци (оние кои не ги поседуваа овие две варијабли на национална припадност и вероисповед не беа земени во предвид во истражувањето).

8.1.4. Мерни инструменти:

За ова истражување подготвив прашалник кој се состои од 36 прашања поврзани со појавите кои ја детерминират појавата на малолетничката деликвенција како: училишен успех, став кон економската состојба во семејството, насилство и тепачки, носење оружје, психички растројства (депресија и анксиозност), блискост со пријатели, припадност во средина, пушење (на колку години се пробала првата цигара, колку пуши, дали купува цигари итн.), алкохол (количина на конзумирање, кога за прв пат пробал итн.), дрога (застапеност на дрога во училиштата, употреба на дрога колку и кога), посета на кладилници и казина, крадење, проституција. [42]

[42] Прашалникот е приложен во прилог 1.

8.1.5. Варијабли во истражувањето:

**Малолетнички криминал:**

**Возраст - 14 до 17 години:** Сите испитаници кои се вклучени во истражувањето од 14 до 17 години, т.е. прва, втора и трета година средно образование.

8.1.6. Индикатори во истражувањето:

**Возраст:** Испитаниците се на возраст од 14 до 17 години, т.е. прва, втора и трета година средно образование.

**Националност:** Оваа варијабла е контролирана на тој начин што во резулатите од истражувањето се обработија само оние прашалници кои беа потполнети од страна на Православни Христијани.

**Пол:** Истражувањето вклучува испитаници од машки и женски пол. Бројот на женски испитаници е 266, а на машките 334, вкупно 600.

**Училишен успех:** Во истражувањето се вклучени ученици со недоволен, доволен, добар, многу добар и одличен успех. Резултатите добиени од нивото и степенот на училишен успех кој го имаат учениците ќе биде значаен во однос на изведувањето на заклучоците за влијанието и поврзаноста на училишниот успех со криминалното онесување. Училишниот успех и денес е актуелен проблем на проучување, па и извор на бројни несогласувања дури и во поглед на дефинирањето на овој поим. Најчесто под училишен успех се подразбира "исакжувањето на остварувањето на материјалното, функционалното и воспитното постигање на ученикот со кумулативна оцена (од 1 до 5) на крајот на училишната година, а во однос на одделни предмети и општиот успех" (Педагошка енциклопедија, 1989).

**Број на физички напади**: Испитаниците ќе одговорат колку пати биле физички нападнати во изминатите 12 месеци, кој го сторил тоа и на каков начин.

Употребата на насилство кон друга личност се дефинира како употреба на физичка или психичка сила врз другиот, со цел нанесување на одредени негативни последици врз

физичкото или психичкото здравје на противникот (Британска енциклопедија, 2002). Ненамерните повреди се главна причина за смрт и онеспособеност кај децата [43]. Секоја година во светски рамки околу 875,000 деца на возраст под 18 години умираат од повреди, додека 10 до 30 милиони страдаат од последиците на повредите. Повредите се во тесна поврзаност со возраста и полот. Машките деца на возраст од 10 до 14 години имаат стапка на смртност од повреди која е за 60% повисока од онаа кај женските деца. Тинејџерите на возраст од 15 до 19 години имаат повисока стапка на повреди со фатален исход во споредба со децата на возраст од 10 до 14 години (64% наспроти 29% смртност на 100,000 жители)[44].

**Носење на оружје**: Дали испитаниците носат оружје. Колку често носат оружје и за каков вид на оружје станува збор.

**Обид за самоубиство:** Ајтемите поврзани со самоубиството т.е. обидите за самоубиство кај малолетницит повеќе се во правец на детектирање на присуство на социјален и социопатолошки проблем отколку присуство да деликвентно однесување.

**Пушење цигари:** Колку често испитаниците пушат цигари, кои се причините за нивното пушење, како и дали купиваат цигари (што е против законски за малолетници). Пушењето спаѓа во групата на социо-патолочки појави кои, како што веќе спомнавме, ги вбројуваме во групата на етиолошките проблеми кои ја детерминираат појавата на малолетничката деликвенција. Околу 1.1 милијарда луѓе низ целиот свет пушат и бројот на пушачи продолжува да расте. Меѓу пушачите, 84% живеат во земјите во развој и земјите во економска транзиција. Моментално, 5 милиони луѓе годишно умираат заради пушење, втора водечка причина за смртност на светско ниво. Доколку продолжи актуелниот образец на пушење, се проценува дека до 2020 година по 10 милиони луѓе годишно ќе умираат заради пушење [45]. Големо мнозинство од пушачите започнуваат со

[43] WHO and UNICEF. Child and adolescent injury prevention: a global call to action. Geneva: WHO; 2005., стр.1-53

[44] WHO. Child Mental Health Atlas. Geneva: WHO; 2005. Available on-line at: http://www.who.int/mental health/resources/Child ado atlas.pdf

[45] WHO. World No Tobacco Day, 2006 Brochure: Tobacco: deadly in any form or disguise. Geneva: WHO; 2006., стр. 2-10

употреба на тутун пред да станат полнолетни. Меѓу младите пушачи, приближно една четвртина ја испушиле својата прва цигара пред да навршат 10-годишна возраст.

**Конзумирање алкохол:** Колку често пијат алкохол испитаниците, колку количински пијат алкохол, и кои се причините за пиење алкохол. За алкохоличари се сметаат оние луѓе кои долготрајно, прекумерно и неконтролирано употребуваат алкохолни пијалоци, кои со текот на времето станале зависни од истите (психичка и/или физичка зависност), со манифестирање на промени на соматски план, невролошки и психички компликации, нарушена комуникација, семејна, социјална и професионална дисфункционалност [46]. Во светски рамки, алкохолот е причина за 3% од смртните случаи (1.8 милион) годишно, што е еднакво на 4% од глобалната оптовареност со болести. Низ регионите во светот, соодносот на оптовареноста со болести кои се должат на употребата на алкохол е најголема во земјите од Северна и Јужна Америка и Европа, и тие се движат во опсег од 8% до 18% од вкупната оптовареност за мажите и 2% до 4% од оптовареноста за жените. Покрај директните ефекти од интоксикација и зависност, употребата на алкохол предизивикува околу 20% до 30% од случаите на карцином на хранопроводот, заболувањата на црниот дроб, убиствата и другите намерни повреди, епилепсија и сообраќајни несреќи низ целиот свет32 , додека употребата на големи количини алкохол е еден од најголемите ризик фактори за појава на кардиоваскуларните заболувања [47]. Младите луѓе кои пијат се со поголема веројатност дека употребуваат тутун и други дроги и дека се впуштаат во ризично сексуално однесување, во споредба со оние кои не пијат. Проблемите со алкохолот може да го нарушат психолошкиот развој на адолесцентите и да влијаат негативно на социјалната средина и на слободното време на младите. [48]

---

Available on-line at: http://www.who.int/tobacco/communications/events/wntd/2006/Report v8 4May06. pdf

[46] http://alkomak.comxa.com/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=54&Itemid=93&limitstart=16

[47] WHO. Global Status Report on Alcohol. Geneva: WHO; 2004., стр. 5- 21

[48] Currie C, Hurrelmann K, Settertobulte W, Smith R, Todd J, editors. Health and Health Behaviour Among, стр 254

Young People. Copenhagen: WHO Regional Office for Europe; 2000., стр. 45

**Користење дрога:** Прашањета се во контекст на тоа дали испитаниците користат дрога, доколку користат колку често го прават тоа и за каков вид на дрога станува збор. Истражувањето вклучува и дали имале некакви последици од дрогата.

**Посета на обложувалники и казина:** Колку често посетуваат обложувалници и казина, дали користеле афтомати итн.

**Принуда на сексуален однос:** Дали испитаниците биле принудени на сексуален однос и колку често се случува тоа.

8.2. Постапка:

Испитаниците од средните училишта во Скопје се ученици од училиштата: гимназијата Кочо Рацин во Горче Петров, гимназијата Корчагин во Центар, гимназијата Здравко Цветковски во Карпош, стручното училиште Лазар Танев и во Карпош, Борис Кидрич во Кисела Вода и средното електро училиште Михајло Пупин во Гази Баба, Димитар Влахов во Аеродром. Испитаниците од средните училишта се избирани по пат на случаен избор, по систематски примерок, односно секое 5 то училиште од список по азбучен ред од училишта во општините во Скопје.

Во средните училишта класовите кои влегоа во примерокот беа бирани врз основа на пригоден примерок, т.е. кои први три до четири професори ќе прифатат спроведување на прашалникот во класот каде тие имаат час. Професорите не присуствуваа додека учениците ги потполнуваа прашалниците порди слободност и искреност при одговарањето на прашањата.

На учениците им беше кажано кратко упатство за потполнување (за начинот на заокружување и за анонимноста и дискрецијата за дадените одговори во прашалникот). Времето потребно за одговарање беше отприлика 15-тина минути. Целата постапка на прибирање на податоци траеше неколку месеци.

8.3. Резултати од истражувањето

Во овој дел од трудот ќе бидат презентирани резултатите кои се добиени од истражувањето спроведено на малолетниците од средните училишта во Скопје на возраст од 14 до 17 години од машки и женски пол. Ќе биде претставен преглед и статистичка обработка на секој ајтем одделно, како и споредба помеѓу машките и женските испитаници.[49]

Прашањето број 1 се однесува на училишниот успх

Прашање бр. 1. **Колкав е твојот училишен успех?**




[49] Проблемот и хипотезата на истражувањето се наведени во воведот

Табела 1:

| **Колкав е твојот училишен успех?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **недоволен** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 5 |
| **доволен** | 27 | 8.08 | 9 | 3.38 | 36 | 5.99 | 0,4820 | 4 |
| **добар** | 121 | 36.23 | 57 | 21.44 | 178 | 29.67 | 0,4860 | 2 |
| **мн. добар** | 113 | 33.83 | 113 | 42.48 | 226 | 37.67 | 0,1820 | 1 |
| **одличен** | 73 | 21.86 | 87 | 32.70 | 160 | 26.67 | 0,1292 | 3 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Од резултатите прикажани во табела 1, може да видиме дека најголем дел од учениците во средните училишта во Скопје за време на спроведување на истражувањето имале многу добар успех. Следни по бројност се оние со добриот успех, а најмалку ги има одличните. За среќа, недоволни ученици нема. Училишниот успех е важен за појавата на малолетничкиот криминал бидејќи се смета дека за создавање на криминален малолетник и видот на криминал кој што тој ќе го прави е многу важно колкав е неговиот училишен успех. Оние со помал успех ќе извршуваат дела како крадење, фалсификување итн, а оние со поголен успех доколку станат криминалци се очекува дека ќе бидат мозок на криминалните операции и лидери во извршувањето на деликтите. Од добиените резултати можеме да очекуваме дека доколку овие лица станат криминалци, би имале криминалци од различен вид и различни криминални дела.

*График 1:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Колкав е твојот училишен успех?*" по категории.



Прашањето број 2 се однесува на ставот кон економскиот статус во семејството

Прашање 2: **Твоето семејство сметаш дека е:..?**




Табела 2:

| **Твоето семејство сметаш дека е:..?** | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **многу сиромашно** | 5 | 1.50 | 6 | 2.26 | 11 | 1.83 | 0,9290 | 5 |
| **малку сиромашно** | 13 | 3.89 | 14 | 5.26 | 27 | 4.50 | 0,8665 | 3 |
| **ниту сиромашно, ниту богато** | 254 | 76.05 | 174 | 65.42 | 428 | 71.33 | 0,0169* | 1 |
| **богато** | 53 | 15.86 | 63 | 23.68 | 116 | 19.32 | 0.2974 | 2 |
| **екстремно богато** | 9 | 2.70 | 9 | 3.38 | 18 | 3.02 | 1,000 | 4 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Најмногу од учениците економската состојба во своето семејство ја доживуваат како ниту сиромашна, ниту богата (71,33%), односно најголем дел од децата се доживуваат себеси и своето семејство како припадници на средна класа. Најмалку од учениците се доживуваат како сиромашни (19,32%), што е спротивно од социјалниот стереотип кој владее во нашата држава дека луѓето и младината се чувствуваат сиромашни. Како екстремно богати се чувствуваат 3,02%, а како екстремно сиромашни 1,83%. Статистички значајна разлика помеѓу момчињата и девојчињата се јавува во понудениот одговор *ниту сиромашно ниту богато*. Економските влијанија на развиој на општеството, кризите како на светско така и на државно ниво и другите пропратни проблеми, материјалниот статус и разликите во економската положба на поединечни категории на населението од важно се значење за изучување на причините за деликвенцијата. Бројни истражувања покажуваат дека во услови на економска криза во општеството и несигурноста кај граѓаните, криминалитетот се зголемува, а посебно се зголемуваат некои негови облици. Екомонската криза се карактеризира со тешки пореметувања , невработеност, намалување на платежната способност и стандард на граѓаните .Познатиот холандски криминолог Вилијам Бонгер (Wiliam Bonger) смета дека економските услови и несигурноста се главни причинители за деликвенцијата, во прв ред ситуационите а веднаш потоа и професионалните кои многу често се развиваат од ситуационите.

Одговорите на испитаниците во спроведеното истражување даваат малку поразлична слика за состојбата на економскиот статус во Република Македонија од онаа што владее долго време односно дека во Македонија има “многу сиромаштија”. Ставот на децата од 14 – 17 годишна возраст во Скопје го побива овој стереотип. Многу мал дел од нив (само 6,33%) сметаат дека нивното семејство е многу сиромашно или сиромашно. Останатите 93,67% се доживуваат припадници на средна класа, богата и екстремно богата.

*График 2:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Твоето семејство сметаш дека е:..?*" по категории.




Прашањето број 3 се однесува на присуство или отсуство на родител во животот на малолетникот

Прашање бр. 3: **Дали твоите родители се разведени?**



Табела 3:

| Дали твоите родители се разведени? | | | | | | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | | |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **не, живеам со обата родители** | 262 | 78.45 | 196 | 73.68 | 458 | 76.33 | 0.2348 | 1 |
| **не, но живеам само со еден родител** | 16 | 4.79 | 14 | 5.26 | 30 | 4.99 | 0.9535 | 3 |
| **да, моите родители се разведени** | 56 | 16.76 | 56 | 21.06 | 112 | 18.68 | 0.5624 | 2 |
| *Вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Најмногу од испитаниците се деца кои живеат со двајцата родители (76,33%). Но голем е и бројот на деца со разведени родители (18,68%) што претставува еден ризик фактор повеќе за појава на малолетничкиот криминал. Од сите испитаници, 4,99% се деца кои живеат со еден родител а причина за тоа не е родителскиот развод (смрт на родител или вонбрачно дете итн). Отсуството на родител во животот на детето значи (поготово ако отсутниот родител е од ист пол со детето) значи и отсуство на модел за идентификација и учење. Тоа е уште еден фактор за појава на несоцијално однесување и појава на криминал кај детето.

*График 3:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали твоите родители се разведени?*" по категории.



Следните 6 прашања (прашање бр. 4, 5, 6, 7, 8 и 9) се однесуваат на насилството, физичките напади, учество во физички пресметки, изложеност на силеџиство, носење оружје

Прашање бр. 4: **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а физички нападнат/а?**



| **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а физички нападнат/а?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 206 | 61.67 | 232 | 87.20 | 438 | 72.99 | 0.5624 | 1 |
| **еднаш** | 58 | 17.38 | 16 | 6.01 | 74 | 12.32 | 0.2622 | 2 |
| **2-3 пати** | 49 | 14.68 | 11 | 4.13 | 60 | 9.99 | 0.3470 | 3 |
| **4-5 пати** | 3 | 0.89 | 5 | 1.88 | 8 | 1.33 | 0.9151 | 5 |
| **6-9 пати** | 6 | 1.79 | 0 | 0 | 6 | 0.99 | 0.9999 | 6 |
| **повеќе од 10 пати** | 12 | 3.59 | 2 | 0.78 | 14 | 2.33 | 0.8376 | 4 |
| *Вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

| *Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а физички нападнат/а?* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **Не бил/била нападнат/а** | 206 | 61.67 | 232 | 87.20 | 438 | 72.99 | 0,5624 |
| **Бил/а нападнат/а** | 128 | 38.33 | 34 | 12.8 | 162 | 27.01 | 0,0055** |
| *Вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Табела 4:

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 ($p<0.01$)

Во табела бр.4 е претставен бројот на ученици кои во изминатите 12 месеци биле физички нападнати. Физичкиот напад врз одредена личност е доказ за присуство на агресија и насилство која е темел на криминалот. Од вкупниот број на испитаници, 72,99% не биле нападнати, а останатите 27,01% биле нападнати. Во горниот дел од табела 4 се претставени бројот на ученици и бројот на напади во изминатите 12 месеци. Статистички значајна разлика имаме помеѓу машките и женските во насока на тоа дека момчињата биле многу понапаѓани од девојчињата.

*График 4:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а физички нападнат/а?*" по категории.




Прашање бр.5: **Во изминатите 12 месеци, дали твоето момче/девојка намерно те удрило, удрило шамар или физички те нападнало?**



Табела 5:

| Во изминатите 12 месеци, дали твоето момче/девојка намерно те удрило, удрило шамар или физички те нападнало? | машки | | женски | | Вкупно | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **немам момче/девојка** | 119 | 35.63 | 118 | 44.35 | 237 | 39.49 | 0,1719 | 2 |
| **да, еднаш** | 23 | 6.89 | 12 | 4.51 | 35 | 5.83 | 0,7814 | 3 |
| **да, повеќе пати** | 14 | 4.19 | 12 | 4.51 | 26 | 4.33 | 0,9685 | 4 |
| **не** | 178 | 53.29 | 124 | 46.63 | 302 | 50.35 | 0,2557 | 1 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

| *Во изминатите 12 месеци, дали твоето момче/девојка намерно те удрило, удрило шамар или физички те нападнало?* | машки | | женски | | Вкупно | | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **Да, биле удрени** | 37 | 46.71 | 24 | 53.37 | 61 | 16.80 | 0,6132 |
| **Не, бе биле удрени** | 178 | 53.29 | 124 | 46.63 | 302 | 83.20 | 0,2557 |
| *вкупно* | 215 | 100 | 148 | 100 | 363 | 100 | |

Од малолетниците во Скопје, 39,49% во моментот на спроведување на истражувањето немале партнер. Останатите 50,35% никогаш не биле удрени од своето момче/девојка, а 16,80% биле удрени. Две девојчиња од овие 16,80% имаат допишано покрај одговорот дека за шамарот кој го добиле од своето момче биле самите виновни бидејќи станувало збор за неверство.

*График 5:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 12 месеци, дали твоето момче/девојка намерно те удрило, удрило шамар или физички те нападнало?*" по категории.




Прашање бр.6: **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а учесник во физичка пресметка (тепачка)?**



Табела 6:

| **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а учесник во физичка пресметка (тепачка)?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 151 | 45.21 | 196 | 73.68 | 347 | 57.87 | 0,1256 | 1 |
| **еднаш** | 56 | 16.76 | 34 | 12.78 | 90 | 14.99 | 0,6119 | 3 |
| **2-3 пати** | 71 | 21.26 | 28 | 10.53 | 99 | 16.49 | 0,2159 | 2 |
| **4-5 пати** | 26 | 7.79 | 6 | 2.26 | 32 | 5.33 | 0,6301 | 4 |
| **6-9 пати** | 7 | 2.10 | 2 | 0.75 | 9 | 1.49 | 0,9028 | 6 |
| **повеќе од 10 пати** | 23 | 6.88 | 0 | 0 | 23 | 3.83 | 0,8745 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |
| | | | | | | | | |

| *Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а учесник во физичка пресметка (тепачка)?* | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **Не бил/а учесник** | 151 | 45.21 | 196 | 73.68 | 347 | 57.87 | 0,1256 |
| **Бил/а учесник** | 183 | 54,76 | 70 | 26,32 | 253 | 42.13 | 0,0012** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)

Ова прашање ги дава одговорите на испитаниците во врска со тоа колку тие во изминатите 12 месеци биле учеснички во физичка пресметка. Од нив 57,87% не биле учесници. Од овие 57,87%; 45,21% биле машки, а 73,68% биле девојчиња.

Останатите 42,13% биле учесници во физичка пресметка, а статистички значајна разлика се јавува помеѓу учесниците во пресметкта од машки и женски пол, односно момчињата многу повеќе биле учесници од девојчињата.

Во горниот дел од табела 6 се претставени бројот на физички пресметки во кои учествувале машките и женските малолетници во Скопје од 14 до 17 годишна возраст во последните 12 месеци.

*График 6:* Застапеност на одговорите на прашањето “*Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а учесник во физичка пресметка (тепачка)?*” по категории.




Прашање бр.7: **Во изминатите 30 дена колку пати се однесуваа силецки кон тебе?**



Табела 7:

| Во изминатите 30 дена колку пати се однесуваа силеџиски кон тебе? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 188 | 56.29 | 196 | 73.68 | 384 | 63.99 | 0,0045** | 1 |
| **1 или 2 дена** | 87 | 26.05 | 38 | 14.28 | 125 | 20.85 | 0,1496 | 2 |
| **3 или 5 дена** | 39 | 11.68 | 16 | 6.04 | 55 | 9.17 | 0,5326 | 3 |
| **6 или 9 дена** | 10 | 2.99 | 4 | 1.50 | 14 | 2.33 | 0,8761 | 4 |
| **10 до 15 дена** | 2 | 0.59 | 4 | 1.50 | 6 | 0.99 | 0,9277 | 6 |
| **повеќе од 15 дена** | 4 | 1.20 | 2 | 0.75 | 6 | 0.99 | 0,9618 | 6 |
| **секојдневно** | 4 | 1.20 | 6 | 2.25 | 10 | 1.68 | 0,9064 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 ($p<0.01$)

Во изминатите 30 дена во периодот на тестирањето, кон 63,99% од испитаниците никој не се однесувал силеџиски. За жал голем е процентот (36,01%) кон кои се однесувале силеџиски. Во табела 7 се прикажани процентите како и честоста на силеџиското однесување кон машките и женските малолетници на возраст од 14 до 17 години во Скопје.

*График 7:* Застапеност на одговорите на прашањето *"Во изминатите 30 дена колку пати се однесуваа силеџиски кон тебе?"* по категории.




Прашање бр.8: **Во изминатите 30 дена како најчесто беше изложен/а на силеџиство?**



Табела 8:

| **Во изминатите 30 дена како најчесто беше изложен/а на силеџиство?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернатив ните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **: бев изложен на силеџиство во изминатите I дена** | 199 | 59.58 | 195 | 73.30 | 394 | 64.19 | 0,0042** | 1 |
| **:в удиран, клоцан, туркан или заклучуван** | 93 | 28.84 | 19 | 7.14 | 112 | 20.33 | 0,0495* | 2 |
| **и се исмејуваа заради мојата боја на кожа** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | 7 |
| **и се исмејуваа заради мојата вероисповед** | 2 | 0.59 | 2 | 0.75 | 4 | 0.66 | 0,9861 | 6 |
| **и се исмејуваа со сексуални шеги, коментари ıи гестикулации** | 19 | 5.68 | 33 | 12.40 | 52 | 8.50 | 0,4392 | 3 |
| **и се исмејуваа заради изгледот на моето ло и лице** | 17 | 5.08 | 11 | 4.16 | 28 | 4.66 | 0,9116 | 4 |
| **:в изложен на силеџиство на друг начин** | 4 | 1.19 | 6 | 2.25 | 10 | 1.66 | 0,9054 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)
*-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Во табела 8 се прикажани видовите и начинот на кој малолетниците во Скопје биле изложени на силеџиско однесување. Од оние кои биле изложени, најмногу биле удирани, клоцани туркани или заклучувани (20,33%). 8,50% биле исмејувани со сксуални шеги, коментари и гестикулации. 4,66% биле исмејувани заради изгледот на нивното лице и тело. Статистички значајна разлика има помеѓу машките и женските т.е. момчињата биле повеќе изложени на силеиство, биле повеќе удирани, клоцани туркани или заклучувани во однос на девојчињата малолетнички во Скопје.

*График 8:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 30 дена како најчесто беше изложен/а на силеџиство?*" по категории.



Прашање бр.9: **Во изминатите 30 дена колку денови носеше оружје како пиштол, нож, палка итн..?**




Табела 9:

| Во изминатите 30 дена колку денови носеше оружје како пиштол, нож, палка итн..? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **нити еднаш** | 201 | 60.18 | 260 | 97.73 | 461 | 76.85 | 0,0012** | 1 |
| **1 ден** | 49 | 14.67 | 6 | 2.27 | 55 | 9.18 | 0,4026 | 2 |
| **2-3 дена** | 54 | 16.17 | 0 | 0 | 54 | 8.99 | 0,0215* | 3 |
| **4-5 дена** | 12 | 3.59 | 0 | 0 | 12 | 1.99 | 0,8507 | 5 |
| **6 или повќе дена** | 18 | 5.39 | 0 | 0 | 18 | 2.99 | 0,8110 | 4 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 ($p<0.01$)
*-значајно на ниво 0.05 ($p<0.05$)

Самото носење на оружје претставува криминален акт. Од 600 испитаници на возраст од 14 до 17 години 76.85% не носеле оружје. Сепак може слободно да се каже

дека огромен е процентот на оние што носеле (23,15%). Како што е прикажано во табела 9, статистички значајна разлика се јавува во носењето оружје т.е. девојчињата или носеле само еден ден или воопшто не носеле, а дистрибуцијата на фрекфенции кај момчињата е статистички значајно поразлична, а различноста е прикажана во табела 9.

Следните 4 прашања (прашање број 10, 11, 12 и 13) се однесуваат депресијата, агресивноста, суицидалноста

Прашање бр.10: **Во изминатите 12 месеци колку пати си се почувствувал/а осамено?**




Табела 10:

| Во изминатите 12 месеци колку пати си се почувствувал/а осамено? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **никогаш** | 110 | 32.93 | 22 | 8.27 | 132 | 21.99 | 0,0236* | 3 |
| **ретко** | 144 | 43.12 | 100 | 37.59 | 244 | 40.68 | 0,4264 | 1 |
| **понекогаш** | 56 | 16.77 | 111 | 41.72 | 167 | 27.85 | 0,0015** | 2 |
| **повеќе од времето** | 12 | 3.59 | 27 | 10.16 | 39 | 6.49 | 0,4929 | 4 |
| **секогаш** | 12 | 3.59 | 6 | 2.26 | 18 | 2.99 | 0,770 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забелешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)
*-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Ова прашање е поврзано со депресивноста но и самоубиството како реакија на депресивноста. За самоубиствата и за депресијата, како и за останатите параметри, веќе е говорено во воведниот дел но застапено е и во дискусијата. Во табела 10 е претставена осаменоста на момчињата и девојчињата на возраст од 14 до 17 години во градот Скопје. Од вкупно 600 испитаника, 21,99% од испитаниците никогаш не се почувствувале осамено. Расторедот и фрекфенцијата на останатите 78,01% по категории е прикажан во табела 10.

*График 10:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 12 месеци колку пати си се почувствувал/а осамено?*" по категории.




Прашање бр.11: **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а толку загрижен/а за нешто заради што не си можел/а да спиеш преку ноќ?**



Табела 11:

| **Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а толку загрижен/а за нешто заради што не си можел/а да спиеш преку ноќ?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативнит е одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **никогаш** | 124 | 37.13 | 56 | 21.05 | 180 | 29.99 | 0,0338* | 2 |
| **ретко** | 106 | 31.74 | 94 | 35.34 | 200 | 33.34 | 0,5709 | 1 |
| **понекогаш** | 72 | 21.55 | 80 | 30.07 | 152 | 25.34 | 0,2339 | 3 |
| **повеќе од времето** | 24 | 7.19 | 30 | 11.28 | 54 | 8.99 | 0,6120 | 4 |
| **секогаш** | 8 | 2.39 | 6 | 2.26 | 14 | 2.34 | 0,9875 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забелешка: **-значајно на ниво 0.05 ($p<0.05$)

И ова прашање како и предходното е поврзано со депресивноста. Загриженоста и чувството на вина, чувството на присуство на проблем, ненаспаните ноќи кои се корен за јавување на анксиозност кај личноста која секако може да доведе до агресија или пак депресивна состојба. Секако и безгрижноста не е идеална човекова особина. Некоја оптималност за "нормалност" и социјална пожелност во одговорите во понудени во прашањето би била категоријата – ретко -.

Во табела 11 е прикажана распореденоста на одговорите на средношколците. Од 600 испитаници, 29,99% одговориле дека никогаш не биле толку загрижени за нешто заради што неможат да спијат преку ноќ. Најголем дел од испитаниците одговориле дека ретко биле толку загрижени за нешто заради што неможат да спијат преку ноќ (33,34%); 25.34% понекогаш од времето; 8,99% - повеќе од времето, а 2,34% одговориле секогаш. Статистички значајна разлика се јавува помеѓу машките и женските во насока на тоа дека многу повеќе од момчињата одговориле – никогаш – за разлика од девојчињата чии одговори алудираат на присуство на повисока грижливост во однос на момчињата.

*График 11:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а толку загрижен/а за нешто заради што не си можел/а да спиеш преку ноќ?*" по категории.




Прашање бр.12: **Дали некогаш во твојот живот сериозно си размислувал/а за самоубисто?**



Табела 12:

| Дали некогаш во твојот живот сериозно си размислувал/а за самоубисто? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 85 | 25.45 | 118 | 44.37 | 203 | 33.83 | 0,0063** |
| **не** | 249 | 74.55 | 148 | 55.63 | 397 | 66.17 | 0,0026** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)

Од 600 испитаници кои одговориле на ова прашање, 33,83% одговориле дека рамислувале за самоубиство, а пак 66,17% не размислувале за самоубиство. Статистички значајна разлика се јавува помеѓу момчињата и девојчињата, односно, девојчињата многу повеќе размислувале за самоубиство од момчињата.

*График 12:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали некогаш во твојот живот сериозно си размислувал/а за самоубисто?*" по категории.



Прашање бр.13: **Дали некогаш во твојот живот си правел план како би го извел/а самоубиството?**




Табела 13:

| Дали некогаш во твојот живот си правел план како би го извел/а самоубиството? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 64 | 19.17 | 90 | 33.83 | 154 | 25.66 | 0,0470* |
| **не** | 270 | 80.83 | 176 | 66.17 | 446 | 74.34 | 0,0056** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)
*-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Прашањето 13 е поврзано со прашањето 12 со таа разлика што во прашањето 13 во потврдниот одговор е плавен план за извршување на самоубиство што претставува многу

повисок степен на депресивност кај личноста. Вкупно 25,66% од испитаниците правеле план како да го извршат самоубиството што е еден фрапантен податок и доказ на високо ниво на депресивност и суицидалност кај малолетната популација во Скопје. И тука како и во предходното прашање, статистички значајна разлика се појавува кај девојчињата во однос на момчињата т.е. многу повеќе девојчињата од момчињата правеле план како да го изведат своето самоубиство.

*График 13:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали некогаш во твојот живот си правел план како би го извел/а самоубиството?*" по категории.




Прашање бр.14: **Колку блиски пријатели имаш?**



Табела 14:

| Колку блиски пријатели имаш? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | Рангирање на алтернативнит е одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **0** | 10 | 2.99 | 6 | 2.26 | 16 | 2.66 | 5 |
| **1** | 20 | 5.98 | 30 | 11.27 | 50 | 8.34 | 4 |
| **2** | 43 | 14.67 | 54 | 20.30 | 97 | 16.17 | 3 |
| **3** | 56 | 14.98 | 48 | 18.05 | 104 | 17.34 | 2 |
| **4 и повеќе** | 205 | 61.38 | 128 | 48.12 | 333 | 55.49 | 1 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Осаменоста и депресијата (како и анксиозноста) се тесно поврзани и со претставата за тоа колку пријатели има одредена личност. Најмногу од испитаниците 55,49% одговориле дека имаат повеќе од 4 блиски пријатели. Вкупно 17,34% одговориле дека имаат 3 блиски пријатели, 16,17% два блиски пријатели, 8,34% - 1 – а пак 2,66% одговориле дека немаат блиски пријатели. Осаменоста е многу тешко и болно искуство, но, иако, веројатно, сите го имаме доживеано, тоа доживување се разликува од човек до човек, се јавува во различни животни ситуации и има различни причини и последици. Осаменоста е негативна состојба, состојба на празнотија и тага. Да се биде сам незначи и да се биде осамен. Присуството на други луѓе незначи гаранција дека човек не е осамен. Самотијата е само физичка, а осаменоста подазбира да си духовно осамен. Осаменоста е поврзана и со малолетничкиот криминал, со слаби достигнувања во училишниот и академскиот успех, со општо неприспособување, депресија, пореметувања во исхраната, алкохолизам, пореметувања во спиењето и силни чувства на живеење под стрес.

*График 14:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Колку блиски пријатели имаш?*" по категории.




Следносто прашање се однесува на чувството на припадност во средината во која живее малолетникот

Прашање бр.15: **Дали се чувствуваш дека припаѓаш во средината во која живееш?**



Табела 15:

| Дали се чувствуваш дека припаѓаш во средината во која живееш? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 204 | 61.08 | 185 | 69.54 | 389 | 64.83 | 0,0812* |
| **не** | 130 | 38.92 | 81 | 30.46 | 211 | 35.17 | 0,2136 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.05 ($p<0.05$)

Чувството на припадност во средината и одговорите дадени во табела 15, се во насока на тоа дека 64,83% од испитаниците се чувствуваат дека припаѓаат, а пак 35,17% не се чувствуваат дека припаѓаат во средината во која живеат. Чувството на неприпаѓање во средината е можен потенцијал за криминално однесување. Според истражувањата спроведени во светот околу 98% од криминалците не се чувствуваат дека припаѓаат во средината во која живеат.

*График 15:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали се чувствуваш дека припаѓаш во средината во која живееш?*" по категории.



Следните 4 прашања (прашање број 16, 17, 18 и 19) се однесуваат на цигарите, пушењето цигари,причините за пушење како и возраста кога прв пат пробале и купувањето на цигари.

Прашање бр.16: **На колку години за прв пат проба цигара?**




Табела 16:

| На колку години за прв пат проба цигара? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **никогаш не сум пробала цигара** | 127 | 38.02 | 97 | 36.46 | 224 | 37.33 | 0,8112 | 1 |
| **7 години и помалку** | 12 | 3.60 | 8 | 3.01 | 20 | 3.34 | 0,9436 | 6 |
| **8 - 10 години** | 25 | 7.49 | 11 | 4.13 | 36 | 5.99 | 0,7080 | 4 |
| **11-13 години** | 67 | 20.06 | 55 | 20.68 | 122 | 20.33 | 0,9327 | 3 |
| **14 или 16 годиини** | 85 | 25.44 | 84 | 31.58 | 169 | 28.17 | 0,3779 | 2 |
| **повеќе од 16 години** | 18 | 5.39 | 11 | 4.14 | 29 | 4.84 | 0,8810 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Од вкупниот број на испитаниците, 37,33%. никогаш не пробале.Останатите 62,67 %, пробале цигара. Вкупно 28,17% првпат пробале цигара на 14 до 16 години; 20,33% пробале на 11-13 години а пак 5,99% на 8-10 години. Вкупно 4,84% имале повеќе од 16 години кога за прв пат пробале цигара.

*График 16:* Застапеност на одговорите на прашањето "*На колку години за прв пат проба цигара?*" по категории.




Прашање бр.17: **Во текот на изминатите 30 дена колку дена пушеше цигари?**



Табела 17:

| Во текот на изминатите 30 дена колку дена пушеше цигари? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| 0 | 187 | 55.99 | 145 | 54.51 | 332 | 55.34 | 0,7881 | 1 |
| 1 или 2 дена | 31 | 9.28 | 5 | 1.88 | 36 | 5.99 | 0,5808 | 3 |
| 3 или 5 дена | 16 | 4.79 | 18 | 6.76 | 34 | 5.66 | 0,7256 | 6 |
| 6 или 10 дена | 20 | 5.98 | 15 | 5.64 | 35 | 5.83 | 0,9664 | 5 |
| 11 до 20 дена | 8 | 2.40 | 9 | 3.38 | 17 | 2.84 | 0,9062 | 4 |
| секојдневно | 72 | 21.56 | 74 | 27.83 | 146 | 24.34 | 0,3888 | 2 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Во табела бр. 17 претставено е дека 24,34% од испитаниците кои се на возраст од 14- 17 години пушат цигари секојдневно; 2,84% пушат цигари 11 до 20 дена во текот на месецот; 6 или 10 дена пушат 5,83% од испитаниците; 3 или 5 дена пушат 5,66% од испитаниците; 1 или 2 дена пушат 5,99%. Вкупно 55,34% од испитаниците се непушачи.

*График 17:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на изминатите 30 дена колку дена пушеше цигари?*" по категории.



Прашање бр.18: **Во текот на изминатите 30 дена дали некој те одбил да ти продаде цигари заради твојата возраст?**




Табела 18:

| Во текот на изминатите 30 дена дали некој те одбил да ти продаде цигари заради твојата возраст? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **е се обидов да купам цигари** | 225 | 67.37 | 150 | 56.39 | 375 | 62.50 | 0,0316* |
| **а, некој одби да ми продаде** | 17 | 5.09 | 14 | 5.26 | 31 | 5.16 | 0,9832 |
| **е, мојата возраст не беше проблем да купам цигари** | 92 | 27.54 | 102 | 38.35 | 194 | 32.34 | 0,1121 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Продавањето цигари на малолетници во нашата држава Република Македонија е казниво со закон и секое продавање цигари на малолетник е вршење на криминално дело како од страна на продавачите така од страна и на малолетните купувачи. Од табела 18 може да забележиве дека статистички значајна разлика оди во прилог на тоа дека момчињата повеќе купуваат цигари од девојчињата. Од вкупниот број на испитаници, 62,50% од вкупниот број на испитаници не се обиделе да купат цигари во

изминатите 30 дена од моментот на спроведување на истражувањето; само 5,16% биле одбиени од страна на продавачите поради нивната малолетност. Вкупно 32,34% не биле одбиени и нивната возраст не била проблем да купат цигари.

*График 18:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на изминатите 30 дена дали некој те одбил да ти продаде цигари заради твојата возраст?*" по категории.




Прашање бр.19: **Доколку си пушач, наведи неколку причини поради кои пушиш:**

Ова прашање е едно од двете квалитативни ајтеми кои се содржат во прашалникот.

На ова прашање одговориле вкупно 196 испитаници од 600. Од нив, 31,13% (61 испитаник) одговориле дека пушат цигари поради нервоза. (Одговорите кои ги даваа се: зошто многу сум нервозен; ми ја намалува нервозата; подари нервоза итн.); 40,30% (79 испитаници) одговорија дека причината за нивното пушење е нивното друштво (сите од

друштвото пушат; пушам кога ќе излезам со друштвото; пушам само кога искачам итн.). 27,04% (53 испитаници) од испитаниците одговорија дека пушат од навика, а 1,53% (3испитаници - девојчиња) одговорија дека пушат со цел да си го намалат апетитот.

*График 19:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Доколку си пушач, наведи неколку причини поради кои пушиш*" по категории.



Следните 4 прашања (прашање број 20, 21, 22 и 23) се однесуваат на алкохолот како и негативните последици од него.

Прашање бр.20: **На колку години го испи првиот алкохолен пијалок?**




Табела 20:

| На колку години го испи првиот алкохолен пијалок? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **никогаш не сум пробала алкохол** | 16 | 4.79 | 16 | 6.01 | 32 | 5.33 | 0,8797 | 5 |
| **7 години и помалку** | 38 | 11.38 | 10 | 3.76 | 48 | 8 | 0,4743 | 4 |
| **8 - 10 години** | 44 | 13.17 | 32 | 12.02 | 76 | 12.67 | 0,8925 | 3 |
| **11-13 години** | 116 | 34.74 | 72 | 27.06 | 188 | 31.33 | 0,2731 | 2 |
| **14 или 16 годиини** | 106 | 31.73 | 126 | 47.39 | 232 | 38.67 | 0,0162* | 1 |
| **повеќе од 16 години** | 14 | 4.19 | 10 | 3.76 | 24 | 4 | 0,9677 | 6 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Во табела бр. 20 е прикажано дека само 6,01% од испитаниците немаат пробано алкохолен пијалок. Вкупно 47,39 % првиот алкохолен пијалок (се мисли на

испиена цела стандардна доза чаша) ја испиле на возраст од 14 – 16 години. 27,06% на 11-13 години, а 12,02% на возраст од 8 до 10 години. 7 години и помалку имале 3,76 % од испитаниците кои за прв пат испиле алкохолен пијалок.

Статистички значајна разлика имаме помеѓу момчињата и девојчињата од 14 – 16 години, односно најмногу од девојчињата тогаш го имаат испиено првиот алкохолен пијалак за разлика од машките кои веќе на овие години имаат испиено цела доза чаша алкохолен пијалак.

*График 20:* Застапеност на одговорите на прашањето "*На колку години го испи првиот алкохолен пијалок?*" по категории.



Прашање бр.21: **Во текот на изминатите 30 дена колку дена пиеше алкохолен пијалок?**




Табела 21:

| **Во текот на изминатите 30 дена колку дена пиеше алкохолен пијалок?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **0 дена** | 67 | 20.06 | 60 | 22.55 | 127 | 22.16 | 0,7325 | 3 |
| **1 или 2 дена** | 113 | 33.83 | 86 | 32.33 | 199 | 32.16 | 0,8241 | 2 |
| **3 или 5 дена** | 88 | 26.35 | 56 | 21.05 | 144 | 24 | 0,2498 | 1 |
| **6 или 10 дена** | 37 | 11.08 | 43 | 16.16 | 80 | 13.34 | 0,5134 | 4 |
| **11 до 20 дена** | 13 | 3.89 | 19 | 7.16 | 32 | 5.34 | 0,7010 | 5 |
| **секојдневно** | 16 | 4.79 | 2 | 0.75 | 18 | 3 | 0,7949 | 6 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Од вкупно 600 малолетни испитаници, во текот на изминатите 30 дена од моментот кога ги одговарале прашањата во тестовите само 22,16% не испиле цела чаша

алкохолен пијалок. Распореденоста на останатите 77,84% кои пиеле алкохолен пијалак е прикажана во табела 21 поделена на категории по број на денови на пиење на алкохолни пијалоци.

*График 21:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на изминатите 30 дена колку дена пиеше алкохолен пијалок?*" по категории.




Прашање бр.22: **Во изминатите 30 дена кога си пиел алкохол, колку обично си пиел во еден ден?**



Табела 22:

| Во изминатите 30 дена кога си пиел алкохол, колку обично си пиел во еден ден? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **немам испиено цел алкохолен пијалок во предходните 30 дена** | 72 | 21.55 | 54 | 20.30 | 126 | 21 | 0,8649 | 2 |
| **1 пијалок** | 44 | 13.17 | 36 | 13.53 | 80 | 13.34 | 0,9594 | 4 |
| **2 пијалоци** | 66 | 19.76 | 70 | 26.31 | 136 | 22.66 | 0,0340* | 1 |
| **3 пијалоци** | 68 | 20.40 | 48 | 18.06 | 116 | 19.34 | 0,7543 | 3 |
| **4 пијалоци** | 37 | 11.08 | 21 | 7.89 | 58 | 9.66 | 0,6976 | 6 |
| **5 пијалоци** | 11 | 3.26 | 9 | 3.38 | 20 | 3.34 | 0,9883 | 7 |
| **повеќе од 5 пијалоци** | 36 | 10.78 | 28 | 10.53 | 64 | 10.66 | 0,97745 | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.05 ($p<0.05$)

Во табела 22 е прикажано дека 22,66% од испитаниците обично пијат по 2 алкохолни пијалока; 19,34% по три пијалока дневно; 13,34% по 1 пијалок дневно; 10,66% пијат повеќе од 5 алкохолни пијалоци дневно; 9,44 % пијат по 4 алкохолни пијалоци; 3,34% пијат по 5 алкохолни пијалоци дента кога конзумирале алкохол. Само 21% од испитаниците немаат испиено цел алкохолен пијалок во текот на изминатите 30 дена од моментот на спроведување на истражувањето.

Статистички значајна разлика се јавува помеѓу машките и женските испитаници во бројот на испиени пијалоци. Оттука може да заклучиме дека машките испитаници во деновите кога конзумираат алкохол пијат повеќе чаши алкохолни пијалоци во однос на женските. Женските пијат во просек околу 2-3 алкохолни, а машките просечно од 3 – 5 алкохолни пијалоци во денот кога конзумираат алкохол.

*График 22:* Застапеност на одговорите на прашањето *"Во изминатите 30 дена кога си пиел алкохол, колку обично си пиел во еден ден?"* по категории.




Прашање бр.23: **Во текот на твојот живот, колку пати си испил толку многу алкохол, така што си бил навистина пијан?**



Табела 23:

| Во текот на твојот живот, колку пати си испил толку многу алкохол, така што си бил навистина пијан? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативни те одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 103 | 30.83 | 99 | 37.21 | 202 | 33.66 | 0,2860 | 2 |
| **1 или 2 пати** | 151 | 45.23 | 101 | 37.98 | 252 | 42 | 0,2547 | 1 |
| **3 до 9 пати** | 61 | 18.26 | 46 | 17.29 | 107 | 17.84 | 0,8970 | 3 |
| **10 или повеќе пати** | 19 | 5.68 | 20 | 7.52 | 39 | 6.5 | 0,8186 | 4 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Од вкупно 600 испитаници од средните училишта во Скопје, 66,34% барем еднаш во животот биле навистина пијани. Нивната распореденост по број на пијанства е претставена во табела 23 по категории. Вкупно 33,66% од малолетниците учесници во истражувањето небиле ниту еднаш во својот живот навистина пијани.

*График 23:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на твојот живот, колку пати си испил толку многу алкохол, така што си бил навистина пијан?*" по категории.



Прашање бр.24: **Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на пиењето алкохол?**




Табела 24:

| **Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на пиењето алкохол?** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативнит е одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 185 | 55.39 | 178 | 66.91 | 363 | 60.5 | 0,0251* | 1 |
| **1 или 2 пати** | 115 | 34.43 | 70 | 26.32 | 185 | 30.83 | 0,2504 | 2 |
| **3 до 9 пати** | 28 | 8.39 | 12 | 4.51 | 40 | 6.67 | 0,6665 | 3 |
| **10 или повеќе пати** | 6 | 1.79 | 6 | 2.26 | 12 | 2 | 0,9551 | 4 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Од 600 испитаници вкупно 33,09% од испитаниците во текот на својот живот имале мамурлак, се чувствувале болно, имале проблеми со домашните или пријателите или учевствувале во тепачка како резултат на пиењето алкохол. Нивната распореденост по број на случки е прикажана во табела 24. Вкупно 60,5% од малолетниците во текот на својот живот немале мамурлак, не се чувствувале болно, немале проблеми со домашните или пријателите или не учевствувале во тепачка како резултат на пиењето алкохол.

Статистички значајна разлика се јавува момчињата и девојчињата во насока на тоа дека оние од женскиот пол значително помалку се чувствувале болно, имале проблеми со домашните или пријателите или учевствувале во тепачка како резултат на пиењето алкохол во однос на машките.

*График 24:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на пиењето алкохол?*" по категории.



Следните 4 прашања (прашање број 25, 26, 27 и 28) се однесуваат на користењето дрога кај малолетниците во Скопје

Прашање бр.25: **Во текот на твојот живот, колки пати си употребил било каква дрога?**




Табела 25:

| Во текот на твојот живот, колки пати си употребил било каква дрога? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **ниту еднаш** | 289 | 86.52 | 232 | 87.20 | 521 | 86.83 | 0,8197 | 1 |
| **еднаш** | 17 | 5.09 | 12 | 4.51 | 29 | 4.83 | 0,9434 | 2 |
| **2-5 пати** | 17 | 5.09 | 7 | 2.65 | 24 | 4.35 | 0,7931 | 2 |
| **4-10 пати** | 11 | 3.30 | 15 | 5.64 | 26 | 3.99 | 0,7819 | 3 |
| **10-20 пати** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| **повеќе од 20 пати** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Од одговорите кои ги дале испитаниците, 87,20% заокружиле дека никогаш во животот не пробале дрога, а пак 12,80% одговориле потврдно на прашањето *Во текот на твојот живот, колки пати си употребил било каква дрога?*. Нивната распореденост на одговори по понудените категории во прашалникот е прикажана во табела 25.

*График 25:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на твојот живот, колки пати си употребил било каква дрога?*" по категории.




Прашање бр.26: **Колку години имаше кога за прв пат проба дрога?**



Табела 26:

| Колку години имаше кога за прв пат проба дрога? | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативнит е одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **никогаш не сум пробал/а дрога** | 284 | 85.03 | 232 | 87.20 | 516 | 86 | 0,4800 | 1 |
| **7 години и помалку** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | |
| **8 - 10 години** | 0 | 0 | 4 | 1.50 | 4 | 0.67 | 0,9075 | |
| **11-13 години** | 12 | 3.59 | 10 | 3.79 | 22 | 3.66 | 0,9805 | 3 |
| **14 или 16 годиини** | 30 | 8.98 | 18 | 6.76 | 48 | 8 | 0,7867 | 2 |
| **повеќе од 16 години** | 8 | 2.40 | 2 | 0.75 | 10 | 1.67 | 0,8871 | 4 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Според одговорите кои се прикажани во табела 26; 12,80% одговориле дека пробале дрога. Од вкупно 600 испитаници, 86% никогаш не пробале дрога 8% дека прв пат пробале дрога на возраст од 14 до 16 години 3,66% имале 11 до 13 години 0,67% од 8 до 10 години и 1,67% од испитаниците за прв пат пробале дрога на својата 16- годишна возраст.

*График 26:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Колку години имаше кога за прв пат проба дрога?*" по категории.



Прашање бр.27: Доколку си пробал дрога, наведи за каква дрога станува збор:

На ова прашање одговориле вкупно 43 од 600 испитаници. Од нив, 51,16% (22 испитаници) ја наведоа марихуаната; 30,23% (13 испитаници) кокаинот; 13,96% (6 испитаници) Трамадолот и Дијазепам и 4,65% (2 испитаници) MDMA и други екстази. Разлика помеѓу момчињата и девојчињата во однос на конзумирање на видот на дрогата нема.

*График 27:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Доколку си пробал дрога, наведи за каква дрога станува збор:*" по категории.



Прашање бр.28: **Во последните 30 дена, дали некој ти понуди, продаде или даде дрога во училиште ?**




Табела 28:

| **Во последните 30 дена, дали некој ти понуди, продаде или даде дрога во училиште ?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 34 | 10.18 | 37 | 13.90 | 71 | 11.83 | 0,6329 |
| **не** | 300 | 89.82 | 229 | 86.10 | 529 | 88.17 | 0,1892 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Иако 11,83 % и не е голем процент за присуство на дрога во училиштата, сепак претставува доказ дека во училиштата во Скопје е присутна дрогата, а тоа е

доказ за криминалното однесување на малолетниците во училиштата во градот Скопје.

*График 28:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во последните 30 дена, дали некој ти понуди, продаде или даде дрога во училиште ?*" по категории.




Прашање бр.29: **Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учествувал во тепачка како резултат на употреба на дрога?**



Табела 29:

| **Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на употреба на дрога?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **ниту еднаш** | 299 | 89.52 | 242 | 90.97 | 541 | 90.17 | 0,5735 |
| **1 или 2 пати** | 31 | 9.28 | 20 | 7.53 | 51 | 8.5 | 0,8286 |
| **3 до 9 пати** | 4 | 1.2 | 2 | 0.75 | 6 | 1 | 0,9618 |
| **10 или повеќе пати** | 0 | 0 | 2 | 0.75 | 2 | 0.33 | 0,9568 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Од табела 29 во која се наоѓа одговорот на прашањето *Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на употреба на дрога?*, 90,17% одговориле ниту еднаш; 8,5% 1 или 2 пати; 1% 3 до 9 пати и 0,33% 10 или повеќе пати.

*График 29:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во текот на твојот живот, колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учевствувал во тепачка како резултат на употреба на дрога?*" по категории.



Следните 2 прашања (прашање број 30 и 31) се однесуваат на кладењето, коцкањето и посетувањето обложувалници и казина

Прашање бр.30: **Во изминатите 30 дена, колку често посетуваш кладилници/обложувалници ?**




Табела 30:

| Во изминатите 30 дена, колку често посетуваш кладилници/обложувалници ? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p | Рангирање на алтернативните одговори |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | | |
| **нити еднаш** | 114 | 34.13 | 200 | 75.18 | 314 | 52.33 | 0,0026** | 1 |
| **1 или 2 дена** | 45 | 13.47 | 44 | 16.56 | 89 | 14.83 | 0,6860 | 3 |
| **3 или 5 дена** | 53 | 15.86 | 16 | 6.01 | 69 | 11.5 | 0,3170 | 2 |
| **6 или 9 дена** | 34 | 10.18 | 2 | 0.75 | 36 | 6 | 0,6636 | 4 |
| **10 до 15 дена** | 26 | 7.78 | 4 | 1.50 | 30 | 5 | 0,6491 | 5 |
| **повеќе од 15 дена** | 26 | 7.78 | 0 | 0 | 26 | 4.34 | 0,9568 | 5 |
| **секојдневно** | 36 | 10.20 | 0 | 0 | 36 | 6 | 0,0247* | 5 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | | |

Забелешка: **-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Самата посета на кладилници од страна на малолетник претставува прекршување на законот и правење на криминално дело. Вкупно 52,33% од испитаниците не посетуваат кладилници. Според законот на Република Македонија по ова прашање 47,67 % од младите претставуваат престапници и прават криминален акт. Од нив, 14,83% посетиле кладилница 1 или 2 дена во изминатите 30 дена од денот на потполнување на прашалникот; 11,5% 3 или 5 дена; 6% 6 или 9 дена; 5% 10-15 дена; 4,34% повеќе од 15 дена и други 6 % во изминатите 30 дена од денот на потполнување на прашалникот секојдневно посетувале кладилници.

*График 30:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Во изминатите 30 дена, колку често посетуваш кладилници/обложувалници ?*" по категории.



Прашање бр.31: **Дали некогаш во животот си бил во казино и си играл игри како bauche, black jack, poker итн, или си користел автомати?**




Табела 31:

| **Дали некогаш во животот си бил во казино и си играл игри како bauche, black jack, poker итн, или си користел автомати?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| никогаш | 258 | 77.24 | 208 | 78.19 | 466 | 77.66 | 0,8067 |
| неколку пати сум бил/а во казино | 70 | 20.96 | 56 | 21.06 | 126 | 21 | 0,9891 |
| често одам во казино | 6 | 1.80 | 2 | 0.75 | 8 | 1.34 | 0,9202 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Од вкупниот број на испитаници, 77,66% никогаш не биле во казино, 21,06% биле неколку пати во казино, а пак 0,75% од испитаниците често одат во казино. Влегувањето

на малолетник во казино е забрането со закон и секое влегување претставува криминален акт.

*График 31:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали некогаш во животот си бил во казино и си играл игри како bauche, black jack, poker итн, или си користел автомати?*" по категории.




Следните 2 прашања (прашање број 30 и 31) се однесуваат на крадењето

Прашање бр.32: **Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?**



Табела 32:

| **Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| да | 258 | 77.25 | 207 | 77.81 | 465 | 77.5 | 0,8833 |
| не | 76 | 22.75 | 59 | 22.19 | 135 | 22.5 | 0,9385 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Во табела 32 прикажани се одговорите на прашањето *Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?*. Од вкупно 600 испитаници, 77,5% одговорија потврдно, а 22,5% одговорија дека не би украле.

*График 32:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?*" по категории.



Прашање бр.33: **Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник?**




Табела 33:

| **Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник ?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 114 | 34.13 | 63 | 23.68 | 177 | 29.5 | 0,1497 |
| **не** | 220 | 65.87 | 203 | 76.32 | 423 | 70.5 | 0,1186 |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

70,5% од испитаниците одговориле позитивно на прашањето *Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник?*. 70,5% одговориле НЕ.

*График 33:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник ?*" по категории.




Следните 3 прашања (прашање број 34, 35 и 36) се однесуваат на проституцијата

Прашање бр.34: **Дали некогаш си бил/а принуден/а да имаш сексуален однос ?**



Табела 34:

| **Дали некогаш си бил/а принуден/а да имаш сексуален однос ?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 25 | 7.49 | 86 | 32.33 | 111 | 18.5 | 0,0151* |
| **не** | 309 | 92.51 | 180 | 67.67 | 489 | 81.5 | 0,0059** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)

*-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Од вкупно 600 испитаници, 18,15% биле принудени да имаат сексуален однос. 81,5% небиле.

*График 34:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали некогаш си бил/а принуден/а да имаш сексуален однос ?*" по категории.



Прашање бр.35: **Дали некогаш ти било платено (во пари, пијачки или други благодети) за да имаш сексуален однос со некоја особа?**




Табела 35:

| Дали некогаш ти било платено (во пари, пијачки или други благодети) за да имаш сексуален однос со некоја особа? | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| да | 26 | 7.78 | 78 | 29.32 | 104 | 17.33 | 0,0208* |
| не | 308 | 92.22 | 118 | 70.68 | 496 | 82.67 | 0,0055** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)
*-значајно на ниво 0.05 (p<0.05)

Ова прашање е доказ за постоење на проституција помеѓу младите во Скопје. 17,33% од нив биле платени за сексуален однос. Статистички значајна разлика помеѓу двата пола постои, односно девојчињата од Скопје многу повеќе од момчињата.

*График 35:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали некогаш ти било платено (во пари, пијачки или други благодети) за да имаш сексуален однос со некоја особа?*" по категории.




Табела 36: **Дали би се омажила/оженил за богат дечко/девојка само затоа што е богат?**



Табела 36:

| **Дали би се омажила/оженил за богат дечко/девојка само затоа што е богат?** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *машки* | | *женски* | | *Вкупно* | | p |
| | Вк. | % | Вк. | % | | % | |
| **да** | 126 | 37.72 | 144 | 54.13 | 270 | 44.99 | 0,0074** |
| **не** | 208 | 62.28 | 122 | 45.87 | 330 | 55.01 | 0,0040** |
| *вкупно* | 334 | 100 | 266 | 100 | 600 | 100 | |

Забалешка: **-значајно на ниво 0.01 (p<0.01)

Од вкупно 600 испитаници, 44,99% би стапиле во брак само поради богатство.

*График 36:* Застапеност на одговорите на прашањето "*Дали би се омажила/оженил за богат дечко/девојка само затоа што е богат?*" по категории.



10. Резиме и заклучок

Овој труд и вклученото истражување во него имаа за цел да ги презентираат причините и факторите кои доведуваат до малолетнички криминал. Истражувањето беше насочено да ја потврди хипотезата дека "Кај младите во Скопје постои висока застапеност на факторите кои ја детерминираат појавата на малолетничкиот криминал како училишен успех, став кон економската состојба во семејството, насилство и тепачки, носење оружје, психички растројства (депресија и анксиозност), блискост со пријатели, припадност во средина, пушење (на колку години се пробала првата цигара, колку пуши, дали купува цигари итн.), алкохол (количина на конзумирање, кога за прв пат пробал итн.), дрога (застапеност на дрога во училиштата, употреба на дрога колку и кога), посета на кладилници и казина, крадење, проституција."

Откако беше спроведено истражувањето и откако беше извршена статистичка обработка на добиените резултати се покажа дека дел од факторите кои ја детерминираат истражувачката хипотеза ја потврдија, а дел не. Во понатамошниот текст ќе бидат презентирани сите фактори кои се вклучени во истражувањето одделно, како и тоа дали е потврдена или отфрлена истражувачката хипотеза за секој од нив.

- Причина за малолетнички криминал – училишен успех

Училиште игра огромна улога во формирањето на личноста на малолетникот. Покрај семејството, училиштето е институција во која се одвиваат најважните воспитни и образовни процеси, социјализација на личноста и оспособување за престојните работни и општествени функции. Училишниот успех претставува одраз за состојбата, односот и вложувањето на ученикот во училиштето. Од резултатите добиени во истражувањето не можеме да констатираме дека во Скопските училишта, во глобала, училишен успех е на некој начин подеднакво распореден помеѓу добрите, многу добрите и одличните ученици. Секако, мој личен став е дека оценката како бројка напишана од страна на наставникот не е дказ и неможеме со 100% -тна сигурност да тврдиме дека е токму таа оцена која ја

заслужува ученикот за неговото знаење. Оттука сметам дека училишниот успех и не ни е многу објективен доказ за појава на малолетнички криминал. Секако, истражувањата потврдуваат и дека голем број од натпросечно интелигентните ученици немаат одличен успех бидејќи се "казнувани" од страна на наставниците поради нивната невнимателност на часовите (иако многу од наставниците не се свесни дека нивното невнимание потекнува од досадата од начинот на предавање која не соодејствува со високо ниво на интелигенција кај одредени ученици). Сепак, генерално училишниот успех во корелација со другите фактори кои влијаат на појавата на малолетничкиот криминал игра голема улога. Според истражувањата кои се спроведени во светот, од нивото на училишен успех зависи каков профил на криминалец ќе се формира. Оние со помал успех ќе извршуваат дела како крадење, фалсификување итн, а оние со поголен успех доколку станат криминалци се очекува дека ќе бидат мозок на криминалните операции и лидери во извршувањето на деликтите.

Споредбено со резултатите во ова истражување, доколку малолетниците во Скопје на возраст од 14 – 17 години ги гледаме како потенцијални криминалци, во иднина, помал ќе биде бројот на оние кои ќе вршат кривични дела од типот на крадење, фалсификување, а пак поголем ќе биде бројот на оние кои би требало да бидат лидери во криминалот. За среќа оние со подолем училишен успех многу помалце се насочуваат кон криминалот во животот за разлика од оние со понизок.

- Причина за малолетнички криминал – став кон економската состојба во семејство

Економските влијанија на разввој на општеството, кризите како на светско така и на државно ниво и другите пропратни проблеми, материјалниот статус и разликите во економската положба на поединечни категории на населението од важно се значење за изучување на причините за деликвенцијата. Бројни истражувања покажуваат дека во услови на економска криза во општеството и несигурноста кај граѓаните, криминалитетот се зголемува, а посебно се зголемуваат некои негови облици. Екомонската криза се карактеризира со тешки пореметувања , невработеност, намалување на платежната способност и стандард на граѓаните .Познатиот холандски криминолог Вилијам Бонгер

(Wiliam Bonger) смета дека економските услови и несигурноста се главни причинители за деликвенцијата, во прв ред ситуационите а веднаш потоа и професионалните кои многу често се развиваат од ситуационите.

Одговорите на испитаниците во спроведеното истражување даваат малку поразлична слика за состојбата на економскиот статус во Република Македонија од онаа што владее долго време односно дека во Македонија има “многу сиромаштија”. Ставот на децата од 14 – 17 годишна возраст во Скопје го побива овој стереотип. Многу мал дел од нив (само 6,33%) сметаат дека нивното семејство е многу сиромашно или сиромашно. Останатите 93,67% се доживуваат припадници на средна класа, богата и екстремно богата.

Факт е дека од криминалците има и луѓе кои потекнуваат од сиромашни семејства и луѓе кои потекнуваат од екстремно богати семејства. Секако, според најголемиот број на светски истражувања децата кои потекнуваат од сиромашни семејства се повеќе склони на криминал од оние побогатите. Моментално (2012 година) состојбата на затворениците во затворите Шутка и Идризово е во насока на тоа дека најмногу од затворениците се со сиромашно потекло. Сведоци сме и на транзициониот период во нашата држава и на целиот криминал од страна на одредени личности кои не се сеуште затворени па неможеме да ги ставаме во истата група со затворениците од Шутка и Идризово. Доколку се анализира развојот на кариерата и потеклото на овие криминални функционери (кои што се многу посериозни криминалци и со направен многу поголем обрт на пари и недокажани убиства отколку затворениците), дефинитивно може да заклучиме дека комбинацијата за најголем криминалец во Република Македонија е потекло од просечно семејство но поседување на високо образование и партиска функција.

- Причина за малолетнички криминал – отсуство на родител во животот и воспитувањето на малолетникот

Веќе спомнавме дека семејството и родителите играат една од клучните улоги во воспитувањето и создавањето на личноста на детето, а со тоа индирекно и со создавање на криминална личност. Како што веќе е истакнато во теоретскиот дел од овој труд, висок процент на малолетни деликвенти кои израснале во домовите, се третираат првенствено со

отсуство на родителите , односно семејно воспитување. На воспитниот процес во развојот на младата личност непосредно се изразуваат структуралните семејни нарушувања, како што се развод на родителите, губење или напуштање на децата од страна на едниот или двата родитела, занемарување и социјално- патолошки појави кај некој од членовите. На тој начин слабеат или се кинат семејните врски, односно родителските функции што негативно влијаат врз развојот и воспитанието. Истражувањата покажуваат дека малолетните деликвенти во 30 % од случаевите регрутираат од семејства на разведени родители што е четвороструко повеќе отколку кај нормалната популација.

За жал, бројот на разводите почнувајќи од предходната деценија па до ден денес константно екстремно расте. Стапувањата во брак од интерес во денешницата станаа многу популарни. Самиот развод носи високо ниво на стрес, како кај родителите така и кај децата од тој брак. Стресот кој детето го претрпува низ целиот процес на развод на неговите родители корелира со анксиозност, самообвинување, депресија или било каква друга нестабилна психичка манифестација. Промените во личноста на детето кои настануваат при процесот на развод се огромна причина за создавање на криминалец.

Отсуството на родител во животот на детето значи (поготово ако отсутниот родител е од ист пол со детето) значи и отсуство на модел за идентификација и учење. Тоа е уште еден фактор за појава на несоцијално однесување и појава на криминал кај детето.

И кај нас, како што потврдуваат и резултатите од ова истражување, голем број од децата живеат само со еден родител (скоро 20 %). Во одговорите на испитаниците околу 85% од децата на разведени родители на прашањето поврзано со економскиот статус "*Твоето семејство сметаш дека е:..?*" одговориле *богато*. Губењето на контрола врз сопственото дете, а воедно и привлекувањето на неговото внимание и оттргнување од другиот родител преку купување на се што детето ќе посака, претпоставувам дека претставува причина за појава на овој феномен во одговорите на испитаниците.

- Причина за малолетнички криминал –насилството, физичките напади, учество во физички пресметки, изложеност на силеџиство, носење оружје

Сведоци сме на време во кое екстремно владее насилството. Насилството е зголемено и кај малолетниците. Секојдневно во медиумите има вест поврзано со насилство кај малолетниците: тепачки во автобус (во кои редовно има и употреба на оружје), силеџиство по училиштата, па дури и убиства итн. Од истражувањето кое е спроведено во 2007 година од страна на СЗО[50], до она кое го спроведов во 2012 година, за период од 5 години, кај малолетниците има голем пораст во насилството. Споредбата е прикажана во табела бр. 37.

Табела бр. 37:

| | 2007 - Република Македонија | | | 2012 – Скопје | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен процент на машки и женски | машки | женски | Вкупен процент на машки и женски | машки | женски |
| Во изминатите 12 месеци од периодот на спроведување на истражувањето биле **физички нападнати еднаш или повеќе пати** | 18,7 % | 24,4 % | 12,4% | 27,1 % | 38,88 % | 12,8 % |
| Во изминатите 12 месеци од периодот на спроведување на истражувањето **биле удрени од своето момче/девојка** | 8,4 % | 9,7 % | 6,4 % | 16,80 % | 46,71 % | 16,80 % |
| Во изминатите 12 месеци од периодот на спроведување на истражувањето биле **учесници во физичка пресметка** | •Нема податок | 41,1% | 18,7 % | 42,13% | 54,76 % | 26,32 % |
| Во изминатите 30 дена од периодот на спроведување на истражувањето се **однесувале силеџиски кон нив** | 10 % | •Нема податок | •Нема податок | 36,01 % | 43,71 % | 36,01 %[51] |

[50] Истражувањето е презентирано во делот – релевантни истражувања-
[51] Процентите прикажани во табела 37 се процентна застапеност на одредената варијабла на ниво на целиот примерок.

Како што е прикажано и во табелата, голем е порастот на насилството помеѓу младите во Скопје и воопшто во Република Македонија. Најголема разлика е присутна во физичките напади. Зголемувањето на насилството во овие 5 години и поизразено во однос на порастот на девојчињата.

Што се однесува на силецизмот, најмногу од испитаниците (64,19 %) биле удирани, туркани, клоцани, заклучувани итн. Исмејувани со сексуални шеги, коменари или гестикулации се следни по бројнос во однос на видот на силецизмот на кое биле изложени.

Од добиените резултати во истражувањето, 23,15 % носеле со себе оружје во изминатите 30 дена од времето на потполнување на прашалникот. Самото носење на оружје без дозвола е нелегално и се смета за криминално дело. Од вкупниот број испитаници, 2,99% константно носат оружје што е резултат пред се на намалената родителска контрола.

- Причина за малолетнички криминал – осаменост, депресија, агресивност, суицидалност и други психички пореметувања

Осаменоста е многу тешко и болно искуство, но, иако, веројатно, сите го имаме доживеано, тоа доживување се разликува од човек до човек, се јавува во различни животни ситуации и има различни причини и последици. Осаменоста е негативна состојба, состојба на празнотија и тага. Да се биде сам незначи и да се биде осамен. Присуството на други луѓе незначи гаранција дека човек не е осамен. Самотијата е само физичка, а осаменоста подазбира да си духовно осамен. Осаменоста е поврзана и со малолетничкиот криминал, со слаби достигнувања во училишниот и академскиот успех, со општо неприспособување, депресија, пореметувања во исхраната, алкохолизам, пореметувања во спиењето и силни чувства на живеење под стрес.

Во Македонија, 6.4% од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени во текот на 2007 година. Машките ученици (4.2%) значително поретко од женските ученици (9.0%) поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени. Вкупно 6.8% од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале толку загрижени за нешто заради што не можеле да спијат навечер во изминатите 12 месеци. Кај машките ученици (3.8%) ова се случувало значително поретко од женските ученици (9.8%). Вкупно 8.6% од учениците сериозно размислувале да извршат самоубиство во текот на изминатите 12 месеци во тековната 2007. Машките ученици (6.8%) значително поретко од женските ученици (10.5%) сериозно размислувале да извршат самоубиство. Вкупно 5.7% од учениците правеле план како би се обиделе да извршат самоубиство во текот на изминатите 12 месеци. Машките ученици (4.8%) поретко од женските ученици (6.6%) правеле план како да го извршат самоубиството. Вкупно 2.7% од учениците немаат блиски пријатели и на 15.5% им било предавано во текот на оваа учебна година како да се справат со стресот на здрав начин. Во одговорите на овие две прашања нема значајна разлика меѓу машките и женските ученици.

Во 2012, овие проценти се речиси дуплирани. Во Скопје, во 2012 година 9,48 % од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени. Машките ученици (7,18%) значително поретко од женските ученици (12,42%) поголем дел од времето или постојано се чувствувале осамени. Вкупно 11,33 % од учениците поголем дел од времето или постојано се чувствувале толку загрижени за нешто заради што не можеле да спијат навечер во изминатите 12 месеци. Вкупно 33,83% од учениците сериозно размислувале да извршат самоубиство во текот на изминатите 12 месеци во тековната 2012, што за разлика од 2007 година е скоро 5 пати повеќе. Загрижувачки 25,66 % од младите во Скопје правеле план како да го изведат самоубиството што е еден фрапантен податок и податок кој треба да отвори многу прашања и решенија кај надлежните инситуции во нашата држава.

Резултатите од прашањето бр. 15 *"Дали се чувствуваш дека припаѓаш во средината во која живееш?"* се исто така на загрижувачко ниво во однос на корелацијата со појава на малолетнички криминал. Вкупно 64,83% од испитаниците се чувствуваат дека припаѓаат, а пак 35,17% не се чувствуваат дека припаѓаат во средината во која живеат.

Ефикасноста во прилагодувањето или неприлагодувањето на една личност на условите за живот во средината е психолошки процес зависен од потесната или пошироката општествена средина. Во општествата во кои реалните материјалните и духовните потреби не се задоволени поради дезорганизација и експлоатација од човек на човек, често владеат и негативни пороци и заболувања. Оттаму Милутиновиќ, М. (1990) наведува дека нема општествено адаптирање на личноста, ако општеството во кое живее поради својата неорганизираност не е во состојба да оствари потполна општествена кохезија на масите т.е. да ги интегрира сите свои членови, земајќи ги во предвид и поранешните деликвенти. Неприлагоденоста игра многу значајна улога при инкриминирањето на личноста. Но, не може да се каже дека тоа е единствениот фактор кој води кон инкриминирано однесување. Исто така, неможе да се тврди дека ви различни општествени услови не владеар различни фактори на прилагодување. Со помош на разни методи за прилагодување, кај осудените се постигнуваат поголеми или помали успеси на превоспитувањето во текот на издржувањето на казната. Оттаму, теоријата на неприлагоденост само делумно може да ги објасни причините за појава на криминалот. Но, тоа незначи дека инкриминираноста неможе да се поврзува со неприлагоденоста на една личност. Напротив, анализата на неприлагоденоста на една личност кија има корени уште од детството, често пати дава правилен патоказ за разјаснување на криминалитетот.

- Причина за малолетнички криминал – цигарите, пушењето цигари,причините за пушење како и возраста кога прв пат пробале и купувањето на цигари.

Во однос на резултатите поврзани со пушењето, во ова истражување дава малку поинакви резултати од она кое спроведено во 2007 година од страна на СЗО во Република Македонија. Во Скопје, учениците кои пушеле цигари во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена од денот на потполнување на прашалникот се три пати повеќе во однос на оние од 2007 година. Во табела бр. 38 се прикажани резултатите од пушењето во 2007 година и 2012 година односно споредба на одговорите на прашањето: "*Во текот на изминатите 30 дена колку дена пушеше цигари?*".

Табела бр. 38

| | 2007 - Република Македонија | | | 2012 – Скопје | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупен процент на машки и женски | машки | женски | Вкупен процент на машки и женски | машки | женски |
| Во изминатите 30 дена пушеле цигари еден или повеќе дена | 12,5 % | 15,9 % | 14,1% | 44,01 % | 45,49 % | 44,66 % |

Од спроведеното истражување можеме да заклучиме и дека најмногу од малолетниците за прв пат пробуваат цигара на својата 13 годишна возраст (тоа е околу осмо одделение и прва година средно). Можеме да заклучиме дека најкритичниот момент за станување пушач се 13тата до 16тата година од животот на малолетникот. Овој податок треба да ни помогне во смисла на тоа во кој период од животот можеме да влијаеме најмногу на малолетникот за спречување на пушењето.

Како што веќе напоменавме, кај малолетниците е зголемен бројот на пушачи. Цели 24,34% од малолетната популација во Скопје секојдневно пали барем по една цигара. Девојчињата малку повеќе во однос на машките.

Иако во Република Македонија има закон за забрана на продавање на цигари на лица под 18 години, во Скопје само 5,16 % од малолетниците кои влегоа во примерокот на истражувањето биле одбиени од страна на продавачите да купат цигари. Кај 32,34 % од продавачите на малолетниците законот очигледно дека не се почитува. Ова води кон заклучокот дека возрсните се многу повеќе виновни за пушењето на децата отколку тие самите. Секако дека ако малолетниците неможат да купат цигари, бројот на пушачите помеѓу нив ќе биде значително намален.

Причини кои ги наведуваат малолетниците за нивното пушење се: зошто многу сум нервозен; ми ја намалува нервозата; подари нервоза итн.); 40,30% (79 испитаници) одговорија дека причината за нивното пушење е нивното друштво (сите од друштвото пушат; пушам кога ќе излезам со друштвото; пушам само кога искачам итн.). 27,04% (53 испитаници) од испитаниците одговорија дека пушат од навика, а 1,53% (3 испитаници - девојчиња) одговорија дека пушат со цел да си го намалат апетитот.

- Причина за малолетнички криминал – алкохолот и негативните последици од него.

Алкохолната зависност е распространета ширум најразлични општества низ светот. Статистиките покажуваат дека алкохолната зависност допрела и до успешни бизнис директори, талентирани механичари, работници, архитекти и членови на цркви од сите религии. Употребата на алкохол варира зависно од социјалното, културното или религиозното потекло на индивидуата. Некои индувидуи не пијат воопшто – околу една третина од возрасното население во САД, на пример, кое е над 18 години, апстинираат од алкохол. Други пијат како дел од социјалниот обичај. Сеуште, некои пијат често и во прекумерни количини. Тие кои страдаат од алкохолна заисност пијат за да ја задоволат неконтролираната потреба за алкохол за да ги одбегнат непријатните физички симптоми на враќање.

СЗО проценува дека скоро 62 милиони луѓе ширум светот патат од алкохолна зависност. Општата состојба на болеста варира во различни земји. Во Р. Македонија се регистрирани 527 лица болни од алкохолизам во 2002 година, што е приближно 0.02% од населението, додека вистинската бројка на луѓе зависни од алкохол се проценува дека е поголема. За споредба, во САД се проценува дека има околу 15 милиони луѓе кои имаат проблеми поврзани со нивната употреба на алкохол. Од нив, 8.1 милион мажи и жени имаат алкохолна зависност, или приближно 3% од населението. Мажите имаат трипати поголема веројатност да станта алкохоличари во однос на жените, додека луѓето над 65 години имаат најмали стапки на алкохолизам. Во Македонија, но општо и во светот, луѓето кои почнуваат да пијат на рана возраст имаат голем ризик да станат алкохоличари. Проценките кажуваат дека 40% од луѓето кои почнале да пијат на возраст под 15 години ќе станат евентуално алкохоличари во некој момент од својот живот. Овие индивидуалци имаат четири пати поголеми шанси да станат алкохоличари во однос на оние кои го одложувале пиењето до својата 21 година.

Во Република Македонија во 2007 година преваленцијата на употреба на алкохол кај учениците (т.е. пиење барем еден алкохолен пијалок во еден или повеќе денови во

изминатите 30 дена) изнесува 39.4%. Машките ученици (44.2%) значително почесто од женските ученици (34.6%) пријавиле актуелна употреба на алкохол. 35.7% од учениците на возраст од 13 до 15 години консумирале барем еден алкохолен пијалок во изминатите 30 дена. Момчињата (40.8%) значително почесто од девојчињата (30.6%) се изјасниле дека пиеле алкохолни пијалоци во овој период. Од учениците кои испиле алкохолен пијалок (а не само неколку голтки), 61.2% биле помлади од 14 години кога за првпат пробале алкохол. Значително поголем број од машките ученици (71.2%) во однос на женските ученици (47.1%) го испиле првиот алкохолен пијалок на возраст помала од 14 години. Меѓу учениците кои испиле барем еден алкохолен пијалок во изминатите 30 дена, 40.9% испиле два или повеќе пијалоци. Нема значајна полова разлика кај учениците кои испиле два или повеќе алкохолни пијалоци во изминатите 30 дена.

Вкупно 25.6% од учениците испиле толку многу алкохол така што навистина биле пијани еднаш или повеќе пати во животот. Машките ученици (29.7%) значително почесто од женските ученици (21.6%) биле навистина пијани еднаш или повеќе пати во животот. 21.7% од учениците на возраст од 13 до15 години (25.7% момчиња и 17.8% девојчиња) биле навистина пијани еднаш или повеќе пати во животот. 20.2% од учениците биле вовлечени во проблеми со домашните или нивните пријатели, отсуствувале од училиште или учествувале во тепачки како резултат на пиење алкохол еднаш или повеќе пати во животот. Нема значајна разлика по пол во врска со ова прашање. 17.8% од учениците на возраст од 13 до 15 години биле вовлечени во проблеми заради пиење алкохол во текот на животот.

Во истражувањето спроведно и прикажано во овој труд во однос на состојбите поврзани со конзумирањето алкохол кај малолетниците во 2012 година состојбата е следна:

Преваленцијата на употреба на алкохол кај учениците (т.е. пиење барем еден алкохолен пијалок во еден или повеќе денови во изминатите 30 дена) изнесува 77,84 % што е двојно повеќе во однос на онаа во 2007.

Вкупно 47,39 % првиот алкохолен пијалок (се мисли на испиена цела стандардна доза чаша) ја испиле на возраст од 14 – 16 години. 27,06% на 11-13 години, а

12,02% на возраст од 8 до 10 години. 7 години и помалку имале 3,76 % од испитаниците кои за прв пат испиле алкохолен пијалок.

Што се однесува на дозата на алкохолни пијалоци кои младите ги пијат во деновите кога конзумираат алкохол состојбата во 2012 година не е многу променета од онаа во 2007. Вкупно 22,66% од испитаниците обично пијат по 2 алкохолни пијалока; 19,34% по три пијалока дневно; 13,34% по 1 пијалок дневно; 10,66% пијат повеќе од 5 алкохолни пијалоци дневно; 9,44 % пијат по 4 алкохолни пијалоци; 3,34% пијат по 5 алкохолни пијалоци дента кога конзумирале алкохол. Само 21% од испитаниците немаат испиено цел алкохолен пијалок во текот на изминатите 30 дена од моментот на спроведување на истражувањето.

Резултатите од истражувањето кои се однесуваат на алкохолот отвараат навистина загрижувачки прашања за однесувањето на малолетниците како и за малолетничкиот криминал. Од вкупниот број на испитаници во истражувањето 66,34 % барем еднаш во животот биле навистина пијани; вкупно 33,09% од испитаниците во текот на својот живот имале мамурлак, се чувствувале болно, имале проблеми со домашните или пријателите или учевствувале во тепачка како резултат на пиењето алкохол.

- Причина за малолетнички криминал – користењето дрога.

Дрога е природна или синтетичка хемиска супстанца која влијае на физиолошките и психичките (интелектуални, емоционални, мотивациони) функции. Повеќекратна употреба води кон навикнување или (психичка и/или физичка) зависност. Земањето на некои дроги (хероин, крек, кокаин) брзо предизвикува зависност, а наглото прекинување на нивната употреба предизвикува појава на апстиненцијален синдром.

Според Светската здравствена организција, дрога е *"секоја супстанца, која е во состојба да, кога ќе се најде во жив организам, модификува една или повеќе негови функции и да по повторната употреба предизвика психичка или физичка зависност"*. Дрогите главно делуваат на вегетативниот нервен систем.

Во 2007 година во Република Македонија преваленцијата на употреба на дрога во текот на животот (употреба на дрога, каква што е марихуаната, барем еднаш во животот) изнесува 3.0%. Машките ученици (3.9%) значително почесто од женските ученици (2.0%)

пријавиле употреба на дрога во текот на животот. 1.8% од учениците на возраст меѓу 13 и 15 години употребиле дрога еднаш или повеќе пати во животот. Само 29 ученици во примерокот пријавиле дека пробале дрога на возраст помала од 14 години. Вкупно 7.8% од учениците потврдиле дека им било понудено, продадено или дадено дрога во училиште во изминатите 30 дена. На машките ученици (9.8%) тоа им се случило значително почесто од женските ученици (5.6%).

Во 2012 година во Република Македонија преваленцијата на употреба на дрога во текот на животот (употреба на дрога, каква што е марихуаната, барем еднаш во животот) изнесува 13,17% што е скоро пет пати повеќе во однос на 2007 година (односно секоја година бројот на оние кои конзумирале барем еднаш дрога се зголемува двојно повеќе). Нема статистички значајна разлика помеѓу момчињата и девојчињата (м-13,48%; ж-12,8%). Од вкупно 600 испитаници, 86% никогаш не пробале дрога 8% дека прв пат пробале дрога на возраст од 14 до 16 години 3,66% имале 11 до 13 години 0,67% од 8 до 10 години и 1,67% од испитаниците за прв пат пробале дрога на својата 16- годишна возраст. На прашањето "*Доколку си пробал дрога, наведи за каква дрога станува збор:*" одговориле вкупно 43 од 600 испитаници. Од нив, 51,16% (22 испитаници) ја наведоа марихуаната; 30,23% (13 испитаници) кокаинот; 13,96% (6 испитаници) Трамадолот и Дијазепам и 4,65% (2 испитаници) MDMA и други екстази. Разлика помеѓу момчињата и девојчињата во однос на конзумирање на видот на дрогата нема.

Иако 11,83 % и не е голем процент за присуство на дрога во училиштата, сепак претставува доказ дека во училиштата во Скопје е присутна дрогата, а тоа е доказ за криминалното однесување на малолетниците во училиштата во градот Скопје.

- Причина за малолетнички криминал – кладење, коцкање и посетување обложувалници и казина

Во денешниов т.н. период на транзиција, голем бренд стана посетувањето на обложувалници кои во сите градови низ Републикава се најзастапените деловни објекти по улиците. Обложувалниците се симбол за создавање на поголема сума на пари, со мал влог, за кратко време. Токму оваа претстава за обложувалниците ги "мами"

малолетниците да се обложуваат ИАКО ПОСЕТУВАЊЕТО НА КЛАДИЛНИЦА ОД СТРАНА НА МАЛОЛЕТНИК Е ЗАБРАНЕТО СО ЗАКОН ВО Република Македонија.

Оттука, самата посета на кладилници од страна на малолетник претставува прекршување на законот и правење на криминално дело. Вкупно 52,33% од испитаниците не посетуваат кладилници. Според законот на Република Македонија по ова прашање 47,67 % од младите претставуваат престапници и прават криминален акт. Од нив, 14,83% посетиле кладилница 1 или 2 дена во изминатите 30 дена од денот на потполнување на прашалникот; 11,5% 3 или 5 дена; 6% 6 или 9 дена; 5% 10-15 дена; 4,34% повеќе од 15 дена и други 6 % во изминатите 30 дена од денот на потполнување на прашалникот секојдневно посетувале кладилници.

Што се однесува до посетата на казина, од вкупниот број на испитаници, 77,66% никогаш не биле во казино, 21,06% биле неколку пати во казино, а пак 0,75% од испитаниците често одат во казино. Влегувањето на малолетник во казино е забрането со закон и секое влегување претставува криминален акт.

- Причина за малолетнички криминал – склоност кон крадење

Процентуалната застапеност на одговорите на прашањето *Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?* е следнава: Од вкупно 600 испитаници, 77,5% одговорија потврдно, а 22,5% одговорија дека не би украле.

70,5% од испитаниците одговориле позитивно на прашањето *Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник?*. 70,5% одговориле НЕ.

- Причина за малолетнички криминал – проституција

Проституцијата претставува облик на социјално патолошка појава која во својот долг развој и низ сите нејзини појавни форми на манифестирање не ги опфаќа само возрасните, туку и дел од младите членови на општеството. Така, малолетни лица се оддаваат како на хетеросексуална, така и на моносексуална проституција.

Малолетничката проституција е застапена на сите три нивоа (на ниско ниво-како неорганизирана, улична и јавна проституција, на средно ниво како хотелска, туристичка и

саемска тајна индивидуална и делумно или целосно организирана проституција и на високо ниво како некој од бројните облици на тајна организирана проституција), а покажува високо учество во темната бројка, со тенденција на зголемување на бројот на проститутките со пониска возрасна структура.

Во Европа постепено се зголемува долната старосна граница на девојчињата што се оддале на проституција. Машката хетеросексуална проституција во најголем дел ја преминува границата на малолетството и е карактеристичка за старосната група од 18 до 25 години[52].

Повеќемина автори при истаржувањата на малолетничката проституција дошле до сознанија: дека малолетните проститутки најчесто потекнуваат од најсиромашните општествени слоеви, а на проституирањето гледаат како излез од бедата; дека повеќе од половината биле жртви на физички и сексуални злоупотреби. Одреден број од нив се регрутираат и од повисоките општествени слоеви и сл.

Често малолетните проститутки се оддаваат и на вршење одделни видови криминалитет: скитништво, уживање во опојни дроги, нарушување на редот и мирот и сл.

Според резултатите добиени од истражувањето, во Скопје 18,5 % од испитаниците биле принудени да имаат сексуален однос, а 17,33% веќе биле дел од проституција (биле платени за сексуален однос со некои благодети како пари, пијачки во локали итн.) Од 600 испитаници, 29,32% биле девојчиња, а 7,78% момчиња кои биле дел од проституцијата.

Во теоретскиот дел од овој труд се прикажани видовите на проституција. Еден од тие видови е и - Копачи на злато – девојки и машки кои се мажат/женат за богати мажи/жени само заради нивното богатство. Ако се повикаме на оваа класификација, во Скопје 44,99% од младите би стапиле во брак само поради богатство и претставуваат потенцијални учесници во проституција што навистина е загрижувачки. Имањето на богат сопруг/сопруга во нашата држава веќе стана тотална опсесија на огромен број на млади (како што потврдуваат и резултатите од самото истражување).

[52] Томислав Марковиќ, *Малолетничка деликвенција и нејзино сузбивање*, Скопје, Матица, 2002, 168.

Можни недостатоци на ова истражување се бројот на испитаниците (600 испитаници). Колку е поголем примерокот, толку е поголема можноста за генерализирање на ниво на целата популација на малолетници во Скопје.

Ова истражување отвара многу прашања но и многу понатамошни истражувања (на пример за причините поради кои состојбата на малолетниците во Скопје е онаква како што е прикажана во истражувањето; како да се справиме со загрижувачката состојба на малолетниците во Скопје; што да превземеме за подобрување на состојбата) итн.

10. Литература

- Aleksander Franz und Staub Hugo: Der Verbrec her und seine Rijegter Suhrkamp, Frankfurt, 1974
- Ангелски, М: Проституцијата во Македонија, НИО "Студентски збор" – Скопје 1993
- Ангелски, М: Проституцијата во Македонија, НИО "Студентски збор" – Скопје 1978
- Agnew Robert ; Juvenile Delinquency: Causes and Control, Second Edition. Los Angeles:Roxbury Publishing Co, 2005
- Boskovic M., "Kriminologija " Univerzitet u Novom Sadu –Pravni fakultet, Novi Sad, 2006
- Дамовски Андон, Причини за појава на малолетничка деликвенција, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје 2011
- Dinitz S., The Antisocial Personality , Forensic psychiatry and psychology, F.A. Davis,Company Philadelphia, 1986
- Denis Szabo: Criminologije. Les presses de Yuniversite de Monteral, 1965
- Dolard, J.: "Frustration ang agression" Yule University press New Nav, Ehner, Fr: Aufgaben der Kriminologie im Neuen Reich. Monatsschiriftfur Kriminalpsyshologie, 1936
- Eysenck,H.: Crime and personality: Palatin – London 1970
- Ferri, E: La sociologie Criminelle, Paris, 1905
- Friedlander Kate: The Psycho-Analytical of Juvenile Delinquency, Rout lege and Kegon Paul, London - 1967
- Glover Edvart: The Psychology of crime, Columbia University press, New York, 1960
- Gross, H:Kriminal Psychologie, Leipzig, 1905
- Jevtic, D.: Kriminalisticka psihopatologija, Beograd, 1959
- Joskovic. Z., "Kriminologija maloletnickog prestupnistva" Nucna kniga-Beograd, 1991
- Jung, G: Psiholoski tipovi, Beograd, 1963

- Kapor, G: Vojna psihijatrija, Beograd, 1987
- Костова М, Бараковска А, Маказлиева Е. , "Педагогија" Просветно дело – Скопје, 2005
- Korn, R. I McCorkle, L.: Criminology and Penologu, New York – London, 1969
- Klein Melanie: The Psychoanalysis of children, London, 1932
- Lazarevic, Lj. Polozaj nekih kriminoloskih kategorija delikventa u savremenom krivicnom pravu, Pravni zivot, Beograd, 1966
- Љупчо Арнаудовски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 1999
- Mannheim, H.:Comparative Criminology I. Routledge and Kegan Paul, London, 1965
- Merrill,M: Child delinquency, New York, 1965
- Mlagenovik- Kupcevic R., "Kriminologija", Fakultet kriminalistickih nauka-Sarajevo 2001
- Neumeyer, M.: Juvenile Delinquency in modern Society, New York, 1955
- Нелко Стојановски, *Социјална патологија*, Скопје, Просветно дело, 2002
- Рот, Н.: Психологија личности, Београд, 1972
- Rot, N.: Osnovi socijalne psihologije, Beograd, 1972
- Spearman Charles: The American Journal of Psychology 1904
- Saharov, A: Licnosti prestupnikov I pricinah prestupnosti v SSSR, Moskva, 1975
- Томислав Марковиќ, *Малолетничка деликвенција и нејзино сузбивање*, Скопје, Матица, 2002
- Thurston Louis: Multiple Factor analysis, 1944

Прилог 1:

ПРАШАЛНИК

Возраст: ____________ Пол: М Ж Националност ____________
Вероисповед: ______________

1. Колкав е твојот училишен успех?
а) недоволен б) доволен в) добар г) многу добар д) одличен

2. Твоето семејство сметаш дека е:
а) многу сиромашно
б) малку сиромашно
в) ниту сиромашно, ниту богато
г) богато
д) екстремно богато

3. Дали твоите родители се разведени?
а) не, живеам со обата родители
б) не, но живеам само со еден родител/ старател
в) да, моите родители се разведени

4. Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а физички нападнат/а?
а) ниту еднаш
б) еднаш
в) 2-3 пати
г) 4-5 пати
д) 6-9 пати
ѓ) повеќе од 10 пати

5. Во изминатите 12 месеци, дали твоето момче/девојка намерно те удрило, удрило шамар или физички те нападнало?
а) немам момче/девојка
б) да, еднаш
в) да, повеќе пати

6. Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а учесник во физичка пресметка (тепачка)?
а) ниту еднаш
б) еднаш
в) 2-3 пати
г) 4-5 пати
д) 6-9 пати
ѓ) повеќе од 10 пати

7. Во изминатите 30 дена колку пати се однесуваа силеџиски кон тебе?
а) ниту еднаш
б) 1 или 2 дена
в) 3 или 5 дена
г) 6 или 9 дена
д) 10 до 15 дена
ѓ) повеќе од 15 дена
е) секојдневно

8. Во изминатите 30 дена како најчесто беше изложен/а на силеџиство?
а) не бев изложен на силеџиство во изминатите 30 дена
б) бев удиран, клоцан, туркан или заклучуван
в) ми се исмејуваа заради мојата боја на кожа
г) ми се исмејуваа заради мојата вероисповед
д) ми се исмејуваа со сексуални шеги, коментари или гестикулации
ѓ) ми се исмејуваа заради изгледот на моето тело и моето лице
е) бев изложен на силеџиство на поинаков начин ______________________.

9. Во изминатите 30 дена, во колку денови носеше оружје како пиштол, нож или палка?
а) ниту еднаш
б) 1 ден
в) 2-3 дена
г) 4-5 дена
д) 6 или повеќе дена

10. Во изминатите 12 месеци колку пати си се почувствувал/а осамено?
а) никогаш
б) ретко
в) понекогаш
г) повеќе од времето
д) секогаш

11. Во изминатите 12 месеци колку пати си бил/а толку загрижен/а за нешто заради што не си можел/а да спиеш преку ноќ?
а) никогаш
б) ретко
в) понекогаш
г) повеќе од времето
д) секогаш

12. Дали некогаш во твојот живот сериозно си размислувал/а за самоубиство?
а) да
б) не

13. Дали некогаш во твојот живот си правел/а план како би го извел/а самоубиството?
а) да
б) не

14. Колку блиски пријатели имаш?
а) 0 б) 1 в) 2 г) 3 д) 4 и повеќе

15. Дали се чувствуваш дека припаѓаш во средината во која живееш?
а) да
б)не

16. На колку години за прв пат проба цигара?
а) никогаш не сум пробал/а цигара
б) 7 години или помалку
в) 8 или 10 години
г) 11 или 13 години
д) 14 или 16 години
ѓ) 16 години и повеќе

17. Во текот на изминатите 30 дена колку дена пушеше цигари?
а) 0 дена
б) 1 или 2 дена
в) 3 или 5 дена
г) 6 или 10 дена
д) 11 до 20 дена
ѓ) секојдневно

18. Во текот на изминатите 30 дена, дали некој те одбил да ти продаде цигари заради твојата возраст?
а) не се обидов да купам цигари во текот на изминатите 30 дена
б) Да, некој одби да ми продаде цигари заради мојата возраст
в) Не, мојата возраст небеше пречка за да купам цигари

19. Доколку си пушач, наведи неколку причини поради кои пушиш:

20. На колку години го испи првиот алкохолен пијалок?
а) никогаш немам испиено цел алкохолен пијалок
б) 7 години или помалку
в) 8 или 10 години
г) 11 или 13 години
д) 14 или 16 години
ѓ) 16 години и повеќе

21. Во текот на изминатите 30 дена колку дена пиеше алкохолен пијалок?
а) 0 дена
б) 1 или 2 дена
в) 3 или 5 дена
г) 6 или 10 дена
д) 11 до 20 дена
ѓ) секојдневно

22. Во изминатите 30 дена, во деновите кога си пиел алкохол, колку пијалоци обично си пиел во еден ден?
а) немам испиено цел алкохолен пијалок во изминатите 30 дена
б) 1 пијалок
в) 2 пијалоци
г) 3 пијалоци
д) 4 пијалоци
ѓ) 5 пијалоци
е) повеќе од 5 пијалоци

23. Во текот на твојот живот, колку пати си испил толку многу алкохол, така што си бил навистина пијан?
а) ниту еднаш
б) 1 или 2 пати
в) 3 до 9 пати
г) 10 или повеќе пати

24. Во текот на твојот живот колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учествувал во тепачки како резултат на пиење алкохол?
а) ниту еднаш
б) 1 или 2 пати
в) 3 до 9 пати
г) 10 или повеќе пати

25. Во текот на твојот живот, колку пати си употребил било какава дрога?
а) ниту еднаш
б) еднаш
в) 2-5 пати
г) 4-10 пати
д)10-20 пати
ѓ) повеќе од 20 пати

26. Колку години имаше кога за прв пат проба дрога?
а) никогаш не сум пробал/а цигара
б) 7 години или помалку
в) 8 или 10 години
г) 11 или 13 години
д) 14 или 16 години
ѓ) 16 години и повеќе

27. Доколку си пробал дрога, наведи за каква дрога станува збор:

______________________________________________

28. Во последните 30 дена дали некој ти понуди, продаде или даде дрога во училиште?
а) да
б) не

29. Во текот на твојот живот колку пати си имал мамурлак, си се чувствувал болно, си имал проблеми со домашните или пријателите или си учествувал во тепачки како резултат на употреба на дрога?
а) ниту еднаш
б) 1 или 2 пати
в) 3 до 9 пати
г) 10 или повеќе пати

30. Во изминатите 30 дена, колку често посетуваш кладилници/обложувалници?
а) ниту еднаш
б) 1 или 2 дена
в) 3 или 5 дена
г) 6 или 9 дена
д) 10 до 15 дена
ѓ) повеќе од 15 дена
е) секојдневно

31. Дали некогаш во твојот живот си бил во казино и си играл игри како: bauche, black jack, poker итн, или си користел автомати?
а) никогаш
б) неколку пати сум бил во казино
в) често одам во казино

32. Кога би се наоѓал/а во одредена животна ситуација кога хитно би ти била потребна одредена сума пари која во моментот ја немаш, дали би украл?
а) да
б) не

33.Дали доколку си сигурен/на дека не постои апсолутно никаква шанса да бидеш фатен/а би земал/а пари од нечив паричник?
а) да
б) не

34. Дали некогаш си бил/а принуден/а да имаш сексуален однос?
а) да
б) не

35. Дали некогаш ти било платено (во пари, пијачки или други благодети) за да имаш сексуален однос со некоја особа?
а) да
б) не

36. Дали би се омажил/а за богат дечко/девојка само затоа што е богат?
а) да
б) не

Ти благодарам на искреноста и на соработката.